РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1051
Скопје, 1 април 2013 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Умножено на Универзитетот во Скопје
Тираж: 70 примероци

Содржина на Билтен број 1051 од 1 април 2013 година

ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Земјоделскиот институт во Скопје **(Тања Зашева)**.....1

ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

1. Реферат за избор на еден асистент во научната област исхрана на домашните животни на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(м-р Радмила Чрчева-Николовска)**....2-13
2. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје **(м-р Ирена Ераковиќ-Токалиќ)**.....14

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за македонска литература во Скопје **(Тони Јакимовски, Никола Сарајлија, Донс Донев, Милчо Велјаноски, Ирина Јаневска)**.....15

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА

1. Рецензија на докторската дисертација **Андартското движење во Југозападна Македонија(1904-1908)**, од **м-р Димитар Љоровски**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.....16-18

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(Мартин Димитриевски, Ангела Црвенкоска, Емил Јованоски, Лидија Пауновска, Раде Бојациевски, Елена Пандева, Трајче Мирчевски, Љупчо Цветковски, Билјана Арсовска, Горјан Нацински, Розита Мирческа)**.....19-21

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Механизмите на кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан: компаративна анализа**, изработена од **м-р Сергеј Цветковски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....22-29

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Прием на ризик во неживотно осигурување со анализа на прием на ризик во осигурување на стока во транспорт-карго осигурување**, од **м-р Александар Николовски**, пријавена на Економскиот институт во Скопје.....30-33
2. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на факторите на опкружување врз управувањето со ефикасноста и ефикасноста во производството на електрична енергија во Република Македонија**, од **м-р Имер Зенку**, пријавена на Економскиот институт во Скопје.....34-42

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Марија Талевска, Виктор Алексовски, Александар Малетиќ, Сузана Лазаревска, Наталија Крпаровска, Јованка Илиева, Моника Радевска, Александар Маркозанов)**.....43-44

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Реферат за избор во звањето редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Искра Паповска-Димкова)**.....45-58

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по предмети наука за неоргански материјали 1, наука за неоргански материјали 2, керамика 1, керамика 2, груба и фина керамика, огноотпорни материјали, на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Емилија Фидančевска)**.....59-73
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(Сретен Стојковски, Димитар Свирков, Тони Аџоски, Моника Ѓорческа, Горан Србиновски, Драган Миловски, Марта Недановска, Јетон Кучи, Верица Мицева, Мартин Пејчиновски, Кристијан Лончар, Светлана Томиќ Дукоска, Јосиф Турунидов)**.....74-75

МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Машинскиот факултет во Скопје **(Сашо Симоновски, Марјан Томов, Миле Шошевски, Дејан Бошковски, Дејана Глишиќ, Саше Паневски, Игор Илиев, Билјана Јаневска, Велика Ангелкова)**.....76-77

ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник по групата предмети: технологија на пакување, основни процеси во биотехнологијата 1, индустриска микробилоигија, индустриска микробиологија за прехранбени производи, технологија на биополимери, технологија на месо и месни производи и технологија на овошје и зеленчук на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје **(д-р Ирина Младеноска)**.....78-88

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје **(Ивана Крстевска, Бисера Спасовска, Мартин Серафимов, Јане Плавевски, Бобан Ивановски)**.....89

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"

1. Рефарат за избор во соработничко звање-помлад асистент, на работното место истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови во ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(м-р Кристина Димовска)**.....90-95

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(Слаѓана Симоска, Гордана Митева, Роланд Пољоска, Анита Димитријоска-Јанкуловска, Назим Халими Сулејман Гина, Елена Спиркоска)**.....96

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на ракописот за учебник **Семејно право**, од авторите **Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....97-104

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Реферат за избор на соработник во звањето асистент на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје **(м-р Валентина Стеваноска)**.....105-110

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор во наставно-научната област електрични централи и разводни постројки на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје **(д-р Атанас Илиев)**..111-128

ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА

1. Рецензија на докторската дисертација **Оцена на генетската разновидност на многуцветниот грав Phaseolus coccineus L. (syn. Phaseolus multiflorus Willd.) во Република Македонија,** изработена од **м-р Гафур Ајрули,** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....129-134

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Егзилот и уметноста на преместувањето во творечките опуси на Дубравка Угрешиќ и Горан Стефановски,** од **м-р Гоце Смилевски,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.135-141

ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ

1. Рецензија на докторската дисертација **Влијанието на монетарната политика во формирањето и одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот во Република Македонија,** изработена од **м-р Николче Рунчев,** пријавена на Економскиот институт во Скопје.....142-146

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на мајчиниот (албанскиот) јазик во наставата и учењето на англискиот јазик за специфични потреби,** изработена од **м-р Мирван Џемаили,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.....147-152

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Филозофскиот факултет во Скопје **(Марјан Ѓуровски)**.....153

ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА

1. Рецензија на докторската дисертација **Социјално-економска положба на старите лица во албанското семејство во Република Мкедонија,** изработена од **м-р Шкендије Јетиши,** пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје.....154-159

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"

1. Рецензија на докторската дисертација **Улогата на политиката во преструктурирањето на Европскиот суд за човекови права предизвици за судската практика,** изработена од **м-р Викторија Гиерер**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....160-165

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"

1. Реферат за избор во соработничко звање-помлад асистент, на работното место истражувач на народните ора во ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(Стојанче Костов)**.....166-168
1. Реферат за избор во соработничко звање-асистент-истражувач на работното место истражувач на инструменталната музика и народните инструменти во ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(м-р Александра Кузман)**.....169-172

ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА

1. Рецензија на докторската дисертација **Биохемиски статус и ниво на развој на основните моторни вештини кај деца на 7 до 10 години,** изработена од **м-р Александар Ацески,** пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје.....173-180

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставници во сите звања на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Ангелковска, ас. д-р Лилјана Игњатова, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Розе Крстевска, д-р Неџми Манушева, д-р Мира Полазаревска, ас. д-р Кадри Хаџихамза)**.....181-288
2. Реферат за избор на научни работници на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија на Медицинскиот факултет во Скопје **(ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Ангелковска, ас. д-р Лилјана Игњатова, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Розе Крстевска, д-р Неџми Манушева, д-р Мира Полазаревска, ас. д-р Кадри Хаџихамза)**.....289-396

Преглед на прифатени теми за изработка на магистески труд на Земјоделскиот институт во Скопје

ред. бр.	Студент	Тема	Предложен ментор
1	Тања Зашева	Влијание на фолијарното прихранување со ѓубривото Минерал Форте врз приносот и квалитетот кај сортата пиперка куртовска капија (Capsicum annuum L.)	Проф.д-р Даница Андреевска

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСХРАНА НА ДОМАШНИТЕ ЖИВОТНИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, со одлука бр. 0201-3747/4, донесена на седницата одржана на 7.12.2012 година, во врска со објавениот конкурс во весниците "Нова Македонија" од 20-21.10.2012 и "Коха", од 19.10.2012 година, формира Рецензентска комисија за избор во соработничко звање на еден *асистент* во научната област *исхрана на домашните животни,* во состав: д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, д-р Зехра Хајрулаи - Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје и д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

На распишаниот конкурс, во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Радмила Чрчева - Николовска.

По разгледувањето на поднесените документи, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци за кандидатката и нејзината научно-стручна и апликативна дејност

1. Податоци за м-р Радмила Чрчева Николовска

Кандидатката Радмила Чрчева Николовска е родена на 31.7.1974 година во Гостивар. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се запишала во учебната 1993/94 година, на којшто и дипломирала во 1999 година, стекнувајќи се со звањето доктор по ветеринарна медицина.

Од септември 1999 година е вработена на Ветеринарниот институт во Скопје како истражувач најпрво во Лабораторијата за биохемија, потоа во Одделението за контрола на квалитетот на добиточната храна и во Одделението за дијагностика на болести кај овците и козите. Од март 2004 работи во Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во Лабораторијата за контрола на квалитет на добиточна храна, на работното место аналитичар. Од 2003 година доделена и' е настава како помлад асистент по предметот биологија на клетка до 2006, од кога е префрлена на Катедрата за исхрана на домашните животни како помлад асистент. Во 2007 година доделена и е настава по предметот хранливи, лековити и зачински растенија.

Постдипломски студии од областа клиничка физиологија, биохемија и патофизиологија на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје запишала во учебната 2001/02 година и на 24.6.2009 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов „Ефектот на антидијабетична диета врз

биохемиски профил кај лабораториски стаорци со индуциран диабет", со што се стекна со звање магистер на ветеринарни науки.

Учествувала на повеќе семинари, научни собири, конгреси и курсеви.

Кандидатката активно е вклучена во имплементацијата на стандардот ISO 17025 во Лабораторијата за контрола на квалитет на храната. Координатор за квалитет е за стандардот ISO 9001:2008.

Автор или коавтор е на научно-стручни трудови, објавени во домашни или странски списанија или презентирани на научни собири и конгреси.

Кандидатката Радмила Чрчева Николовска активно го владее англискиот јазик.

Научни и стручни трудови

Во својата досегашна научноистражувачка работа, Радмила Чрчева Николовска има објавено дваесет и седум труда, од кои два се рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, број 901 од 14 јули 2006 година, стр. 12-14, при изборот во звањето *помлад асистент- истражувач* и четири рецензирани во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, број 982 од 15 март 2010 година, при изборот во звањето *асистент* во областа *исхрана на домашните животни.*

7. **Чрчева Николовска Радмила**, Ангеловски Љ., Проданов Р., Секуловски П., Благоевска К., Кулишевски С., Јаковљевиќ Д. (2010) Бенефити од употреба на млеко и алтернативи на млеко во исхрана на прасиња. Стр. 57-58, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Во трудот е опишана важноста на употребата на млекото и алтернативите од млеко при исхраната на прасињата во првите денови од животот. Поради релативно неразвиениот дигестивен тракт, стресот при одбивањето од цицање претставува голем предизвик. Стресот при одбивањето не се карактеризира само со социјален стрес и промена на физичката средина, туку и во сосема поинаква исхрана, хранење од хранилка место виме, одделно внесување на вода и хранливи материи, промена на текстура на храната, различен вкус и мирис на храната, пониска хранлива вредност на хранливите состојки во храната во споредба со млекото, отстранување на биоактивните супстанции, присуство на антигени, отрови и други ненутритивни супстанции во храната. Како последица на тоа се јавува синдромот на одбивање од цицање. Тој се карактеризира со намален внес на храна и вода, атрофија на цревата, бактериска транслокација и дисбиоза, малдигестија и малапсорпција. Ова води до намалување на производните параметри, инфекции, дијареа. Последиците можат да се намалат со соодветно хранење кое вклучува поволен состав на храната. Оваа студија ги опишува особините, функцијата и значењето на состојките на млекото за развој и интегритетот на стомакот. Многу е тешко да се најде еквивалентна замена за мајчиното млеко во периодот на одвикнување.

8. **Чрчева Николовска Радмила**, Ангеловски Љ., Проданов Р., Секуловски П., Арсова Г., Кулишевски С., Јаковљевиќ Д. (2010) Системи за контрола на квалитет и безбедност на храна во млиновите за добиточна храна. Стр. 55-56, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Во последните неколку години забележана е контаминација на храна во Северна Америка и Европа. Затоа прехранбената индустрија ги заостри процедурите за контрола на квалитетот и следливост за да се намали ризикот по здравјето на животните и да се задоволат барањата на потрошувачите за побезбедна храна. Земјоделството е составен дел од синџирот на храна. Ставот управуван од пазарот бара од прехранбената индустрија во однос на безбедноста на храната враќање до земјоделскиот сектор се' до примарното производство, и е составен дел на новите закони за безбедност на храната. HACCP - системот е меѓународно признат и е прифатен од страна на Светската трговска организација. Досега HACCP - системот не беше задолжителен во текот на синџирот на земјоделско производство, но, најверојатно, ќе стане задолжителен, ако компаниите сакаат да продолжат да работат на локално и на меѓународно ниво. Можноста за загадување со микробиолошки, хемиски или физички агенси на јајцата, месото, живината и свинското месо од храна е секогаш присутна. Двата најнови примера доаѓаат од Канада (свињи пред колење хранети со добиточна храна со додадени антибиотици) и земјите од Бенелукс (диоксин во храната). Вообичаено, млиновите за добиточна храна успешно ја спроведуваат Добрата производна практика (GMPs) за производство на храна чиста од контаминенти, исто така заштитувајќи ја храната од животинско потекло. Сепак, за зголемување на безбедноста во производството на сурови анимални протеини и за враќање на довербата на потрошувачите, имплементацијата на HACCP- системот во млиновите станува неопходност.

9. **Чрчева Николовска Радмила**, Ангеловски Љ., Проданов Р., Секуловски П., Јанкулоски Д. (2010) Нутритивните додатоци во храната на животните – законска регулатива во РМ. Стр. 53-54, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Регулативата 1831/2003 за адитиви за употреба во добиточната храна ја заменува поранешната Директивата 70/254, како главен правен текст за додатоци во храна. Оваа регулатива ги дели сите адитиви во категории, а потоа во функционални групи. Постојат четири категории - технолошки, сетилни, нутритивни и зоотехнички. Секоја од нив е поделена на функционални групи. Истовремено, во тек се промени кои се вршат од страна на соодветни законодавни структури на Европската унија кои се однесуваат на користење на додатоците во добиточната храна. Тие се базираат на резултатите од мониторингот, како и документација која се бара за обновување на регистрацијата на додатоци во храна и може да доведе до укинување на потенцијалните одобренија за користење на, дотогаш, некои важни додатоци. Со додавањето на овие додатоци во добиточната храна потребно е да се утврди и постапка за утврдување на нивната ефикасност и безбедност. Со мониторинг на влијанието на храната врз безбедноста и квалитетот на храната од животинско потекло се добиваат параметри, кои се користат како основа за дефинирање на стандардите на меѓународната програма за безбедност на храна (Codex Alimentarius).

10. Ангеловски Љ., **Чрчева Николовска Радмила,** Проданов Р., Секуловски П. (2010) Анализа на козјо млеко со блиска инфра црвена спектоскопија. Стр. 43-44, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Квалитетот на козјото млеко зависи од многу фактори кои се поврзани со (раса, бројот и степенот на лактација) со условите на производство (регионот, исхрана, систем) кои имаат доминантно влијание на квалитетот на млечните производи. Целта на оваа студија беше да се процени можноста за определување на масти, лактоза, протеини, и вкупни материи во сурово козјо млеко со користење на Milkoscan 4000. Традиционалните методи за таа цел одземаат многу време и се скапи. И покрај релативно малиот број на примероци вклучени во калибрација на овој модел, средината на инфрацрвена спектроскопија може да биде сигурен метод за одредување на составните делови млеко.

11. Ангеловски Љ., **Чрчева Николовска Радмила**, Проданов Р., Секуловски П., Новаков Т. (2010) Значење на тестовите за оспособеноста во работата на лабораторијата за млеко. Стр. 45-46, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Осигурување на квалитетот на аналитичките резултати е обврска на сите аналитички лаборатории кои имаат тенденција да бидат веродостојни. Со цел да се добие точност и прецизност на резултатите, секоја лабораторија спроведува соодветни програми според МКС EN ISO / IEC 17025:2006. Од 2008 година, и лабораторијата за млеко на Факултетот за ветеринарна медицина е акредитирана во согласност со горенаведената норма. Валидација на аналитичките методи и верификација на параметрите се дел од добрата лабораториска практика. Квалитетот на аналитичките резултати се постигнува преку употреба на референтните методи и уверение за калибрација и со учество во меѓународните испитувања кои се организирани од страна на млечни лаборатории од Германија, Италија и Словенија. Лабораторијата за млеко на Факултетот за ветеринарна медицина има свој протокол за контрола на квалитетот кој е врз основа на аналитички постапки и методи кои се следливи, точни, релевантни и важат за одредена цел. ИСО 17025 е за Организацијата за меѓународни стандарди, а 17025 е кодот за стандардите за компетентност на лаборатории за тестирање. Во принцип, ISO- акредитацијата се залага за: "Велите дека она што го правите и ќе го направите она што го велат." Лабораториите ги запишуваат сите свои постапки во стандардни оперативни процедури (СОП). Потоа, на лабораторијата треба да се покаже дека таа навистина ја извршува низата постапки во согласност со овие СОП- ови. Важна компонента на ISO 17025 е компетентност и евалуација на лабораторијата. Ова значи дека лабораторијата мора да покаже дека не само што ја следи постапка, туку исто така како доаѓа и до точниот резултат. Програмите и статистичката контрола на процесите се користат за да се оцени квалитетот на лабораториските резултати.

12. Благоевска К., Додовски А., **Чрчева Николовска Радмила**, Ангеловски Љ., Новаков Т. (2010) Ефектот на пробиотикот Бонвитал ® (Enterococcus faecium DSM 7134) врз перформансите кај бројлерски пилиња. Стр. 38-39, Денови на ветеринарна медицина, Охрид, 2010.

Овој труд ги истражува ефектите на едносоен пробиотик (Enterococcus faecium DSM 7134) врз перформансите кај бројлерски пилиња. За таа цел, 4000

бројлерски пилиња на хибридот Cobb 500 биле поделени во три експериментални групи А, Б и В, на кои им бил администриран комерцијален пробиотик Бонвитал почнувајќи на старост о 1, 20 и 27 дена по ведење. Времетраењето на експериментот е 36 дена. Група од 1000 пилиња не примала пробиотик и таа претставувала контролна група. Дневниот прираст, количината на консумирана храна, конверзијата на храна и смртноста биле мерени на дневна база. Резултатите биле споредувани помеѓу експерименталните и контролната група. Дневниот прираст, средниот дневен прираст и конверзијата на храна биле сигнификантно зголемени кај групата која примаше пробиотик во храната од првиот ден по ведењето, споредено со другите две експериментални и контролна група. И кај групата што примала пробиотик од 20.ден на експериментот, дневниот прираст и конверзијата на храна биле зголемени во споредба со групата која примала пробиотик од 27.ден. Добиените податоци од истражувањето укажуваат дека употребата на пробиотикот Бонвитал во храната на бројлерите од првиот ден по ведењето (стартер) дава подобри резултати во перформансите на пилињата споредбено со администрацијата на пробиотикот во гроверот и финишерот. Употребата на Бонвитал во стартерот покажува подобра економска ефикасност кај пилињата и истовремено намалувајќи ги загубите и трошоците во интензивното бројлерско производство.

13. Ljupco Angelovski, **Radmila Crceva Nikolovska** (2011) Main factors for high bacterial count in raw cow milk. Agriculture & Forestry, Vol 51 (05) (1-4): 43-50, 2011, Podgorica.

Овој труд има две цели. Првата цел е да ги опише факторите кои многу влијаат на бројот на бактерии во суровото кравјо млеко. Најголемо значење е дадено на изворите за контаминација кои се во внатрешноста на вимето, контаминација на млекото од надворешната средина, влијание на постапките за одржување и чистење на опремата за молзење и, на крај, влијание на температурата и времето на чување на млекото по молзењето. Втората цел е проценка на моменталната состојба во поглед на вкупниот број бактерии во сурово млеко на територијата на Република Македонија, бидејќи тоа е еден од елементите кои го дефинираат квалитетот. За потребите на истражувањето, во периодот јануари-јуни 2009, од неколку делови на Македонија, биле земени мостри од разладните уреди за млеко. Земени биле 3470 мостри сурово кравјо млеко. По обработката на добиените резултати било утврдено дека 56,28% мостри ги исполнуваат критериумите дадени во националното законодавство. Во споредба со ЕУ- законодавството, само 18,04% ги исполнуваат бараните критериуми. Добиените резултати јасно и индиректно ја покажуваат недоволната хигиена во одгледувањето на кравите и неправилното ракување со млекото по молзењето, што е резултат на незадоволителниот степен на едукација на производителите на млеко и хигиенските постапки во примарното производство на млеко.

14. **Радмила Чрчева Николовска** (2011) Ефектите на исхраната во секојдневниот живот на животните. Билтен на Ветеринарната комора на Република Македонија, Број 03, март 2011, Скопје.

Во современиот научен пристап, се повеќе се' посветува внимание на значењето на исхраната врз инфламаторните реакции, ставајќи посебен акцент

на имунитетот и клеточната биологија. Веќе се знае дека одредени болести можат да се отстранат со соодветна исхрана и да се пренасочи патогенезата на болеста. Врз ова, всушност, се базира и еволуцијата на поранешните ставови дека исхраната и нема којзнае какво влијание на полето на инфламаторните процеси. Од претходно кажаното стануваат јасни напорите за појасно дефинирање на квалитетот на исхраната, како и квантитативната застапеност на хранливите состојки во неа. Во трудот подетално се објаснети факторите кој го детерминираат токму квалитетот на исхраната и нивната улога во пооделни стадиуми од животот на организмите. Имено, познато е дека сите производи се состојат од вода, протеини, масти, јаглени хидрати, влакна, витамини и минерали во различни соодноси. Проценката на количината на храна и вода што треба дневно да се консумира е базирана врз соодветните енергетски потреби на организмите. Неопходно е хранливите состојки во исто време да ги задоволуваат и енергетските потреби и потребите за храна и вода потребни за организмот.

15. **Radmila Crceva Nikolovska**, Ljupco Angelovski, Slobodan Kulisevski, Daniel jakoljevic (2010) High beneficial effects of supplemental feeding on udder health and milk composition in dairy cows. Book of abstracts, p. 94 Krmiva 2010, 7-9 June, 2010 Opatija.

Во поново време се' поголемо значење имаат програмите за функционални храни од анимално потекло кои имаат за цел да го осигураат добивањето на основните прехранбени потреби, како и неопходните хранливи материи кои ќе дејствуваат превентивно и терапевтски при појавата на болест. Во овој труд на ревијален начин се претставени можните промени на содржината на подделни есенцијални супстанции преку исхраната кај кравите што доведува до зголемување на количината на млеко. Исто така, во трудовите претставени се и прехранбените препораки кои се резултат на современи истражувања за подобрување на производните и репродуктивните перформанси на животните. Во трудот се претставени ефектите од примената на препаратот MILKINAL 4000+ во оброци на високомлечни крави и неговото влијание на количината и квалитетот на млекото. Вклучувањето на овој препарат во оброкот имал за цел да ги надмине бројните проблеми кој го следат високото производство на млеко, а кои се генерираат во периодот на засушување. Овој додаток во исхраната содржи 23,0% калциум, 4,0% фосфор, 7,0% натриум, 4,0% магнезиум и сите неопходни витамини и микроелементи за крави кој произведуваат повеќе од 7 000 литри млеко по лактација. Ефектите биле испитувани кај 50 крави кои добивале по 240 г препарат дневно, односно 3% во концентрираниот дел на оброкот во периодот на лактација и до 100 г во периодот на засушување. Неговата апликација влијаела на подобрување и зголемување на дигестијата на сувата материја од кабастите храни со што може да се објасни не само зголемувањето на количината на млеко, туку и подобрувањето на неговиот квалитет. Истовремено дошло и до намалување на бројот на соматски клетки, што укажува на подобрување на здравствената состојба на вимето на кравите.

16. **Radmila Crceva Nikolovska**, Trpe Ristoski, Pavle Sekulovski, Risto Prodanov (2010) Histopathology of pancreas in rats with induced diabetes mellitus-

effects of antidiabetic diets. Book of abstracts, p. 127 Krmiva 2010, 7-9 June, 2010 Opatija.

Целта на оваа студија е да се предизвика експериментален дијабет со стрептозотоцин (STZ) кај нормални Wistar- стаорци за да се споредат промените кај нормален панкреас и панкреас кај животни со индуциран дијабет. Експерименталните животни биле поделени во пет групи, контролна, група со антидијабетична храна, група со индуциран дијабет, група со индуциран дијабет и антидијабетична храна и група со индуциран дијабет и инсулински третман. Со интравенозна инекција од 60мг/кг доза од стрептозотоцин бил предизвикан дијабет кој направил промени во панкреасот. Се појавила дегенерација на Лангерхансовите клетки. Стрептозотоцинот предизвикал тип на дијабет кој е многу сличен на diabetes mellitus но без појава на кетоза. Дегенерацијата на Лангерхансовите клетки довела до намалување на секрецијата на инсулин, што предизвикало зголемување на количината на глукагон, соматостатин и панкреасен полипептид.

17. **Radmila Crceva Nikolovska**, Pavle Sekulovski, Srecko Georgievski, Ljupco Angelovski, Katerina Blagoevska (2011) The influence of nutrition (diet tretment) in streptozotocin-induced diabetic rats. Book of abstracts, p. 145 Krmiva 2011, 7-9 June, 2011 Opatija.

Оксидативниот стрес лежи во основата на развитокот на diabetes mellitus, како и на нејзините компликации. Во прилог на ова се податоците добиени од страна на повеќе автори кои регистрирале намалување на концентрацијата на каталитичката активност на ензимите (GPx, SOD). Досегашните резултати од бројните испитувања сврзани со оксидативниот стрес, како и антиоксидативната заштита, особено кај diabetes mellitus, се' уште се недоволни и донекаде контроверзни, за заземање на став во однос на определена терапија.
Експерименталниот diabetes mellitus не се појавува кај сите видови животни, ниту пак има ист степен на тежина. Кај месојадите, експерименталниот diabetes mellitus е тежок и завршува смртно, ако не се контролира со апликација на инсулин, додека, пак, преживарите се поотпорни, покажуваат поблаги симптоми и можат без примена на инсулин да преживеат подолго време.
Прогнозата кај diabetes mellitus зависи од многу причини, како што е рано дијагностицирање и адекватна терапија. Најголемиот број форми на diabetes mellitus можат да се третираат со инсулин. Покрај инсулинската администрација, диетарното регулирање игра важна улога во целосниот режим.

18. Ljupco Angelovski, Pavle Sekulovski, **Radmila Crceva Nikolovska**, Katerina Blagoevska (2011) Use of mid-infrared spectroscopy in the analysis of raw goat milk. Book of abstracts, p. 79 Krmiva 2011, 7-9 June, 2011 Opatija.

Целта на оваа студија е да се испитаат можностите за користење на Milkoscan 4000 во анализа на квалитетот на суровото козјо млеко. За таа цел се испитани процентот на масти, лактоза, протеини и суви материи во козјото млеко. Foss Electir (Hillerod, Denmark) има развиено систем кој може успешно да се користи во тестирање на мостри свежо козјо млеко, а резултатите да се применат во фазите на производство каде што може да се дејствува за постигнување подобри резултати. Мерниот опсег на апаратот се движи во

опсегот 2-15% за масти, 2-10% за протеини, 2-10% за лактоза, 2-20% суви материи, 0,1-0,5% лимонска киселина, 0,01-0,10% уреа и точна на мрзнење 450-550мС. Калибрациската постапка била направена со 10 мостри обработени со рутински методи. Шест од мострите на козјо млеко биле обработени на апаратот, со цел да се демонстрира можноста за користење на апаратот во секојдневната контрола на квалитетот на козјото млеко.

19. Katerina Blagoevska, Aleksandar Dodovski, Florina Popovska-Percinic, **Radmila Crceva Nikolovska**, Ljupco Angelovski, Srecko Georgievski (2011) Effect of Enterococcus faecium DSM 7134 probiotic administration upon serum lipid profile in broilers. Book of abstracts, p. 31 Krmiva 2011, 7-9 June, 2011 Opatija.

Целта на студијата е да се воочат промените во биохемиските параметри во серумот кај бројлерски пилиња. За таа цел 150 Cobb 500 бројлерски пилиња биле поделени на три групи. Групата А била контролна група, хранета со стандардна храна без додаток на пробиотик. Експерименталните групи Б и Ц добивале пробиотик во храната во соодветна однапред одредена концентрација. Крвта била земана неделно во период од 40 дена, и биле анализирани липидниот профил. Триглицеридите, ХДЛ, ЛДЛ и холестеролот покажале сигнификантни разлики во вредностите во споредба со контролната група.

20. **Radmila Crceva Nikolovska**, Pavle Sekulovski, Aleksandra Todorovic, Ljupco Angelovski, Katerina Blagoevska, Snezana Dimitrovska (2012) Dietary fiber-significant nutritient in feed. Book of abstracts, p. 72 Krmiva 2012, May 30 - 1 June, 2012 Opatija.

Во овој труд е обработена проблематиката врзана за важноста на диеталните влакна во исхраната. Мислењето дека традиционалните извори на диетални влакна се одговорни за намалување на енергијата и контаминацијата од микотоксини, посебно во живинарското производство, може да се промени со анализите направени на одреден број мостри земени од фармите на територијата на Р. Македонија. Диеталните влакна имаат позитивно влијание на цревната микрофлора и здравјето на живината. Може да се поделат во две големи групи: растворливи во вода и нерастворливи или невискозни, со ваквата поделба поедноставно е да се објасни нивната различна улога во дигестивниот апсорпциски процес во внатешноста на дигестивниот тракт. Количината и видот на диеталните влакна е многу променлива и различна кај различни растителни материјали. Освен сламата или зрното на житарките, главни суровини со висока содржина на нерастворливи влакна се нуспроизводите од оризот, сончогледовото брашно и палминото брашно. По сите извршени анализи и претходни познавања, а бидејќи нема претходни студии кои би ја покажале оптималната количина на диетални влакна во оброкот, советот кој би го дале авторите е дека содржина од 5 до 8% кај несилки и 2-3% кај бројлери би била идеална за подобрување на сите перформанси на раст.

21. Ljupco Angelovski, Pavle Sekulovski, **Radmila Crceva Nikolovska**, Aleksandra Todorovic, Katerina Blagoevska, Snezana Dimitrovska (2012) Determination of microbiological quality and antibiotic residues in ewe milk. Book of abstracts, p. 110 Krmiva 2012, May 30 - 1 June, 2012 Opatija.

Во целите на овој труд би било како прво да се откријат факторите за микробиолошката исправност на овчото млеко, претставени преку вкупниот број на бактерии и соматските клетки. Втората цел би било откривање на резидуите од антибиотици во млекото. Пробите млеко вкупно 302 од различни фарми во централниот дел на Македонија, биле анализирани во нашата лабораторија со користење на акредитирани методи. Анализите биле извршени на Fossomatic 5000 и BactoScan 8000S (Foss Electric, Hillerod, Denmark). Исто така, бил извршен и скрининг на сите 302 мостри со користење на Delvo SP-NT test (DSM Food Specialties, Delft, The Netherlands), кој покажал 4,3% позитивни и 2,64% сомнителни мостри сурово овчо млеко.

22. Katerina Blagoevska, Aleksandar Dodovski, Andreja Blagoevski, Florina Popovska Percinic, Ljupco Mickov, **Radmila Crceva Nikolovska**, Ljupco Angelovski (2012) Probiotic effect on experimental ochratoxicosis in broilers: hematobiochemical studies. Book of abstracts, p. 84 Krmiva 2012, May 30 - 1 June, 2012 Opatija.

Со оваа студија авторите сакаат да ја покажат важноста од употребата на Enterococcus faecium DSM 7134 во храната на пилиња кај кои било аплицирано еднократно доза на охратоксин А (ОТА) на 14 - дневна старост, со цел да се предизвика експериментална охратоксикоза. Еднодневните пилиња биле поделени во четири групи, од кои првата била контролна група, втората и третата добиле пробиотик во храната во различна концентрација, додека, пак, четвртата група имала аплицирано и доза од охратоксинот и пробиотик во храната. Анализирани биле следниве параметри: вкупни протеини, албумини, глобулини, еритроцити, леукоцити, хематокрит и хемоглобин. Сите добиени резултати по обработката доведуваат до заклучок дека употребата на пробиотик во храната има многу позитивни ефекти во развојот на живината дури и во случаи кога кај нив има аплицирано еднократна доза на охратоксин.

23. Todorovic Aleksandra, Sekulovski Pavle, **Radmila Crceva Nikolovska**, Ljupco Angelovski, Dimitrovska Snezana (2012) Presence of radionuclides in feed in R. Macedonia. Book of abstracts, p. 73 Krmiva 2012, May 30 - 1 June, 2012 Opatija.

За реализација на целите на овој труд анализирана е добиточна храна од различни фарми во Р. Македонија, и тоа 16 мости од фарми за говеда, 16 мостри од рибници и 18 мостри на пченка. Мерењето на радиоактивноста на мострите била вршена без претходна подготовка на мострите на апаратот гама-спектрометар (Canberra Packard). Природните радионуклиди K^{40}, Ra^{226}, Th^{232} и Sy^{137} биле анализирани во мострите. Добиените резултати во трудот се споредувани со дозволените вредности за тие параметри дадени во правилник за максимално дозволени лимити во добиточна храна на радионуклиди и сите биле во дозволените граници.

24. Ljupco Angelovski, **Radmila Crceva Nikolovska**, Ilieski Vlatko, Sekulovski Pavle, Radeski Miroslav. Implementation of eu feed legislative in Macedonia. Feed your knowledge! Workshop, 7-8th June 2012, Barcelona, Spain.

Производството на добиточна храна денес тешко може да се замисли без употреба на хранливи додатоци. Дополнувањата во храната се намерно

додадени во текот на производството, преработката, подготовката, пакувањето, транспортот или складирањето, и тие стануваат дел од финалниот производ. Регулативата за користење на додатоци е во согласност со европското законодавство, но, тоа е "жив" процес кој не е поставен по волја на производителите, но сепак постојат разлики во примената на адитивите на национално ниво во земјите надвор од ЕУ. Тие разлики се огледаат во неопходноста за промени во професионалниот пристап, како и во подигање на свеста на повластени производители, со цел поголема ефикасност и конкурентност, како и за побрзо откривање на сите можни ризици од неконтролирано дополнување со додатоци на храната. Зголемување на степенот на одговорност на повластени производители во земјите надвор од ЕУ е добиено како резултат на барањата на ЕУ за хармонизација на националното со европското законодавство. Регулативата 1831/2003 за адитиви за употреба во храната ја заменува поранешната Директивата 70/254, како главен правен текст за додатоци во храната. Оваа регулатива ги дели сите адитиви во категории, а потоа во функционални групи.

25. **Crceva Nikolovska Radmila**, Sekulovski Pavle, Prodanov Risto, Hajrulai-Musliu Zehra, Angelovski Ljupco, Arsova Gordana, Nikolovski Aleksandar. Legislation and health aspect of nutritional feed supplements, Days of veterinary medicine 3rd International Scientific Meeting, 02-04 September 2012, Ohrid, R. Macedonia.

Како реакција на кризите со безбедноста на храната и добиточната храна, на почетокот на новиот милениум Европската унија усвои нови правила оформувајќи нов систем за безбедност на синџирот на храна од фарма до трпеза, со цел да се зголеми нивото на заштита за здравјето и на луѓето и на животните. Клучната регулатива во оваа област Регулативата бр. 178/2002 го воспостави принципот на анализа на ризик кој се состои од три компоненти (процена, менаџирање и комуникација на ризиците). Пројавените разлики со стариот систем бараат промени во професионалниот пристап, зголемена будност на производителите на добиточна храна со цел поголема конкурентност и ефективност, како и побрзо откривање на можните ризици на неконтролирани додатоци во храната. Зголеменото ниво на одговорност на производителите од земјите надвор од ЕУ е генерирано од барањата на ЕУ за хармонизација на националните легислативи со европската легислатива. Промените во регулативите поврзани со употребата на додатоците во добиточната храна се во процес на подготовка во телата на ЕУ. Тие се базираат на резултатите од мониторингот и прегледот на документацијата за време на обновата на регистрацијата на додатоците за храна во процес во кој може да се очекува лиценците на некои досега дозволени додатоци да бидат повлечени.

26. **Crceva Nikolovska Radmila**, Sekulovski Pavle, Angelovski Ljupco, Arsova Gordana. Implementation of eu legislative in Macedonia related to feed safets, Days of veterinary medicine 2011, 09-11 September 2011, Ohrid, R. Macedonia.

Во овој труд се разработени барањата и нивната имплементација на Регулативата (ЕС) No 767/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 за пласман на добиточна храна на пазарите која стапи на сила на 1 септември 2010. Апроксимацијата со македонската легислатива е целосно

имплементирана и веќе се применува. Во неа е содржан каталогот на ЕУ за добиточна храна, методите за нотифицирање, прифатени се сите критериуми за адитивите и дозволените граници за употреба. Во согласност со член 2 од Регулативата 767/2009, публицирана од Советот (ЕС) број 242/2010 од 19 март 2010, го содржи каталогот на сите основни материјали излистани во Директивата 96/25/ЕС и 82/471/ЕУ, со сите 171 материјал. Поголем број од овие материјали се присутни на пазарот.

27. Arsova Gordana, **Crceva Nikolovska Radmila**, Sekulovski Pavle. Determination of total sugar content and percentage of alcohol in red and white wines originating from Republic of Macedonia, Days of veterinary medicine 2011, 09-11 September 2011, Ohrid, R. Macedonia.

Во овој труд се покажани вредностите за двата испитувани параметра кај бели и црвени вина кои потекнуваат од винарски визби од Македонија. Испитувањата се извршени со користење на апаратурата за контрола на квалитет на вино при Институтот за храна на Факултетот. Во текот на 7 месеци биле собирани мострите вина, и тоа 12 црвени вина "вранец" и 8 бели вина "смедеревка" од различни региони на Македонија - скопски, овчеполски и струмичко-валандовски регион. Процентот на алкохол бил испитуван со акредитирана метода - пикнометриска, додека, пак, процентот на шеќер бил мерен со потенциометриска титрација на Metrohm titrator 848 Titrino plus. Методите што се користат во лабораторијата се преземени од International Organization of Vine and Wine (OIV), Compendium of internal methods of wine and must analysis. Земајќи ги предвид добиените вредности од анализите на виното, донесен е заклучок дека кај белите вина има пониска содржина на шеќер, што укажува и на понизок процент на алкохол, што е спротивно кај црвените вина.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Поаѓајќи од фактот за исполнување на критериумите и посебните услови предвидени со Законот за научноистражувачка дејност, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и актите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, а имајќи ја предвид целокупната досегашна активност во научноистражувачката и апликативна работа на кандидатката и од претходно изнесеното, а земајќи го предвид и досегашното работно искуство на пријавената кандидатка, Рецензентската комисија цени и дојде до заклучок дека кандидатката м-р Радмила Чрчева Николовска ги исполнува сите услови и поседува квалитети, поради што има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да му предложи да ја избере во звањето асистент од областа исхрана на домашните животни.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Ристо Проданов, редовен професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, претседател, с.р.

2. Д-р Зехра Хајрулаи Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член, с.р.

3. Д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, член, с.р.

ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на **докторска дисертација** на **Факултетот за ветеринарна медицина** во Скопје

Ред. бр.	*Име на кандидатот*	*Наслов на темата*	*Комисија*
1.	М-р Ирена Ераковиќ-Токаликќ	Изолација и типизација на лактобацили од различни вински сорти грозје и вина од тиквешкиот регион и нивното влијание врз инхибицијата на Listeria monocytogenes во системи со говедско мелено обликувано месо	1. Проф. д-р Павле Секуловски 2. Проф. д-р Ристо Проданов 3. Проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски труд на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

Студиска програма
Културолошки студии во книжевноста

Ред. Бр.	Кандидат	Тема	Ментор
1.	Тони Јакимовски	Дипломатијата во функција на афирмација на културата и културното наследство Diplomacy in Function of Affirmation of the Culture and Culture Inheritance	проф. д-р Илија Велев
2.	Никола Сарајлија	Преданија и легенди од Струмица и Струмичко Tales and Legends from the Region of Strumica	проф. д-р Марко Китевски
3.	Доне Допев	Оризарството во народната култура во Кочани и Кочанско The Rice Production in the Folk Culture in Kochani and its Surrounding Area	проф. д-р Марко Китевски
4.	Милчо Велјаноски	Обичајното право во записите на Кузман Шапкарев Common Law in the Works of Kuzman Shapkarev	проф. д-р Марко Китевски
5.	Ирина Јаневска	Реалното шоу како културен производ The Reality Show as Cultural Product	доц. д-р Ана Мартиноска

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „АНДАРТСКОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ЈУГОЗАПАДАНА МАКЕДОНИЈА (1904-1908)" ОД КАНДИДАТОТ М-Р ДИМИТАР ЉОРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Научниот совет на ИНИ, на седницата одржана на 18.1.2013 година, бевме избрани во Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Андартското движење во Југозападна Македонија (1904-1908)“ од кандидатот м-р Димитар Љоровски, во состав: проф. д-р Марија Пандевска, проф. д-р Александар Трајановски, проф. д-р Далобор Јовановски, проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова и проф. д-р Македонка Митрова. По извршеното читање на докторската дисертација до Научниот совет на ИНИ ја поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Љоровски со наслов: „Андартското движење во Југозападна Македонија (1904-1908)“ припаѓа на големата тема на односот и интервенионистичката политика на соседите кон османлиска Македонија. Средиштето на оваа тема опфаќа само четири хронолошки години и во неа се разгледува политичката акција на само еден македонски сосед - Кралството Грција, и тоа кон само еден дел од територијата на османлиска Македонија. И една вака срочена кратка констатација би упатувала на фактот дека оваа тема сама по себе и не е толку сеопфатна. Но, тоа би значело дека забораваме дека македонскиот историски период од задушувањето на Илинденското востание до Младотурската револуција е толку згуснат со испреплетени настани и процеси кои се одвивале во активни интеракции меѓу голем број политички учесници (од Империјата и големите сили, до балканските соседи на Македонија и Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација); период на активна и перманентна интервенионистичка политика на спроведување на терор врз македонското население од сите македонски граници; фронтовски линии на неозначени македонски фронтови; период на закрепнување на ВМОРО по задушувањето на востанието и нејзините обиди да ги преструктурира и обнови своите герилски формации во опкружување кога и османлиските војски и странските инструктори и паравојските на нејзините балкански соседи отвораат нови и нови битки кон неа. Во таквата севкупна паравоена интервенионистичка политика, изведена врз територијата на османлиска Македонија без никаво сомнение предимството му припаѓало на Кралството Грција, ако не само по обемот на изведените акции, тогаш сигурно по нивната суровоста. Затоа и задржувањето на фокусот на докторандот м-р Димитар Љоровски само на југозападниот дел од Македонија го има својот логичен след: во детали да се разработат сите досега помалку познати настани поврзани со овие паравоени акции. Ако на ова го додадеме и фактот дека докторската дисретација на докторандот м-р Димитар Љоровски главно се базира на нови објавени извори и литература од грчка провениенција (тука никако не треба да постои сомнеж дека досегашните трудови на македонската историографија се занемарени или заобиколени, напротив тие се користени како основа за истражувањето), тогаш

е јасно дека докторската дисертација што е пред нас претставува новина кон големата тема на тешките македонски години на опстојување од 1904 до 1908.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Димитар Љоровски со наслов „Андартското движење во Југозападна Македонија (1904-1908)“ е структурирана во четири глави со одреден број на подглави во нив, а завршува со пригоден краток „Заклучок“ и со подредени библиографски референци. Самиот труд содржи и доволен број на дообјаснувања и повикувања во фуснотите кои го следат текстот. Меѓутоа, она што на почетокот остава впечаток е изборот на темата за расправа во воведот на оваа дисертација. Имено, докторандот м-р Димитар Љоровски преку инкорпорирањето на модерните теории за формирањето на нациите и национализмот, дава еден концизен одговор на дел од комплексното прашање за суштината на значењето и потеклото на грчкиот национален идентитет, следејќи ги неговите промени и варијабили меѓу религијата, јазикот и територијалноста. Со овој дел од дисертацијата, м-р Љоровски не само што нè воведува во темата на докторската дисертација туку и без да се повикува на денешницата, го лоцира временското и просторното неограничување на актуелниот грчки национален идентитет и иредентизам.

Првата глава на оваа докторска дисертација: „Создавање на грчката нација - држава“, низ своите три поднаслови, од неколку важни аспекти ја следи и хронологијата и суштината на грчката државна политика при формирањето и на државата и при поставувањето на основните концепти и аспирации на нејзиното ширење кон територииите на Османлиската Империја: кон одделни делови населени со грчки емникум, но и кон поголем дел од територијата на Македонија каде што постоело огромно мнозинство на негрчко население. И преку фактографијата, но и со теориската подлошка докторандот м-р Димитар Љоровски ги изнесува основните постулати на надворешната политика на грчката држава и кон Македонија и кон нејзиното население: преку злоупотребата на екуменоста на православната вера, Цариградската патријаршија да го задржи неприкосновениот примат во постојниот османлиски милет систем, конвертирајќи, броејќи и пребројувајќи Грци на една територија која веќе била навлезена во примордијалната фаза на формирањето на посебен македонски национален идентитет. Хронологијата, фактографијата и изнесените тези во оваа прва глава од докторската дисертација на м-р Љоровски директно упатуваат на она што можело логично да следи по избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година - организирано и раководено од Македонската револуционерна организација (од 1896, позната како ТМОРО, а од 1905, како ВМОРО) под лозунгот „Македонија на Македонците“. За балканските соседи на Македонија веќе било јасно дека не може да се пренебрегнува овој автохтон политички ентитет кој активно дејствувал врз забрзаниот процес на формирање на македонската нација и кој ја маркирал територијата на татковината борејќи се за нејзиниот суверенитет. Од тие причини и насловот на втората глава на оваа докторска дисертација е причинско-последичен: „Почетокот на грчката 'македонска борба' “. Во суштина, втората глава ги разработува не само причините за организирањето на грчката т.н. „македонска борба“, туку и првите разузнавачки мисии изведени на теренот, дилемите околу концепциите на кои треба да се базира оваа интервенционистичка политика сè до формирањето на грчкиот „Македонски комитет“ во Атина.

Веќе во третата и четвртата глава на докторската дисертација насловени како: „Андартското движење (1904-1906)“ и „Андартското движење (1907-1908)“, докторандот м-р Димитар Љоровски се префрла кон хронолошкиот принцип на следење на настаните обилно користејќи објавено изворно градиво од грчка провениенција (за жал, познат е фактот дека грчките архиви за вакви истражувања за нас се затворени), испреплетено со сите досегашни достигнувања и сознанија на македонската историографија. Негова цел е да изврши реконструкција на настаните поврзани со сите андартски навлегувања на оваа македонска територија и судирите кои тие ќе ги имаат со своите најлути противници - четите на ВМОРО. Меѓутоа, андартските акции, уште во тоа време, ќе останат забележани и по извршените масакри врз невиното македонско население. Историските пунктови запишани и во документацијата и во меморијата како *Масакарот во Загоричани* или *Зеленичката крвава свадба* се само дел од истражувањето на севкупните состојби на теренот кои докторандот Љоровски ги елаборирал во својата дисертација. Преку овие истражувања на акцијата на андартите, тој не можел да не ја истражи и елаборира и реакцијата на локалните раководства на ВМОРО на ваквиот зголемен притисок на секаков вид терор врз базата на Организацијата - нејзиното селанство. Од тие причини се забележува дека во овој дел на Македонија ваквиот брутален терор, од една страна ќе доведе до пасивизирање на населението во пооделни настрадани краишта, а од друга страна, теророт директно ќе влијае и врз промени во тактиката на војување на поодделните македонски војводи на ВМОРО. Или, едноставно кажано, бруталниот терор каков што го спроведувале андартите врз македонското население (не е можно да не остане врежано во свеста дел од пишуваното сеќавање на еден андартин, во парафразата: „Е денес се изнаклавме до преморување“), не можел да не поттикне терор и кај регионалните раководства на ВМОРО отстапувајќи од утврдените практики на нејзините устави и правилници. Сите овие елементи на богата фактографија и анализа се составен дел на овие две глави на докторската дисертација на докторандот м-р Димитар Љоровски.

Стилот на пишување на докторандот е лесен и разбирлив, и кога се работи за анализа и кога се работи за историски наратив, што овозможува лесно следење на текстот. Фактографијата и анализите се испреплетуваат во една убаво срочена целина, поткрепена со богата библиографија. Од сите овие причини ни претставува чест и задоволство на Научниот совет на ИНИ да му предложиме да ја започне постапката за организирање јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатот Димитар Љоровски под наслов: „Андартското движење во Југозападна Македонија (1904-1908)“.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Марија Пандевска_____
Проф. д-р Александар Трајановски_____
Проф. д-р Далибор Јовановски_____
Проф. д-р Наташа Котлар-Трајкова_____
Проф. д-р Македонка Митрова_____

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Преглед
на прифатени теми за изработка на магистерски труд од наставно-научен совет (јануари 2013)

1. Дигитално процесирање на сигнали

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1.	Мартин Димитриевски	Проценка на перцептуален квалитет на слики и видео без користење на референца	No-reference image and video quality assessment	вон. проф. д-р Зоран Ивановски

2. Електроенергетски системи

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Ангела Црвенкоска	Моделирање и анализа на заземјувачките системи на среднонапонските дистрибутивни мрежи	Modeling and Analysis the Grounding Systems in Middle Voltage Distribution Networks	Проф. д-р Ристо Ачковски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје
Факултет за електротехника и информациски технологии

Преглед

на прифатени теми за изработка на магистерски труд од наставно-научен совет (**февруари 2013**)

1. Електроенергетика

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Емил Јовановски	Работа на производните капацитети во ЕЕС на Македонија во новите услови на дерегулиран пазар на електрична енергија	Power plants operation in Macedonian Power System in new conditions of deregulated electricity market	Проф. д-р Антон Чаушевски

2. Комуникациски и информациски технологии

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Лидија Пауновска	Технички параметри за DVB-T и споредба на моделите за простирање (ITU-R P.1546 и ITU-R P.1812)	Technical parameters for DVB-T and comparison of propagation models (ITU-R P.1546 and ITU-R P.1812)	Проф. д-р Лилјана Гавриловска
2	Раде Бојациевски	Компаративна анализа на алгоритми за пакетско распределување при пренос на сервиси во реално време низ LTE мобилни мрежи	Comparative analysis of scheduling algorithms for real-time services in LTE mobile networks	Проф. д-р Тони Јаневски
3	Елена Пандева	Мобилност во LTE/EPC (Long Term Evolution/-Evolved Packet Core) базирана на DSMIPv6 (Dual Stack Mobile IPv6)	LTE/EPC mobility based on DSMIPv6 (Dual Stack Mobile IPv6)	Проф. д-р Тони Јаневски
4	Трајче Мирчевски	Анализа на хендовер перформанси во мобилни WiMAX мрежи	Analysis of handover performances in mobile WiMAX networks	Проф. д-р Тони Јаневски

3. Компјутерски мрежи и Е-технологии

ред. бр.	Студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Љупчо Цветковски	Анализа на трендот на користење на јазол-кон-јазол апликации за споделување датотеки меѓу популацијата на Република Македонија	Analysis of the Trend of Using Peer-to-Peer File Sharing Applications Among the Population of the Republic of Macedonia	Проф. д-р Љупчо Коцарев

4. Проектен менаџмент

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1	Билјана Арсовска	Проектен менаџмент и деловната стратегија во ИКТ проекти	Project management and business strategy in ICT projects	Проф. д-р Вангел Фуштиќ

5. Компјутерско системско инженерство и автоматика

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор
1.	Горјан Нацински	Робустно управување за справување со ефектите на случајни доцнења и губење на податочни пакети кај вмрежените системи на автоматско управување	Dealing with the Effects of Random Delays and Data Dropouts in Networked Control Systems Through Robust Control	Проф. д-р Миле Станковски
2.	Розита Мирческа	Проектирање на фази управувач за беспилотно летало базиран на генетски алгоритам.	Development of a fuzzy controller for an unmanned aerial vehicle based on genetic algorithm	Проф. д-р Татјана Колемишевска-Гугуловска

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕХАНИЗМИТЕ НА КРИЗНИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН: КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СЕРГЕЈ ЦВЕТКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 33. редовна седница одржана на 19.12.2012 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Механизмите на кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан: компаративна анализа", поднесена од м-р Сергеј Цветковски, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир-одбрана. Комисијата во состав: проф. д-р Марина Митревска, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Тони Милески го разгледа трудот и до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го доставува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Опис на трудот

Трудот на м-р Сергеј Цветковски е изложен на вкупно 373 страници. Интегралниот текст на дисертацијата содржи идејна скица, вовед, четири засебни глави со повеќе поднаслови кои произлегуваат едни од други и меѓусебно се надополнуваат, заклучок и преглед на библиографски единици на 27 страници (кои се групирани во книги, меѓународни извештаи, нормативни акти и други правни документи и елекронска база на податоци), главно на англиски и македонски јазик. Текстот на дисертацијата е поткрепен со 5 слики (од кои 2 табеларни приказа, 2 шематски приказа- блок дијаграм и еден графички приказ) и уште 9 текстуални прилози. Основните делови на трудот се со следниве наслови: (1) Основи на кризниот менаџмент во Западен Балкан; (2) Европската унија и капацитетите за кризен менаџмент; (3) Кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан; и (4) Компаративна анализа на механизмите на ЕУ за кризен менаџмент во Западен Балкан.

Анализа на трудот

Кандидатот се зафатил со истражување на еден актуелен проблем и само делумно истражуван проблем. Неговиот интерес е, пред сè, насочен кон примената на кризниот менаџмент на Европската унија на просторот од Западен Балкан во период повеќе од една деценија. Исполнувањето на оваа цел го наметнува и начинот на неговата анализа- доминантно преку анализа на содржината на документи да се согледа влијанието на кризниот менаџмент на ЕУ за ефикасно разрешување на кризите и посткризните состојби во Македонија, Босна и Херцеговина и Косово. Широката теоретска рамка реализирана низ обемна содржина и огромен број на податоци вметнати во трудот очигледно сведочат дека е направен сериозен напор за да се даде образложение за испитуваната појава, кое е резултат на споредбена анализа на податоците до кои, пак, е дојдено преку нивно собирање и истражување што ги задоволува критериумите на едно фундаментално научно истражување.

Во **воведниот дел** се изложуваат основните причини кои ќе иницираат Европската унија да започне да развива сеопфатен пристап кон кризниот менаџмент, како и искуствата кои произлегуваат од тој процес во контекст на тековните и идни предизвици за просторот на Европа и пошироко. М-р Цветковски настапува со ставот дека анализата на можноста за решавање на кризите ако на почетокот била поставувана во однос на суперсилите, политичките блокови и конфронтацијата во периодот на Студената војна, денес видно изменетата политичко стратегиска ситуација придонесува за промена на значењето на таквите елементи и соодветно, повлекуваат посуптилни пристапи за справување со нив. Новиот политички контекст е нова можност за Европската унија која до почетокот на веков, како исклучиво цивилен актер, играше прикриена улога во стабилизирањето на кризните региони со употреба на економски, технични и политички средства кои ѝ стоеја на располагање. Во таа смисла е и укажувањето дека најзначајната причина за развојот на системот за кризен менаџмент во ЕУ е промената на природата и обемот на конфликтите во периодот на постстудена војна на просторот од Европа, како и декадата на постконфликтна стабилизација на Западниот Балкан. Потребата од концептот на траен мир во таа смисла ќе бара од Унијата да ги придвижи своите стратегиски идеи кон координативно планирање во потрагата по обединети политики на кризен менаџмент кои ќе обезбедат одговор не само во криза, туку и во преткриза и посткризна ситуација.

За да се разјасни ваквото размислување ќе се направи обид да се види дали Европската унија успеала да ги преведе своите концепти во практика. Оттука, авторот ќе се впушти во сложено објаснување обезбедено со анализа на инволвирањето на ЕУ во кризниот менаџмент во рамките на надворешното дејствување на Унијата, каде што сложеноста доаѓа оттаму што на теоретско ниво не постои договор со кој би се опишала улогата на ЕУ на меѓународната сцена, додека истовремено целите на надворешната и безбедносна политика на Унијата се заеднички цели кои се засновани на општите цивилзациски принципи кои ги

поткрепуваат активностите на другите меѓународни организации, но сепак како политички цели не се единствените цели на составните земји-членки.

Ваквото изложување на Цветковски ќе му послужи како основа за понатамошна прво проценка, а потоа и потврда дека Европската унија не мора да се ограничува само на својот регион, туку може да дејствува и глобално. Цветковски исто така потврдува дека иако Унијата товарот од задачите на кризен менаџмент во полн опсег ги споделува со другите безбедносни организации, таа сепак поседува капацитети одредени такви задачи да спроведува наполно сама.

Во втората глава именувана како **Основи на кризниот менаџмент во Западен Балкан** се содржат општите фундаменти за суштината на кризите и справувањето со нив, при што авторот најпрво ја презентира флуидната и нестабилна природа на кризата, која покрај вообичаената негативна конотација, понекогаш може да има и свои позитивни аспекти. Потоа се објаснува процесот на менаџирање на кризите издигнат на ниво на вештина, за чија примена се потенцираат разни воени, политички, економски, хуманитарни, еколошки и други аспекти. Понатаму, Цветковски дава шаблонизирање на најважните активности во менаџирањето на кризи во три сегменти: превенција, оперативно справување во моментот на случување на кризата и кризно заздравување. Како дополнување на ова, потоа прави споредба на кризите на ниво на држава и на меѓународно ниво кои се презентирани како кризи на микро и макрониво, проследена со однесувањето на кризните актери во еден унифициран модел за кризен менаџмент кој ги обединува двете нивоа оличен со дејствија во соодветните фази разделени како почеток, ескалација, деескалација и влијание и соодветните периоди разделени како преткриза, криза, крај на кризата и посткриза. Во контекст на политичко-безбедносните кризи, авторот (размислува за техниките и инструментите кои ќе се користат) нагласува дека проблемот на менаџирање на кризите со политички или воени средства и нивниот третман со помалку или повеќе демократски средства е прашање на правно нормирање, но и практично реализирање. Во континуитет на претходното е поставено прашањето за правното нормирање на моментот во кој еден настан преминува во криза поради самото значење за кризниот актер кој во таква легална сиитуација на криза добива поголема еластичност за справување со неа, добива повеќе ресурси и зајакнат статус и, секако, политички поени доколку целата постапка на менаџирање на кризата е успешно изведена.

Понатаму, авторот од општите поставки на кризниот менаџмент оди кон една поконкретизирана елаборација на суштествените карактеристики на кризите во регионот на Западен Балкан и неговиот потенцијал за произведување на кризи поттикнати најмногу од конфликтите на идентитетите, организираниот криминал и корупцијата, но притоа поаѓајќи од севкупните можности за продуцирање на кризи не заборава да укаже дека сите закани за луѓето и имотот кои екстензивно водат до нарушување на општествениот поредок и државата, можат да бидат оквалификувани како кризи доколку подготовката на државата за нивно менаџирање е несоодветна.

Третата глава е посветена на **Европската унија и капацитетите за кризен менаџмент**, при што низ еден постепен приказ, почнувајќи од развојот на Унијата, се оди кон нејзината заедничка надворешна и безбедносна политика, елаборирана низ позначајните договори за Унијата. Развојот на заедничката надворешна и безбедносна политика е условен од политичката волја на земјите-членки на Унијата за создавање на безбедносна политика која ќе биде помалку зависна од трансатлантската врска, со главна цел Унијата да си го постави својот идентитет на меѓународната сцена. Исто така, авторот се обидува да го сублимира досегашното влијание на одредбите од тие договори врз безбедноста и одбраната на Унијата, како и идните промени кои ќе следат особено по Договорот од Лисабон. Во таа насока, од Договорот од Мастрихт авторот ги потенцира деловите според кои ЗНБП нема да им наштети на одбранбените и безбедносни политики на индивидуалните земји-членки на НАТО и дека ЗЕУ ќе биде користена како платформа за развој на европски безбедносен и одбранбен идентитет, при што на ЗЕУ ѝ беше доверен воен кризен менаџмент познат како „петербуршки задачи". Во врска со Амстердамскиот договор, како позначајна иновација е нагласено интегрирањето на петребуршките задачи од ЗЕУ во ЕУ, со што е зајакната нивната релација и нагласена е улогата на ЗЕУ како европски столб на Алијансата во одбранбеното и военото планирање на НАТО и не помалку значајните измени со воспоставување на политички комитет и на позицијата висок претставник за ЗНБП, кој истовремено во улога на генерален секретар на Советот ќе придонесува за формулирање, подготовка и имплементација на политичките одлуки како асистенција на Советот низ дијалогот со трети страни. Цветковски дополнува во контекст на развојот на заедничката безбедносна и одбранбена политика дека по Амстердам загриженоста дека независниот европски безбедносен столб би го намалил значењето на НАТО како трансатлантски форум, што било иницијација за заедничкиот ЕУ-НАТО Берлин плус договор кој ѝ дозволува на ЕУ за потребите на воените операции да ги користи структурите на НАТО. Главните, пак, измени од Лисабонскиот договор ќе бидат изнесени во контекст на европската безбедносна и одбранбена политика која е извлечена од поширокиот сегмент на заедничката надворешна и безбедносна политика. Така, таа сега именувана како заедничка безбедносна и одбранбена политика е видоизменета со новата позиција на висок претставник за надворешни работи и безбедносна политика, новата Европска служба за екстерна акција која ги координира севкупните активности на кризниот менаџмент, проширување на петербуршките задачи со каталог на силите, приклучување на Европската одбранбена агенција и уште неколку клаузули, од кои клаузулата за засилена соработка е видена како последна шанса наспроти сличната клаузула за постојана структурна соработка која е пореална опција за примена во иднина.

Капацитетите на Унијата за кризен менаџмент, Цветковски понатаму ги објаснува преку интегрираниот приод на кризниот менаџмент кој е елаборирал преку повеќе инструменти за структурални долгорочни и директни краткорочни превентивни дејствија, како и нивни носители кои се испреплетуваат во постојната сложена- до Лисабонскиот договор позната како- столбова структура. Во овој дел, кандидатот ги анализира процедурите и одлуките за менаџирање на

кризи, цивилно-воената координација во контекст на еден сеопфатен пристап кон кризниот менаџмент и раздвоените стратегии на иновации помеѓу двете најначајни институции –Советот и Комисијата- сето тоа во насока на утврдување на севкупните капацитети за воен и цивилен кризен менаџмент на Европската унија. Тежиштето на целата оваа глава претежно е ставено на телата кои ја сочинуваат структурата на кризниот менаџмент како: Политичко-безбедносниот комитет, Воениот комитет и Воениот штаб на ЕУ, помаган од цивилно воената ќелија, која обезбедува капацитети за планирање и управување на независни воени операции на ЕУ, силите за брза реакција, Комитетот за цивилни аспекти на кризниот менаџмент, полициската единица лоцирана во Генералниот директорат Е, капацитети за планирање и оперативна поддршка, единицата за цивилни аспекти на кризниот менаџмент, капацитети за планирање и поддршка, Европската служба за екстерни реакции, високиот претставник, Ситуациониот центар, Институтот за стратегиски студии и др. Како дополнување на структурата која е под одговорност на Советот на ЕУ, Цветковски ја презентира и улогата на механизмите на Заедницата кои се спроведувани под надлежност на Комисијата на ЕУ, превенствено, Единицата за превенција на конфликти и менаџирање на кризи- лоцирана во Генералниот директорат за надворешни односи и притоа не заборава да укаже ниту на улогата на програмите за финансирање под Заедницата, како и улогата на хуманитарната помош и цивилната заштита елаборирани преку Хуманитарната канцеларија на Европската комисија и механизмот за цивилна заштита соодветно. Значаен механизам за подобрена меѓуинституционална соработка, според авторот, претставува и новодонесениот во 2008 година маханизам АТХЕНА, кој овозможува одредени воени операции спроведувани од Советот да бидат финансирани под буџетот на Заедницата. Севкупната ваква сложена структура е прикажана низ активностите за превенција, оперативен кризен менаџмент и посткризен менаџмент согласно со хронологијата на нивниот развој и планирање од ЕУ.

Ставот на Цветковски е дека суштинско за понатамошниот развој на заедничката надворешна и безбедносна политика и понатаму ќе биде создавањето на заедничка политичка волја и подготвеност за дејствување. Понатаму, споредено со другите меѓународни организации кои се играчи во областа на безбедноста како НАТО и ОН- ЕУ изгледа дека е во најповолна позиција да обезбеди интегриран пристап кон кризниот менаџмент и градењето на мирот. Во текот на 10-годишниот развој на капацитетите за кризен менаџмент се покажало дека она што всушност било помалку впечатливо и развивано како второстепена компонента и еден вид коплементарно надополнување на воената структура е практично посилната страна на кризниот менаџмент – неговата цивилна димензија. Останува допрва да се тестираат капацитетите за кризен менаџмент согласно со измените кои се воведоа во системот со Лисабонскиот договор и како тие измени ќе помогнат двата институционални актера - Советот и Комисијата да создадат подобра усогласеност за заедничка употреба на нивните фондови и средства. Клучна за успехот на кризниот менаџмент на ЕУ ќе биде и соработката со НАТО, односно партнерството кое најдобро досега се отсликуваше со *Берлин плус договорот*, кој ѝ овозможува на ЕУ да ги користи структурите, механизмите и имотот на НАТО за спроведување на операции.

Во четвртата глава насловена како **„Кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан“**, авторот тргнал од сопственото убедување дека и покрај тоа што системот на кризен менаџмент на ЕУ бил во зачеток и без целосно изградена структура, анализирањето на неговата примена е добра можност да се согледа како тогаш новодонесените правни текстови на Унијата биле применувани и адаптирани согласно со ситуацијата на теренот во Западен Балкан. Во оваа глава се издвојуваат две целини: Оперативен кризен менаџмент и Структурен кризен менаџмент. Првата целина ги третира примената и тестирањето на способностите за т.н. краткотраен кризен менаџмент во случајот со Република Македонија, односно практичната апликација на економскиот и политички притисок комбиниран со вештината на преговарање на меѓународниот фактор под водство на високиот претставник за ЗНБП на ЕУ- Хавиер Солана. Втората целина, пак, опсежно го разработува долготрајниот кризен менаџмент низ три различни аспекти. Прво, воените и цивилните мисии на Европската унија кои беа спроведени во Западен Балкан. Конкретно, кандидатот ја анализира полициската мисија на Европската унија во Босна и Херцеговина-ЕУПМ- со сите нејзини достигнувања и главни недостатоци извлечени од процесите поврзани со полициската реформа и предизвиците за ефективноста на мисијата произлезени од рефокусираните цели со продолжување на мандатите на мисјата и нивното изменување, ревидираните стратегии и различните транзициони активности на стабилизација. Во продолжение, Цветковски ги анализира воените операции: Конкордија во Македонија и Алтеа во БиХ, со нивната улога за стабилизација. Исто така, посебен акцент кандидатот посветил на Полициската мисија во Македонија- ЕУПОЛ Проксима со нејзината стратегија на двоканален пристап - спроведувана во една веќе преполнета меѓународна сцена- инволвирана во реформите во секторот за внатрешни работи и полиција како и нејзиниот наследник за пополнување на вакуумот во безбедносното присуство на Унијата во Македонија: Тимот на ЕУ за советување на полицијата ЕУПАТ. Во овој дел, во фокусот на интересот е и анализата на мисијата на ЕУ за владеење во правото во Косово-ЕУЛЕХ. Додека, пак, вториот аспект го сочинува гледиштето на авторот за улогата на мисиите на цивилен кризен менаџмент под ЕБОП како инструменти на некогашниот трет столб на Унијата и третиот аспект на долготрајниот кризен менаџмент низ препораките и активностите на Европската комисија во контекст на генералната политика на ЕУ во Западен Балкан која е видена како спој помеѓу проширувањето на Унијата и цивилниот кризен менаџмент.

Глава пет именувана како **„Компаративна анализа на механизмите на ЕУ за кризен менаџмент во Западен Балкан“** дава една подлабока презентација на употребените инструменти за кризен менаџмент на Европската унија во Западен Балкан преку една споредбена анализа на повеќе нивоа. Конкретно, м-р Цветковски прво прави споредба на употребените воени инструменти, односно воените операции Конкордија и Алтеа кои се слични во својот мандат, но се прилично различни во траењето и ангажираниот потенцијал. Потоа, направена е споредба помеѓу цивилните мисии преземени под ЕБОП, при што споредбата дополнително се разгранува во споредба помеѓу цивилните

инструменти на Комисијата на ЕУ и цивилните мисии (Полициската мисија, Специјалниот претставник на ЕУ, Советодавниот тим на ЕУ, сите тие во Македонија како една страна, од втора страна, Канцеларијата на меѓународниот цивилен претставник и Полициската мисија во БиХ и третата страна, Мисијата за владеење на правото во Косово).

Извлечени од ваквата повеќеслојна анализа се презентирани главните карактеристики на овие механизми, нивните вредности, но и нивните регистрирани слабости во функција на идно подобрување на способноста на ЕУ за кризен менаџмент. Така, додека Конкордија успешно ќе ја тестира способноста на ЕУ за спроведување воена мисија, за Проксима Цветковски ќе констатира дека двоканалниот пристап на Унијата во Македонија ќе ја доведе во прашање смислата на кризен менаџмент и неговата имплементација од Советот како брза реакција во кризна ситуација. Во Македонија за првпат применетиот механизам на *двокапост* во функционирањето ќе се покаже како прилично успешен на теренот, иако во Брисел и понатаму ќе се води меѓуинституционална војна за територии. Авторот констатира дека во Босна и Херцеговина, воената мисија Алтеа ќе ја демонстрира способноста на Унијата да ја реализира амбициозноста за да се оди подалеку од тоа да се биде традиционална цивилна сила, додека, пак, Полициската мисија ЕУПМ, иако пионер во цивилниот кризен менаџмент, релативно успешно ќе ги извршува своите бројни задачи цела декада. ЕУЛЕХ во Косово е уникатна мисија која е пример за широк мандат, голема цивилна операција и овластување за извршни активности, која и покрај тоа што се судри со извесни проблеми на почетокот од нејзиниот мандат, веќе неколку години успешно го помага спроведувањето на правото благодарение токму на воспоставениот контролен механизам.

Трудот завршува со прилично екстензивен заклучок, во којшто се презентирани најсуштинските сознанија до кои дошол кандидатот во изучувањето на оваа мошне интересна и значајна тема. Заклучоците ја потврдуваат општата хипотеза дека примената на механизмите на кризниот менаџмент на Европската унија во кризните простори од Западен Балкан придонесува за поголема ефикасност на севкупниот процес на менаџирање на кризите и олеснување на процесот на посткризна реконструкција и стабилизација на општествата од регионот. Поконкретно, навремената примена на кризниот менаџмент на ЕУ во Македонија придонесе за попречување на граѓанската војна и брзо враќање на меѓуетничката рамнотежа, а подоцна помогна во процесот за стабилизација и интеграција на земјата. Мисиите на кризен менаџмент во Босна и Херцеговина исто така го помогнаа процесот на стабилизација и градење на мултиетничка држава, додека, пак, тековната мисија во Косово, заснована на претходните искуства на ЕУ на Балканот, е фокусирана на изградба на институции и механизми за владеење на правото.

Оцена и предлог

Докторската дисертација под наслов „Механизмите на кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан: компаративна анализа", поднесена од м-р Сергеј Цветковски, претставува сложен и обемен научен труд, темелен на широко разработена теориска рамка на истражување на политичко безбедносна и општествена проблематика, поткрепена со систематско собирање на документирани факти и последователна нивна анализа кои се употребени во презентацијата на специфични сознанија за улогата на влијанието на кризниот менаџмент на Европската унија во Западен Балкан. При изработката на трудот, докторандот се придржувал до соодветната методологија за изработка на докторска дисертација и користел јасен стил на презентација на содржината. Поаѓајќи од актуелноста и интересот што го побудува овој разработен проблем, може да се тврди дека трудот претставува придонес во научната проблематика од областа на безбедноста и одбраната.

Ова истражување во целост ги исполнува условите предвидени со законските акти за стекнување докторат. Оттука, Комисијата има особена чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го усвои овој позитивен извештај, а на кандидатот да му закаже термин за усна одбрана на дисертацијата.

Скопје, 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
2. Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.
3. Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
4. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
5. Проф. д-р Тони Милески, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ" ОД М-Р АЛЕКСАНДАР НИКОЛОВСКИ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање постдипломски студии и стекнување докторат на науки, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Александар Николовски, под наслов ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 85 седница, одржана на 16.11.2012, со одлука бр. 02-2366/2 од 21.11.2012, не' именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот м-р Александар Николовски, ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ, обработува специфична, современа и актуелна проблематика од областа на осигурувањето и меѓународниот финансиски менаџмент.

Основна цел на дисертацијата е преку анализирање на современиот теоретски, но и практичен осигурителен инструментариум, да се елаборираат сите ризици со кои се среќава осигурителниот сектор во целост и посебно, осигурувањето на транспортот, како многу важна алка од меѓународната трговија и бизнис, а потоа и начинот на управување, мерење и справување со овие видови ризици. Познато е дека транспортното осигурување е најсложена класа на неживотното осигурување, а воедно е и најпримену̀вана. Тоа е осигурување на стока за време на транзит, во процес на превоз, која за цело време е изложена на различни видови ризици кои можат да потекнуваат од самиот вид на стоката или од бројни други субјективни околности (намерни или ненамерни ситуации, невнимание, пропусти, непредвидливи непогоди и слично). Од таа гледна точка, оправдано, во поголем дел трудот е фокусиран на ризикот, како предуслов за какво било инвестирање и соодветно на тоа, за големината од очекуваниот принос. Секако дека во справувањето со различните ризици, а во конкретниот случај-транспортното осигурување, компаниите користат различни стратегии и тактики, односно различно се однесуваат при приемот на ризикот.

Вредноста на трудот е што оваа современа светска проблематика е разработена во македонски констелации. Преку конкретни примери е анализирана работата на нашите компании кои работат со транспортното осигурување. Нивната не/успешност е

детерминирана од низа истражувани фактори, домашна и меѓународна правна рамка, деловни практики, вклучително и корпоративното работење. Со право е констатирано дека секторот работи во исклучителни комплексни и динамични глобални услови, а Република Македонија треба уште многу да направи за да биде на ниво на светските практики и да овозможи побрз раст на земјата.

Во текот на изработката на дисертацијата е користена современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување. При изработката на трудот, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ, поднесена од кандидатот м-р Александар Николовски, има 223 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, четири глави и заклучни согледувања, а користената литература содржи 8 страници со 185 библиографски единици.

Во првиот дел под наслов „Ризик, видови и типови на ризик во осигурувањето“, кандидатот теоретски ги разработува поимот и суштината на ризиците со кои се соочуваат во своето работење финансиските институции-осигурителните компании. Притоа, во најголем дел разработени се ризиците во неживотното осигурување и посебните ризици во задолжителното осигурување согласно со одредени закони или посебни меѓународни билатерални и мултилатерални спогодби

Вториот дел од докторската дисертација под наслов „Управување со ризици во доброволно неживотно осигурување“, низ теоретски-практичен спој е посветен на процесот на управување преку определување на моделот и неговите елементи и фази, анализата, етиката, професионалната комуникација и другите неопходни тактики и техники кои се факторски насочени кон сложениот пристап за прием на ризик во осигурувањето. Притоа, кандидатот направил приказ на степенот на развој на приемот на ризик низ целиот свет, издвојувајќи ги последните иновации во оваа сфера. Како такви ги посочил практиките во кои современите осигурителни компании со формирање наменски организациони единици со висококостручени и посветени кадри успешно се справуваат со деловните ризици во транспортното осигурување.

Во третиот дел од докторската дисертација „Прием на ризик во осигурување на стока во транспорт-карго осигурување”, се обработени видовите на транспортно осигурување. Притоа, за секој вид се презентирани техниките на работење, посебно за транспорното осигурување од сите видови ризици. И на крајот од овој дел се објаснети Инкотермс 90 клаузулите на Светската трговска комора, со која се регулираат правата и обврските на продавачот и купувачот во меѓународните трговски договори, особено во дејноста транспорт.

Четвртиот дел, под наслов „Процена на ризик во неживотно осигурување со анализа на процена на ризик во карго осигурување“, дава приказ на деловната практика во Република Македонија преку презентирање на имплементацијата на претходно наведените односни теории и методологии за процена на ризик во соодветното осигурување. За таа цел се анализира македонскиот осигурителен пазар, се компарираат релевантните информации за повеќе македонски осигурителни компании, со посочување на факторите за успешност. Како такви се идентификувани квалитетот на менаџментот и корпоративното работење,

потоа е разработена улогата на осигурителните брокери и.т.н., за да се направи резиме на моменталната состојба со транспортното осигурување во земјата, како и правците на развој, имајќи ги предвид промените заради хармонизација со европското законодавство и практики.

Во заклучните согледувања се сумирани главните сознанија од истражувањето на докторската дисертација, со нагласка на кандидатот дека ако во развиените економии осигурителниот бизнис е многу развиен, во Република Македонија е се уште на маргините на развојот, особено транспортното осигурување. Аналогно на овој заклучок следува констатацијата дека ако светските мултинационални осигурителни компании се најбогати компании во светот, овој бизнис е многу профитабилен и просперитетен и, како таков, треба да биде предизвик за деловните кругови во земјата. Притоа, битно е како ќе се постават и презентираат самите компании во премостување на јазот на недоверба и воспоставување позитивни практики за сите видови осигурувања, затоа што современието е исполнето со секакви неизвесности и ризици, а штетите можат да се намалат или ублажат ако се споделат со специјализираните компании кои нудат сигурност. Со право, заклучува кандидатот, ова е основата на меѓународните финансии и трговија, односно од степенот на сигурност ќе зависи довербата во меѓународните пазари на што се темели енормната економска глобализација.

Во тој контекст, заради либерализацијата и конкуренцијата, транспортното осигурување во РМ ќе добива на значење. Прашање е кој треба да го направи првиот чекор, за што кандидатот дава неколку препораки во насока на унапредување на системот на осигурување во земјата.

ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Николовски со наслов ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на осигурувањето.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертацијата претставува концепциски заокружен приказ за неживотното осигурување и осигурување на стока во транспорт во земјата. Оттаму, оправдани и корисни се сугестиите на кандидатот за промени во сите процеси, како на национално, така и на локално ниво.

Членовите на Комисијата се едногласни во оцената дека кандидатот м-р Александар Николовски во докторската дисертација ПРИЕМ НА РИЗИК ВО НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СО АНАЛИЗА НА ПРИЕМ НА РИЗИК ВО ОСИГУРУВАЊЕ НА СТОКА ВО ТРАНСПОРТ-КАРГО ОСИГУРУВАЊЕ, успеа успешно да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување. Поставените тези во дисертацијата успешно и аргументирано се обработени.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација;

2. на кандидатот м-р Александар Николовски да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 10 март 2013 година

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1. _____
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/ с. р.

2. _____
// Д-р Климе Попоски / с. р.

3. _____
/ Д-р Климентина Попоска / с. р.

4. _____
/Д-р Биљана Ангелова / с. р.

5. _____
/Д-р Наташа Данилоска / с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ВЛИЈАНИЕТО НА ФАКТОРИТЕ НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ВРЗ УПРАВУВАЊЕТО СО ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ИМЕР ЗЕНКУ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ во СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Имер Зенку со наслов **ВЛИЈАНИЕТО НА ФАКТОРИТЕ НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ВРЗ УПРАВУВАЊЕТО СО ЕФИКАСНОСТА И ЕФЕКТИВНОСТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 87. седница одржана на 19.12.2012, донесе одлука бр. 02-2745/2 од 25.12.2012 за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација, во состав:

1. д-р Дејан Пендев
2. д-р Васил Поповски
3. д-р Биљана Ангелова
4. д-р Снежана Костадиноска-Милошеска
5. д-р Неда Петроска Ангеловска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата до Советот на Економскиот институт во Скопје го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

I. Општи согледувања

Докторската дисертација „Влијанието на факторите на опкружувањето врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во Република Македонија“ од м-р Имер Зенку обработува исклучително

интересна и актуелна проблематика од областа на производството, преносот, дистрибуцијата, стратегискиот менаџмент, регулацијата, конкурентноста и пазарот на електрична енергија.

Во трудот предмет на анализа е влијанието на факторите на опкружувањето врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во функција на подобрување на перформансите на производителите на овој енергенс. Стратешкото планирање на производството на електрична енергија е неопходно затоа што со неговата примена се зголемува веројатноста дека сите расположливи ресурси ќе бидат мобилизирани и најефикасно употребени во постигнување на стратегиските цели. Меѓутоа, проценката на влијанието на екстерните фактори на електроенергетскиот сектор е од суштинско значење за менаџирањето на формулирањето, имплементацијата и евалуацијата на стратегијата за одржлив и конкурентски развој на производството на електричната енергија. Во таа смисла, екстерните фактори, а под притисок на глобалните, регионалните и државните процеси и либерализацијата на енергетските пазари, ќе влијаат на менаџирањето, финасирањето, инвестирањето, организационите форми и слични аспекти на производството на електрична енергија на земјите од ЕУ и Република Македонија. Оттука, енергетските политики на секоја европска земја и на Република Македонија треба во континуитет да се соочуваат со големи предизвици како што се: сигурноста на испораката на енергијата, гарантирањето на слобода на избор за потрошувачите по прифатливи цени, ефективноста во производството и потрошувачката на енергија, влијание врз животната средина и одржувањето на конкурентската позиција.

Актуелноста на проблематиката е значајна и од аспект дека развојот на електроенергетскиот систем на Република Македонија претставува процес кој бара бројни и сложени технолошки, економски, правни и други реформи, кои треба да се спроведуваат во подолг временски период, во насока на интеграција на домашниот систем во регионалниот пазар на електрична енергија на Југоисточна Европа (ЈИЕ), и тоа како етапа кон негова целосна интеграција во внатрешниот пазар на енергија на Европската унија (ЕУ). Имајќи го предвид наведеното, актуелноста на истражувањето за влијанието на факторите на

опкружувањето врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во Република Македонија е мошне значајно.

При изработката на овој труд е користена соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

II. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација **„Влијанието на факторите на опкружувањето врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во Република Македонија“**, поднесена од м-р Имер Зенку, содржи вкупно 384 страници. Основниот текст опфаќа 342 страници и се состои од вовед, седум глави и заклучни согледувања. Во докторската дисертација се поместени 32 страници прилози. Во списокот на користената литература се наведени над 210 релевантни библиографски единици од домашни и странски автори, како и извештаи од соодветни институции и интернет - страници.

Во ***воведот,*** кандидатот ги дава воведните торетски излагања за предметот на работа, целта на истражувањето, методологијата на истражувањето, како и структурата и организацијата на трудот. Во воведот е поместена и користената методологија на истражувањето на која се темелат сознанијата од трудот.

Во првата глава со наслов: „Улогата на енергијата за социо-економскиот развој во светот“, се елаборираат теориските основи за енергијата и енергетските ресурси, како и трендовите и проекциите за глобалната потрошувачка на енергија. Врз основа на теоријата и емпиријата се анализираат неколку „мастер“ прашања кои се поврзани со енергијата и енергетските ресурси. Имено, се разработуваат прашањата за цените на енергентите, долгорочната расположивост на енергетските ресурси и балансирањето на економските и еколошките текови со цел да се остварува долгорочно намалување на испуштање на штетни отпадни материи во животната средина. Понатаму, се разработува проблематиката за значењето на енергијата за економскиот раст. Притоа, се аргументира дека енергијата за различни држави и за различни временски периоди има различна

факторска улога за економскиот раст. Во оваа глава се елаборираат функциите и системите на електроенергетските капацитети, како и аспекти за сопственичките структури и нивното влијание на процесите на регулација/либерализација на индустријата за електрична енергија. На крај се објаснува значењето на ефикасноста и ефективноста во електроенергетските организации како мерило за користење на расположливите ресурси и остварување на организациските цели и се аргументира дека перформансата не е само финансиски резултат, туку углед и вредност за сите заинтересирани страни кои имаат интерес за успехот на електроенергетскиот сектор. Во таа смисла, се прави осврт за енергетската ефикасност на производството на електрична енергија во Република Македонија.

Во втората глава со наслов: „Внатрешниот пазар на електрична енергија во ЕУ", се елеборира настанокот и развојот, како и целите и предизвиците на внатрешниот пазар за електрична енергија на ЕУ, а потоа се разработуваат одлучувачките фактори кои треба да бидат формулирани како приоритети, во насока на конструирање на национални пазари, индустриски структури, преносни систем оператори (ПСО) и регулатори. Притоа, фокусот е насочен на причините кои тие фактори ги прави клучни во градењето на внатрешниот пазар и чии приоритети и/или оперативни активности треба да бидат основа за изградбата на единствениот пазар на електрична енергија во Европската унија.

Во третата глава со наслов: „Инвестирање во одржливост на пазарот на елекрична енергија во ЕУ" се елаборираат принципите на кои се темели електроенергетскиот сектор, а кои се поврзани со одржливоста на европскиот енергетски модел за производство, потрошувачка и пристап до електричната енергија. Притоа, се опфаќаат аспекти во врска со одржливоста на сегашниот енергетски модел. Поточно, се анализираат долгорочните сценарија за: испораката на електрична енергија во Европа, обезбедувањето на квалитетна електричната енергија, влијанието од усвојувањето на различни стратегии на енергетската политика, понатаму се прават проценки на европската зависност од енергија, достапноста на електричната енергија, цената на енергентите, како и влијанието на конкуренцијата и улогата на регулаторите врз развојот на одржлив пазар на електрична енергија во Унијата. Потоа, се анализираат механизмите за реакција со цел да се изгради одржлива електроенергетска перспектива. Потоа, се

обработуваат главните пристапи кои ги третираат прашањата за одржливост на енергетскиот модел, односно потрошувачките мерки за подобрување на ефективноста и заштедата на енергија, значењето на производството засновано на фосилни горива, придонесот на обновливите енергетски извори и производството во нуклеарни електрани, како и меѓународната соработка со цел да се обезбеди сеопфатен пристап за современи форми на енергетски организации. На крајот од оваа глава се аргументира значењето на истражување и развој, и тоа во контекст на производството и потрошувачката на електрична енергија.

Целта на ***четвртата глава*** со наслов: „Либерализација на пазарот за електрична енергија во ЕУ“ е да се елаборира дека принципите на застарената парадигма за регулацијата на електроенергетските системи не дозволуваат конкурентност помеѓу снабдувачите на електрична енергија, а со тоа не овозможуваат примена на ефикасни и ефективни форми на управување со системите. Во таа насока се аргументираат потребите за либерализација на електроенергетскиот сектор од аспект на долгорочниот развоен тренд на технологијата, приватизацијата, стимулирањето на иновациите и други фактори. Понатаму, се укажува дека либерализацијата на производството, преносот, дистрибуцијата и потрошувачката на електична енергија не се ниту подобри, ниту полоши за структурирање на електроиндустријата, односно дека треба да се формулира соодветен баланс помеѓу можностите и заканите кои произлегуваат од таквата либерализација на пазарот за електрична енергија. Во таа насока се обработуваат аспекти за монопол на правата за дистрибуција, формирање на заедничко тело и конкуренција на ниво на големопродажба и малопродажба. На крајот на оваа глава се разработуваат краткорочните и долгорочните ефекти од либерализацијата, цените на електричната енергија и сопственичките структури на енергетскиот сектор во различни земји.

Во петтата глава со наслов: „Подготовка на електроенергетскиот систем на Република Македонија за интеграција во внатрешниот пазар на ЕУ“ се анализираат карактеристиките, состојбите и промените на организационите единици на електроенергетскиот систем по осамостојувањето на Република Македонија, и тоа во контекст на нивното структурно реформирање. Во тој контекст се анализираат: правната рамка, разните институции во државата, како и

состојбите на капацитетите на електроенергетскиот систем, односно производството на електрична енергија - Електрани на Македонија (АД ЕЛЕМ), електропреносниот систем (АД МЕПСО), дистрибуцијата на електричната енергија (ЕВН Македонија АД), како и ТЕЦ Неготино. Во таков контекст се прави критичка анализа на постојните стратешки електроенергетски определби, и тоа со посебен осврт за инвестициите за одржување на постојната електроенергетска структура и инвестициите во нови објекти кои се предвидени во стратегијата за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија, како и проценките за потребните финансиските средства за реализација на инвестициите. Во оваа глава се анализираат местото и улогата на Република Македонија како членка на енергетската заедница на ЈИЕ. Притоа, во анализите се обработуваат обновливите и необновливите извори на енергија и нивното влијание врз електроенергетскиот систем на земјата. На крајот на оваа глава, фокусот е ставен на досегашните достигнувања на земјата во насока на остварување на обврските од acquis кои Република Македонија ги преземала со потпишувањето на Договорот за формирање на Енергетската заедница.

Во шесттото поглавје, „Анализа на опкружувањето на секторот за призводство на електрична енергија", се елаборира примената на концептите и техниките за анализа на опкружувањето во контекст на општото, конкурентското и интерното опкружување. Во согласност со таа намера, се прави структурирање на факторите кои се суштински за функционирање и развој на производството на електрична енергија во Република Македонија. Во таа смисла, анализите на општото опкружување се фокусираат на политичкото, економското, општественото и технолошкото опкружување, Додека, пак, со примената на СВОТ - матрицата (силни, слаби страни, можности и закани) се евалуираат можностите, заканите, јаките и слабите страни во контекст на опкружувањето на работата и развојот на АД ЕЛЕМ. Анализите на конкурентското опкружување ги разработуваат методите за анализа на индустриската гранка, во случајов - производството на електрична енергија, конкурентските сили и се прави компаративна анализа со производството на електрична енергија во други европски земји. Во рамките на проблематиката на интерното опкружување направена е евалуација на внатрешните фактори на АД ЕЛЕМ. Во таа насока,

анализата на внатрешните фактори на производството на електрична енергија се насочува на менаџерските задачи. Понатаму, се елаборира проблематиката на човечките ресурси од аспект на знаењето, вештините, искуството и ентузијазмот, што претставува највредна актива на претпријатието и единствена вистинска основа за остварување на конкурентска предност. На крајот на оваа глава се разработува концептот на синцирот на вредности и се евалуираат интерните фактори на АД ЕЛЕМ. Со други зборови кажано, оваа глава се однесува на евалуацијата на екстерните и интерните фактори на „АД ЕЛЕМ".

Во седмото поглавје, „Практично истражување – за влијанието на факторите на опкружување врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во РЕК Осломеј", се анализираат местото, улогата и перспективите за развој на производството на електрична енергија во термоелектраната – Осломеј, и тоа како дел од целокупното производство на електрична енергија на АД ЕЛЕМ. Притоа, врз основа на претходните теоретски и емпириски анализи за електроенергетскиот систем и за производството на електрична енергија во Република Македонија се изведува сет на индикатори за мерење на функционирањето и долгорочниот развој на „Подружницата РЕК Осломеј". Врз основа на анализите на екстерното и интерното опкружување, кое е специфично за РЕК Осломеј, се дијагностицираат состојбите и перспективите за долгорочниот развој на комбинатот. На крајот на оваа глава се предлагаат препораки за избор и имплементација на стратегија и политики за развој на комбинатот во контекст на развојот на производството на електрична енергија во Република Македонија.

Заклучните согледувања обликуваат конечна синтеза од наведените глави и тука се дадени сугестии, насоки и правци кои се однесуваат на подобрување на ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во Република Македонија.

III. Оцена и предлог

Докторската дисертација под наслов: **ВЛИЈАНИЕТО НА ФАКТОРИТЕ НА ОПКРУЖУВАЊЕТО ВРЗ УПРАВУВАЊЕТО СО ЕФИКАСНОСТА И**

ЕФЕКТИВНОСТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА од кандидатот м-р Имер Зенку се одликува со научноистражувачки пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите релевантни аспекти. Трудот претставува повеќеслојно истражување на комплексното и динамичкото влијание на бројни економски, политички, социјални, технолошки и еколошки фактори од опкружувањето, одржливиот развој и конкурентноста на производството на електрична енергија, во контекст на развојот на производството на електрична енергија. Трудот нуди силна аргументација за поставените тези и нивна поткрепа со релевантни податоци, а воедно е понудена издржана дискусија за актуелни прашања поврзани со употребата на современи развојни концепти како што се концептите на стратегиското планирање и современото менаџирање.

Исклучително значајна димензија на трудот му дава сеопфатноста на третманот на сите поставени прашања, при што кандидатот успеал детално да го селектира и прикаже влијанието од промените на бројни екстерни фактори врз успешноста на оперативното и стратегиското менаџирање на компаниите од секторот за производство на елактрична енергија во Република Македонија. Исто така, доста умешно го елеборирал влијанието на секторот за производство на електрична енергија врз македонската економија и критички се осврнал кон тековните и идните предизвици во оваа сфера. На овој начин, кандидатот изготвил научно издржан труд кој ги третира сите релевантни аспекти поврзани со оваа проблематика, со што се дава придонес кон македонската научна мисла.

Со својот системски пристап, кандидатот покрај тоа што дава детална слика за оваа проблематика, како и насоки за подигнување на нејзината ефективност, истовремено поставува нови прашања и отвора теми за дискусија и натамошни истражувања, што упатува на висок степен на истражувачка зрелост во кој се преплетени издржаната теориска подлога и практичното искуство на кандидатот.

Дисертацијата се одликува со оригинален пристап кон дефинираниот проблем на истражување и мошне успешно ги претставува факторите на екстерното опкружување кои ги одредуваат можностите, но и заканите за развојот на домашното производство на електрична енергија. Трудот заслужува посебно внимание, пред сè, и поради неговата актуелност и методолошки пристап во

истражувањето, и може да се оцени како интегрален и целисходен според обемноста на обработениот материјал, користен во истражувањето. Концепциски, дисертацијата претставува заокружен системски приказ на теоретските и практичните искуства во сферата на менаџментот на производството на електрична енергија.

Согласно со горенаведеното, Комисијата констатира дека м-р Имер Зенку изработил компактен и сериозен труд кој во целост одговара на академските стандарди. Општа е оцената дека кандидатот многу успешно се справил со поставениот предизвик и успеал да понуди аргументирани ставови, мислења и заклучоци во однос на поставената хипотеза на истражувањето. Имајќи го предвид претходно изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Научниот совет на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена за докторската дисертација под наслов **„Влијанието на факторите на опкружувањето врз управувањето со ефикасноста и ефективноста во производството на електрична енергија во Република Македонија“**,

2. на кандидатот м-р Имер Зенку да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 5 март 2013 година

Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација:

1._____ с.р.
/Д-р Дејан Пендев/

2._____ с.р.
/ Д-р Васил Поповски /

3. _____ с.р.
/ Д-р Биљана Ангелова/

4._____ с.р.
/Д-р Снежана костадиноска-Милошеска/

5. _____ с.р.
/Д-р Неда Петроска Ангеловска/

П Р Е Г Л Е Д

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 28.02.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Марија Талевска, дипломиран доктор на стоматологија	„ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНКРЕМЕНТАЛНИТЕ ЛИНИИ ОД ЦЕМЕНТОТ НА ЗАБОТ ВО ОДРЕДУВАЊЕ НА ВОЗРАСТА КАЈ ЛУЃЕТО“	- д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Виктор Алексовски, дипломиран инженер по биологија	„ДЕТЕРМИНИРАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ТРОМБОЦИТНА АКТИВАЦИЈА И ЛИПИДНА ПЕРОКСИДАЦИЈА ПРИ ХРОМ ПРЕДИЗВИКАНА НЕФРОПАТИЈА КАЈ WISTAR СТАОРЦИ“	- д-р Митко Младенов, вонреден професор на ПМФ - Скопје.
Александар Малетиќ, дипломиран инженер технолог	„РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ГАСНО ХРОМАТОГРАФСКА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФТАЛАТНИ ЕСТЕРИ ОД ЕВРОПСКАТА ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ВО ПРИРОДНИ ВОДИ“	- д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Сузана Лазаревска, дипломиран биолог	„БИОХЕМИСКИ АНАЛИЗИ ВАЖНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ ТИП 2 КОИ СЕ СО АПЛИЦИРАНА ОРАЛНА ТЕРАПИЈА“	- д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Наталија Крушаровска, дипломиран биолог	„РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ПРЕКУ ОДРЕДУВАЊЕ НА МАСНО КИСЕЛИНСКИОТ ПРОФИЛ“	- д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ - Скопје.

Јованка Илиева, дипломиран инженер по хемија	„РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ЕТЕРИЧНОТО МАСЛО И ЛИПИДНАТА ФРАКЦИЈА ОД ЈАТКАТА НА ПЛОДОТ *MYRISTICA FRAGRANS HOUTT.* СО ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА СО МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“	- д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ - Скопје.
Моника Радевска, дипломиран инженер по хемија	„НОВ ПРИСТАП КОН СПЕКТРОСКОПСКИ И СТРУКТУРНИ ИСПИТУВАЊА НА БУБРЕЖНИ КАМЕЊА“	- д-р Биљана Минчева-Шукарова, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Александар Маркозанов, дипломиран инженер по хемија	„ИСПИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ МАСТИЛА СО ПОМОШ НА МИКРО-РАМАНСКА И ИНФРАЦРВЕНА СПЕКТРОСКОПИЈА И ХЕМОМЕТРИСКА АНАЛИЗА“	- д-р Биљана Минчева-Шукарова, редовен професор на ПМФ - Скопје.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА КАТЕДРАТА ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЈУЖНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИЦИ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата трисет и четврта редовна седница, одржана на 6 февруари 2013 г., нѐ избра за Рецензентска комисија во врска со пријавата на проф. д-р Искра Пановска-Димкова за избор во наставно-научното звање редовен професор на конкурсот објавен во весникот „Дневник“ од 10.1.2013 г. за избор на еден наставник (во сите наставно-научни звања) по предметите: правопис и правоговор на македонскиот литературен јазик, фонетика и фонологија на македонскиот литературен јазик, граматика на македонскиот јазик, современ македонски јазик, прагматика и македонски јазик за странски студенти на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. По проучувањето на приложените материјали, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ со задоволство му го приложуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

Проф. д-р Искра Пановска-Димкова е родена во Скопје, 1971 година. Во учебната 1989/1990 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата македонски јазик со албански јазик и книжевност како втор главен предмет, каде што дипломира во 1993 година со просечен успех 9,86. Во текот на студиите ги добила наградите: „Ѓорѓи Пулевски“ за најдобар студент на групата македонски јазик (1993 г.), „26 Јули“ од Фондацијата „Франк Маниг“ за најдобар студент на Филолошкиот факултет (1993 г.) и Пофалница од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за најдобар дипломиран студент на Филолошкиот факултет за учебната 1993/1994 г.

Во учебната 1994/1995 година се запишала на постдипломски студии од областа македонски јазик, кои ги завршила во мај 1998 г. со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Лимитативната видска конфигурација во македонскиот јазик“.

На 4 април 2003 г. ја одбранила докторската дисертација под наслов „Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик“ и се стекнала со звањето доктор на филолошки науки.

Во 1996 година се вработила на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје како помлад асистент по предметот современ македонски јазик на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. По магистрирањето во 1998 г. е избрана за асистент по современ македонски јазик, а во 2001 година е реизбрана во истото звање. По докторирањето, во септември 2003 г. е избрана во звањето доцент по предметот современ македонски јазик, а во јуни 2008 г. е

избрана во звањето вонреден професор по предметите: правопис и правоговор на македонскиот литературен јазик, фонетика и фонологија на македонскиот литературен јазик, граматика на македонскиот јазик и современ македонски јазик.

Наставно-образовна дејност

Проф. д-р Искра Пановска-Димкова редовно држи настава на првиот циклус студии по предметите: правопис и правоговор со фонетика и фонологија на македонскиот литературен јазик (за групата македонска книжевност), граматика на македонскиот литературен јазик 1 и 2 (за групата албански јазик – превод и толкување), современ македонски јазик 1 (за групите од јужнословенските јазици), прагматика (за сите групи), како и лингвистика и фонетика на групата логопедија на Медицинскиот факултет. Покрај ова, таа има држено настава и по предметите: развој на македонскиот писмен јазик, современ македонски јазик 2, како и настава по македонски јазик на други факултети (Филозофски факултет, Факултет за музичка уметност, Факултет за ликовни уметности и Факултет за физичка култура).

Активно е вклучена и во сите аспекти на наставата по македонски јазик како странски: како во држење настава за странските студенти, така и во изведувањето на Тестот за познавање на македонскиот јазик како странски – ТЕМАК. Активно учествуваше и во подготовката на новите предметни програми по предметот македонски јазик за странски студенти 1-6, како и во подготовката на новиот модул за наставници по македонски јазик како странски.

На вториот циклус студии држи настава по предметот теориски пристапи во усвојувањето на македонскиот јазик како странски.

Од изборот во звањето вонреден професор, проф. д-р Искра Пановска-Димкова била член во две комисии за оцена и одбрана на докторски дисертации: „Мултипликативната видска конфигурација во македонскиот јазик“ (2009) од м-р Виолета Јанушева и „Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик“ (2011) од м-р Елизабета Бандиловска-Ралповска. Исто така, била член и во седум комисии за одбрана на дипломски трудови.

Автор е на еден прирачник „Практикум по правопис со правоговор на македонскиот литературен јазик“, чие прво издание е отпечатено во 2008 г., а второто, дополнето издание во 2010 г. Коавтор е на уште три прирачници:

- „Прирачник за изведувачите и оценувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје.
- „Прирачник за кандидатите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје.
- „Прирачник за составувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје.

Таа е рецензент на три универзитетски учебници:

- Људмил Спасов: „Резултативната видска конфигурација во македонскиот јазик"". Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2011.
- Лидија Тантуровска: „Стилистички истражувања" – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", 2011.
- Људмил Спасов: „Историја на македонскиот писмен јазик" – Магор, 2012. (учебник за трет циклус студии), како и на три монографии.

Научно-истражувачка дејност

1. Менторства

Во периодот по изборот во звањето вонреден професор, била ментор на една магистерска работа: „Интернационалната банкарска терминологија во македонскиот и во албанскиот јазик", од Дарко Стојановски.

2. Проектни активности

Во периодот 2010-2012 година, проф. Пановска-Димкова беше раководител на меѓународниот проект од програмата „Темпус": „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски" ("Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading – MaFoLaC": 158638-TEMPUS-1-2009-1-MK-TEMPUS-JPCR).

Има учествувано и во уште еден меѓународен проект од програмата на Унеско (2008-2009 г.): „Меѓународен семинар за формирање процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена во македонскиот јазик како странски" ("International Train-the-Trainer Workshop on Developing Standard Testing Procedures and Their Implementation in Macedonian as a Foreign Language" – 4643700002 MKD), под раководство на проф. д-р Татјана Гочкова.

Во моментов е вклучена како член во подготовката на меѓународниот проект „Лингвистичка мапа на западниот регион на Виа Игнација: јазици и идентитети преку границите", кој ќе се изведува под раководство на проф. д-р Људмил Спасов.

3. Објавени и презентирани трудови

Во последниве пет години д-р Пановска-Димкова ја има објавено монографијата „Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик". Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје, 2011, 207.

Ги има објавено/презентирано и следниве научни трудови:

- „Нацрт-проект за нова научна граматика на македонскиот стандарден јазик" (со Љ. Спасов), во: *Македонскиот јазик – минато, сегашност и иднина* (Научен собир „Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина", организиран по повод 50-годишнината од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, октомври 2003 г.) – Скопје, 2008, 21-41.

- „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација", во: *XXXV научна конференција на XLI МСМЈЛК* (одржана во Охрид, август 2008) – Скопје: 2008, 41-5.
- „Хабитуалноста во однос на другите глаголски видови со континуативна доминанта", во: *Зборник од XIV меѓународен славистички конгрес*, Охрид, 10-16 септември 2008, МАНУ, Скопје: 2008: 467-76.
- „Прилог кон дискусијата посветена на Правописниот речник (врз фонот на проектот Толковен речник на македонскиот јазик)", во: *Литературен збор*. – Скопје: 2008, 1-3, 95-105.
- „Хабитуална и мултипликативна лимитативност во македонскиот јазик", во *Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето*. – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 2009, 231-6.
- „Кон актуелните состојби и перспективи во наставата по македонски јазик како странски" (со Т. Гочкова-Стојановска), во *Литературен збор*. – Скопје: 2009, 1-3, 111-7.
- „Center za testiranje in certificiranje makedonščine kot tujega jezika (projekt Tempus MaLTeCC)" (со И. Фербежар и Т. Гочкова-Стојановска), во *Jezik in slovstvo*, Letnik XIV. – Ljubljana: 2009, 1, 86-8.
- „Македонскиот правопис во медицинската микробиологија" (со Н. Пановски), во *Мак. мед. преглед – Зборник на апстракти* (одржано на 4-ти Конгрес на микробиолозите на Македонија, октомври 2009, Охрид). – Скопје: 2009, год. 63, (супл. 77), 42-3.
- „The aspectual category of habitualness in Macedonian", во *Тезисы II Международной научной конференции: Типология вида / аспекта: проблемы, поиски, решения*, (меѓународна конференција одржана во Гаспра, Украина, септември 2009) – Симферопоол-Гаспра: 2009, 77.
- „За еден тип на изговор кај генерациите родени во Скопје по 1970 г. (или Кога Елена стана Илина)", во *Меѓународен македонистички собир* (Научен собир организиран по повод Годината на македонскиот јазик, Охрид, 29 август-1 септември 2008). – Скопје: 2010, 261-4.
- „Македонскиот јазик како странски – во контекст на проектната соработка" (со Т. Гочкова-Стојановска), во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*. – Скопје: 2010 (36), 541-7.
- „Примена на европските стандарди во изучувањето, тестирањето и сертифицирањето на македонскиот јазик како странски" (со Т. Гочкова-Стојановска), на меѓународната конференција „Прв, втор, друг јазик: хрватско-македонски споредби" – Скопје, мај 2010.
- „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација – натамошни согледувања", во *Категориите на глаголската множественост (синхронија и дијахроинија)* (Зборник од меѓународната научна конференција „Категории глагольной множественности в славянских

и неславянских языках (синхрония и диахрония“ одржана во Охрид, јуни 2010), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Аспектолошка комисија при Меѓународниот славистички комитет – Скопје, 2011, 115-20.

- “Setting standards in teaching and assessment of Macedonian as a foreign language” (со Т. Гочкова-Стојановска), на IV меѓународна конференција на АЛТЕ (*ALTE 4th International Conference*) – Краков, Полска, јули 2011.
- „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски – проект од програмата Темпус” со (Т. Гочкова-Стојановска), во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*. – Скопје: 2012 (38), 591-8.

4. Одржани предавања на странски универзитети:

- „Правопис и правоговор на македонскиот литературен јазик“ (8.12.2010), на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.
- „Контрастивен приказ на основните значења на минатите глаголски времиња во македонскиот јазик“ (22.3.2012), на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија.

Стручно-апликативна дејност

Проф. д-р Пановска-Димкова е коавтор на „Божилак“ – учебник по македонски јазик за странци за почетно рамниште. 2012. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје (со Т. Гочкова-Стојановска).

Има преведено две книги од англиски на македонски јазик, а има лекторирано 22 книги.

Дејности од поширок интерес

Проф. д-р Искра Пановска-Димкова е уредник на „Заедничката европска референтна рамка за јазиците: учење, настава и оценување“ (Совет на Европа, Отсек за современи јазици, Стразбур. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје), каде што има извршено стручно читање и оформување на терминологијата. Покрај тоа, учесник е во редакцијата на Зборникот на трудови од меѓународната научна конференција: „Категории на глаголската множественост во словенските и во несловенските јазици“. 2011. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Аспектолошка комисија при Меѓународниот славистички комитет, како и уредник-рецензент на Зборникот на трудови од јазичната работилница „Лексиката со субјективна оценка во македонскиот јазик“: Елена Јованова-Грујовска – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2012.

Член е на Организациониот одбор на меѓународниот научен собир „Категории на глаголската множественост во словенските и во несловенските јазици“, одржан во јуни 2010 г., во Охрид.

Д-р Пановска-Димкова има извршено 6 кратки студиски престои во странство, од кои два во Велика Британија (Кембриџ – 2009, Лутон – 2010), три во Љубљана, Република Словенија (2010, 2011 и 2012) и еден во Краков, Полска (2011).

Од 2009 г. таа е член на Аспектолошката комисија при Меѓународниот славистички комитет, а од 2010 г. е член на Комисијата за лекторски испит при Министерството за култура на РМ.

Од септември 2012 г. е раководител на Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Заклучок

Во својот професионален развој од помлад асистент до вонреден професор, д-р Искра Пановска-Димкова има покажано способности како во дидактиката (таа има добиено највисоки оцени од страна на студентите во процесот на евалуацијата), така и во научно-стручната работа. Таа е автор на Практикумот по правопис со правоговор, кој за кусо време доби и второ, дополнето издание. Особено треба да се одбележи нејзиниот придонес на полето на истражувањата на глаголскиот вид во македонскиот јазик и објавувањето на монографијата „Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик", како и настапите на неколку меѓународни смпозиуми со теми од областа на глаголскиот вид (аспектот). Исто така, треба да се одбележи и нејзиниот значаен придонес во областа на македонскиот јазик како странски преку успешното раководење и реализација на меѓународниот проект „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски", коавторството на учебникот по македонски јазик како странски за почетно рамниште „Божилак" и учеството на неколку меѓународни конференции со теми од оваа област.

Затоа, најтопло му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да ја избере д-р Искра Пановска-Димкова во звањето редовен професор по предметите: правопис и правоговор на македонскиот литературен јазик, фонетика и фонологија на македонскиот литературен јазик, граматика на македонскиот јазик, современ македонски јазик, прагматика и македонски јазик за странски студенти на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Скопје, 6 март 2013 г.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Људмил Спасов, с.р.

2. Проф. д-р Живко Цветковски, с.р.

3. Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Искра Љупчо Пановска-Димкова**
Институција: **Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје**
Научна област: македонски јазик, лингвистика

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Одржување на настава од прв циклус студии во зимски сем. 2008-2009: 1) Правопис и правоговор (МК): 2+2 2) Современ македонски јазик 1 (јужносл. јаз.): 2+2 3) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА мајчин): 2+2 4) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА немајчин): 2+2	9,6
2.	Одржување на настава од прв циклус студии во летен сем. 2008-2009: 1) Фонетика и фонологија (МК): 2+2 2) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА мајчин): 2+2 3) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА немајчин): 2+2	7,2
3.	Одржување на настава од прв циклус студии во зимски сем. 2009-2010: 1) Правопис и правоговор (МК): 2+2 2) Современ македонски јазик 1 (јужносл. јаз.): 2+2 3) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА мајчин): 2+2 4) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА немајчин): 2+2	9,6
4.	Одржување на настава од прв циклус студии во летен сем. 2009-2010: 1) Фонетика и фонологија (МК): 2+2 2) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА мајчин): 2+2 3) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА немајчин): 2+2	7,2
5.	Одржување на настава од прв циклус студии во зимски сем. 2010-2011: 1) Современ македонски јазик 1 (јужносл. јаз.): 2+2 2) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА мајчин): 2+2 3) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА немајчин): 2+2	7,2
6.	Одржување на настава од прв циклус студии во летен сем. 2010-2011: 1) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА мајчин): 2+2 2) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА немајчин): 2+2 3) Основи на прагматика (сите групи): 2+0	6
7.	Одржување на настава од прв циклус студии во зимски сем. 2011-2012: 1) Правопис и правоговор со фонетика и фонологија (МК): 2+4 2) Современ македонски јазик (француски и славистика): 2+2	6
8.	Одржување на настава од прв циклус студии во летен сем. 2011-2012: 1) Современ македонски јазик 2 (француски и славистика): 2+2 2) Современ македонски јазик 2 (турски): 2+0 3) Основи на прагматика: 2+0 4) Фонетика и лингвистика (логопедија): 2+2	7,2
9.	Одржување на настава од прв циклус студии во зимски сем. 2012-2013: 1) Правопис и правоговор со фонетика и фонологија (МК): 2+4 2) Граматика на македонскиот јазик 1 (ПИТА): 2+2	6
10.	Одржување на настава од прв циклус студии во летен сем. 2012-2013: 1) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА мајчин): 2+2 2) Граматика на македонскиот јазик 2 (ПИТА немајчин): 2+2 3) Основи на прагматика (сите групи): 2+0	6

11.	Одржување на настава од втор циклус студии во прв сем. 2010-2011: 1) Теориски пристапи во усвојувањето на македонскиот јазик како странски јазик: 1+0	0,75
12.	Одржување на настава од втор циклус студии во прв сем. 2011-2012: 1) Теориски пристапи во усвојувањето на македонскиот јазик како странски јазик: 1+0	0,75
13.	Подготовка на нов предмет: 1) Основи на прагматика – предавања 2) Теориски пристапи во усвојувањето на македонскиот јазик како странски – предавања 3) Фонетика и лингвистика (за логопедија) – предавања 4) Фонетика и лингвистика (за логопедија) – вежби	3,5
14.	Консултации со студенти: 1) 2008-2009: 50 зимски + 50 летен 2) 2009-2010: 50 зимски + 50 летен 3) 2010-2011: 50 зимски + 50 летен 4) 2011-2012: 50 зимски + 50 летен 5) 2012-2013: 50 зимски + 50 летен	1
15.	Член на комисија за оцена и одбрана на докторат: 1) Комисија за оцена и одбрана на докторски труд од м-р Виолета Јанушева: Мултипликативната видска конфигурација во македонскиот јазик, 2009. 2) Комисија за оцена и одбрана на докторски труд од м-р Елизабета Бандиловска-Ралповска: Парадигматските односи кај описните придавки во македонскиот јазик, 2011.	1
16.	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа: 1) дипломски труд од Дијана Игњевска: Јазикот на дамаскините, 2010; 2) дипломски труд од Марија Сарафимоска: Јазикот на Григор Прличев од гледна точка на развојот на современиот македонски јазик, 2010; 3) дипломски труд од Маргарита Костовска: Јазикот на Ѓорѓија Пулевски од гледна точка на македонскиот XX век, 2010; 4) дипломски труд од Маја Крстевска: Анализа на трудовите на Блаже Конески посветени на грматичката историја на македонскиот јазик, 2010; 5) дипломски труд од Марина Величковска: Јазикот и стилот во делата на Јоаким Крчовски, 2011; 6) дипломски труд од Катерина Ангеловска: Јазикот на натписите и записите во манастирската црква Св. Ѓорѓи во с. Старо Нагоричане, Кумановско, 2011; 7) дипломски труд од Стефанија Урдовска: Јазикот на книгата „За македонцките работи“ од Крсте Петков Мисирков, 2012.	0,7
17.	Позитивно рецензиран практикум или прирачник: 1) „Практикум по правопис со правоговор на македонскиот литературен јазик“. Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитетет „Св. Кирил и Методиј“ – 2008, Скопје (рецензенти: проф. д-р Људмил Спасов, проф. д-р Татјана Гочкова-Стојановска). 2) „Прирачник за изведувачите и оценувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитетет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје (рецензент: д-р Ина Фербежар). 3) „Прирачник за кандидатите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитетет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје (рецензент: д-р Ина Фербежар).	13

	4) „Прирачник за составувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – за почетно рамниште“ (со Т. Гочкова-Стојановска) – Универзитетет „Св. Кирил и Методиј“ – 2009, Скопје (рецензент: д-р Ина Фербежар).	
18.	Изменето и дополнето издание на практикум: „Практикум по правопис со правоговор на македонскиот литературен јазик (дополнето издание)“. – Скопје, 2010, 138.	4
19.	Рецензент на универзитетски учебник: 1) Људмил Спасов: „Резултативната видска конфигурација во македонскиот јазик“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 2011. 2) Лидија Тантуровска: „Стилистички истражувања“ – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2011. 3) Људмил Спасов: „Историја на македонскиот писмен јазик“ – Магор, 2012.	3
	Вкупно	**99,7**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Ментор на магистерска работа: „Интернационалната банкарска терминологија во македонскиот и во албанскиот јазик“, од Дарко Стојановски.	1
2.	Раководител на меѓународен научен проект од Темпус-програмата “Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading – MaFoLaC”: 158638-TEMPUS-1-2009-1-MK-TEMPUS-JPCR („Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски“) – 2010-2012.	9
3.	Учесник во меѓународен научен проект од програмата УНЕСКО: “International Train-the-Trainer Workshop on Developing Standard Testing Procedures and Their Implementation in Macedonian as a Foreign Language” (4643700002 MKD) („Меѓународен семинар за формирање процедури за тестирање според европски стандарди и нивна примена во македонскиот јазик како странски јазик“) – 2008-2009.	5
4.	Монографија: „Видската категорија хабитуалност во македонскиот јазик“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, 2011, 207.	8
5.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание: 1) „Прилог кон дискусијата посветена на Правописниот речник (врз фонот на проектот Толковен речник на македонскиот јазик)”, во: *Литературен збор*. – Скопје: 2008, 1-3, 95-105. 2) „Хабитуална и мултипликативна лимитативност во македонскиот јазик”, во *Зборник во чест на проф. д-р Лилјана Минова-Ѓуркова по повод 70 години од раѓањето*. – Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Филолошки факултет „Блаже Конески”, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 2009, 231-6. 3) „Кон актуелните состојби и перспективи во наставата по македонски јазик како странски” (со Т. Гочкова-Стојановска), во: *Литературен збор*. – Скопје: 2009, 1-3, 111-7.	11,6
6.	Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:	10,8

	1) „Center za testiranje in certificiranje makedonščine kot tujega jezika (projekt Tempus MaLTeCC)" (со И. Фербежар и Т. Гочкова-Стојановска), во *Jezik in slovstvo*, Letnik XIV. – Ljubljana: 2009, 1, 86-8. 2) „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација – натамошни согледувања", во *Категориите на глаголската множественост (синхронија и дијахронија)* (Зборник од Меѓународната научна конференција „Категории глагольной множественности в славянских и неславянских языках (синхрония и диахрония" одржана во Охрид, јуни 2010), Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески", Аспектолошка комисија при Меѓународниот славистички комитет – Скопје, 2011, 115-20.	
7.	Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир: 1) „Нацрт-проект за нова научна граматика на македонскиот стандарден јазик" (со Љ. Спасов), во: *Македонскиот јазик – минато, сегашност и иднина* (научен собир „Македонскиот јазик – минато, сегашност, иднина", организиран по повод 50-годишнината од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје, октомври 2003 г.) – Скопје, 2008, 21-41.	1,8
8.	Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор: 1) „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација", во: *XXXV научна конференција на XLI МСМЈЛК* (одржана во Охрид, август 2008) – Скопје: 2008, 41-5. 2) „Хабитуалноста во однос на другите глаголски видови со континуативна доминанта", во: *Зборник од XIV меѓународен славистички конгрес*, Охрид, 10-16 септември 2008, МАНУ, Скопје: 2008: 467-76. 3) „За еден тип на изговор кај генерациите родени во Скопје по 1970 г. (или Кога Елена стана Илина)", во: *Меѓународен македонистички собир* (научен собир организиран по повод Годината на македонскиот јазик, Охрид, 29 август-1 септември 2008). – Скопје: 2010, 261-4.	9
9.	Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција: 1) „Македонскиот јазик како странски – во контекст на проектната соработка" (со Т. Гочкова-Стојановска), во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*, – Скопје: 2010 (36), 541-7. 2) „Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски – проект од програмата Темпус" (со Т. Гочкова-Стојановска), во: *Годишен зборник на Филолошкиот факултет* – Скопје: 2012 (38), 591-8.	3,6
10.	Секциски предавања на научен/стручен собир: 1) „Македонскиот правопис во медицинската микробиологија" (со Н. Пановски), 4-ти Конгрес на микробиолозите на Македонија – Охрид, октомври 2009.	0,9
11.	Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество: 1) „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација", XXXV научна конференција на XLI меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура – Охрид, август 2008. 2) „Хабитуалноста во однос на другите глаголски видови со континуативна доминанта", XIV меѓународен славистички конгрес – Охрид, 10-16 септември 2008. 3) „За еден тип на изговор кај генерациите родени во Скопје по 1970 г.	13,6

	(или Кога Елена стана Илина)", Меѓународен македонистички собир организиран по повод Годината на македонскиот јазик – Охрид, 29 август-1 септември 2008. 4) „The aspectual category of habitualness in Macedonian", на Втората меѓународна аспектолошка конференција: Типология вида / аспекта: проблемы, поиски, решения, Симферопол – Гаспра, Украина, септември 2009. 5) „Примена на европските стандарди во изучувањето, тестирањето и сертифицирањето на македонскиот јазик како странски" (со Т. Гочкова-Стојановска), меѓународна конференција „Прв, втор, друг јазик: хрватско-македонски споредби" – Скопје, мај 2010. 6) „Сличности и разлики меѓу хабитуалната и мултипликативната видска конфигурација – натамошни согледувања", меѓународна научна конференција „Категории глагольной множественности в славянских и неславянских языках (синхрония и диахрония)" – Охрид, 22-24 јуни 2010. 7) "Setting standards in teaching and assessment of Macedonian as a foreign language" (со Т. Гочкова-Стојановска), IV меѓународна конференција на АЛТЕ (*ALTE 4th International Conference*) – Краков, Полска, јули 2011.	
12.	Одржани предавања по покана на Универзитетот во Љубљана, Република Словенија: 1) 8.12.2010: „Правопис и правоговор на македонскиот литературен јазик"; 2) 22.3.2012: „Контрастивен приказ на основните значења на минатите глаголски времиња во македонскиот јазик".	6
13.	Апстракти објавени во зборник на конференција: 1) „Македонскиот правопис во медицинската микробиологија" (со Н. Пановски), во: *Мак. Мед. преглед – Зборник на апстракти* (одржано на 4-ти Конгрес на микробиолозите на Македонија, октомври 2009, Охрид). – Скопје: 2009, год. 63, (супл. 77), 42-3. 2) „Примена на европските стандарди во изучувањето, тестирањето и сертифицирањето на македонскиот јазик како странски" (со Т. Гочкова-Стојановска), во: *Меѓународен собир на соработка: Прв, втор, друг јазик: македонско-хрватски споредби – Програма и апстракти* (меѓународна конференција одржана во Скопје, мај 2010) – Скопје: 2010, 19. 3) „The aspectual category of habitualness in Macedonian", во *Тезисы II Международной научной конференции: Типология вида / аспекта: проблемы, поиски, решения*, (меѓународна конференција одржана во Гаспра, Украина, септември 2009) – Симферопоол-Гаспра: 2009, 77.	2,5
	Вкупно	**82,8**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
14.	Книга од стручна област: „Божилак" – учебник по македонски јазик за странци за почетно рамниште. 2012. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје (со Т. Гочкова-Стојановска).	7
15.	Координатор во подготовката на елаборат за нова студиска програма: Модул за наставници по македонски јазик како странски.	1
16.	Превод на книги (од англиски на македонски јазик): 1) Агата Кристи. „Убиство на теренот за голф". Магор, 2009 – Скопје.	6

	2) Ерскин Чајлдерс. „Загатката на песоците“. Магор, 2010 – Скопје.	
17.	Лекторирање на трудови на македонски јазик: 1) М. Хоџа. „Психологија на театарот“. Магор, 2008 – Скопје. 2) Н.С. Далај Лама, Х. Катлер. „Уметноста на среќата“. Магор, 2008 – Скопје. 3) Т. Гочкова-Стојановска, И. Пановска-Димкова. „Прирачник за составувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за почетно рамниште“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009 – Скопје. 4) Т. Гочкова-Стојановска, И. Пановска-Димкова. „Прирачник за изведувачите и за оценувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за почетно рамниште“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009 – Скопје. 5) Т. Гочкова-Стојановска, И. Пановска-Димкова. „Прирачник за кандидатите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за почетно рамниште“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2009 – Скопје. 6) Е. Ѓоргиевска. „Биоактивни реставративни материјали“, 2009 – Скопје. 7) Хр. Петановски. „Застапеноста на кариесот кај децата од 12-годишна возраст во урбана средина, презентирана преку сигнификантниот кариес индекс (SIC)“, 2009 – Скопје. 8) „Менаџирање на локалната власт: јавната администрација во практика“. Магор, 2009 – Скопје. 9) К. Н. Валц. „Теорија на меѓународната политика“. Магор, 2009 – Скопје. 10) М.Д. Лајман, Г.В. Потер. „Организиран криминал“. Магор, 2009 – Скопје. 11) А. Бретон. „Надја“. Магор, 2009 – Скопје. 12) О. Памук. „Снег“, Магор, 2009 – Скопје. 13) „Истражување на криминалистичката анализа: четива за неопходните вештини“. Магор, 2009 – Скопје. 14) Р. Њустедер. „Водич за вакцини: ризици и предности за деца и возрасни“. Магор, 2010 – Скопје. 15) Ч. Форбс, В. Џексон. „Атлас во боја и текстови за клиничка медицина“ (со Зорица Велкова). Магор, 2010 – Скопје. 16) Т. Гочкова-Стојановска. „Практикум по морфологија на македонскиот литературен јазик“, 2010 – Скопје. 17) Љ. Спасов. „Резултативната видска конфигурација во македонскиот јазик“. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ , 2011 – Скопје. 18) А. Дучевска, С. Саздов. „Прирачник за составувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за напреднато рамниште“ (со Татјана Гочкова-Стојановска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје. 19) А. Дучевска, С. Саздов. „Прирачник за изведувачите и за оценувачите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за напреднато рамниште“ (со Татјана Гочкова-Стојановска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје.	20

	20) А. Дучевска, С. Саздов. „Прирачник за кандидатите на Тестот по македонски јазик како странски јазик – ТЕМАК – според потребите на целната група за напреднато рамниште“ (со Татјана Гочкова-Стојановска), Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје. 21) „Заедничка европска референтна рамка за јазици: учење, настава и оценување“. Совет на Европа, Отсек за современи јазици, Стразбур. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје. 22) А. Димков. „Средства и материјали за превентива на дентален кариес – хемиски и микробиолошки аспекти“, 2012 – Скопје.	
Дејности од поширок интерес		
18.	Уредник на научно/стручно списание: уредување – оформување на стручната терминологија на „Заедничката европска референтна рамка за јазиците: учење, настава и оценување“. Совет на Европа, Отсек за современи јазици, Стразбур. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2012 – Скопје.	2
19.	Уредник на Зборник на трудови на меѓународна високообразовна и научна институција: „Категории на глаголската множественост во словенските и во несловенските јазици“. 2011. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Аспектолошка комисија при Меѓународниот славистички комитет.	3
20.	Уредник-рецензент на зборник на трудови од научен/стручен собир: Елена Јованова Грујовска: „Зборник на трудови од јазичната работилница Лексиката со субјективна оценка во македонскиот јазик“ – Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2012.	1
21.	Член на Организационен одбор на меѓународниот научен собир „Категории на глаголската множественост во словенските и во несловенските јазици“, одржан во јуни 2010 г. во Охрид	1
22.	Студиски престои во странство: 1) Кембриџ, Велика Британија – мај 2009; 2) Лутон, Велика Британија – октомври 2010; 3) Љубљана, Словенија – декември 2010; 4) Љубљана, Словенија – април 2011; 5) Краков, Полска – јули 2011; 6) Љубљана, Словенија – март 2012.	3
23.	Член во извршно тело на меѓународна организација која поддржува/организира научноистражувачка дејност: член на Аспектолошката комисија при Меѓународниот славистички комитет.	2
24.	Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект: 1) проект “Macedonian as a Foreign Language Curriculum Upgrading – MaFoLaC”: 158638-TEMPUS-1-2009-1-MK-TEMPUS-JPCR („Надградување на студиските програми по македонски јазик како странски“) – носител. 2) проект “The Linguistic Map of the Western Via Egnaitia Region: Languages and Identities across Borders” („Лингвистичка мапа на западниот регион на Виа Игнација: јазици и идентитети преку границите“), заедно со Хелсиншката школа по обласна лингвистика – соработник.	3
25.	Раководител на внатрешна организациона единица: раководител на Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“.	3
26.	Член на факултетски комисии: 1) Комисија за пресметување варијабила;	1

	2) Централна комисија за попис на средствата и обврските.	
27.	Учество во комисии и тела на државни органи: член на Комисијата за полагање лекторски испит при Министерството за култура на РМ.	1
	Вкупно	**54**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	99,7
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	82,8
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	54,0
Вкупно	**236,5**

Членови на комисијата

1. Проф д-р Људмил Спасов, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Живко Цветковски, член, с.р.
3. Проф. д-р Катерина Велјановска, член, с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ **НАУКА ЗА НЕОРГАНСКИ МАТЕРИЈАЛИ 1, НАУКА ЗА НЕОРГАНСКИ МАТЕРИЈАЛИ 2, КЕРАМИКА 1, КЕРАМИКА 2, ГРУБА И ФИНА КЕРАМИКА, ОГНООТПОРНИ МАТЕРИЈАЛИ, НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на *XXII*-рата седница одржана на 30.1.2013 година (решение бр.07-222), именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите: наука за неорганski материјали 1, наука за неорганski материјали 2, керамика 1, керамика 2, груба и фина керамика, огноотпорни материјали, во состав:

- д-р Јованка Раногајец, редовен професор, Технолошки факултет – Нови Сад, Универзитет во Нови Сад;
- д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- д-р Станоја Стоименов, редовен професор во пензија, Природно математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот за избор на наставник во сите научни звања објавен во весниците „Дневник" од 12.1.2013 и „Коха" од 11.01.2013 година, се пријави д-р Емилија Фиданчевска, вонреден професор на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Емилија Фиданчевска е родена на 26.5.1971 година во Скопје, Република Македонија.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

1994 год. **Дипломска работа**: „Оптимизација на процесот на добивање на ТИАСИЛ игли и нивно компонирање во биоинертен материјал".
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје,
Република Македонија.

1997 год. **Магистерска работа**: „Добивање, карактеризација и синтерување на керамички системи базирани на TiO_2, Al_2O_3 и SiO_2".
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје,
Република Македонија.

2002 год. **Докторска дисертација**: „Систем TiO_2 – калциеви фосфати, консолидација, порозна структура, особини, примена".
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје,
Република Македонија.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

1997-2003 год. **Асистент** по група предмети: подготовка на минерални суровини во неорганска хемиска технологија, суровини во неорганска хемиска технологија, технологија на груба и фина керамика, технологија на стакло и емајл.

2003 год. Избор во звањето **наслoвен доцент** по групата предмети: технологија на груба и фина керамика, технологија на стакло и емајл, технолошка подготовка во неорганска хемиска технологија, суровини во неорганска хемиска технологија, технологија на материјали 1 (за студентите од уметничка академија од учебната 2005/06 год.).

2008 год. Избор во звањето **вонреден професор** по предметите: наука за неорганski материјали 1, наука за неорганski материјали 2, теоретски основи на неорганска технологија, технологија на огноотпори и специјална керамика, технологија на груба и фина керамика. Од 2010 год. и е доделена наставата по предметите: технологија на сврзни материјали и стакло и емајл. На постдипломските студии е ангажирана во изведувањето на наставата по предметите: одбрани поглавја од структура и особини на неорганski материјали, фазни рамнотежи во процесен дизајн во неорганска технологија, современи керамички материјали, одбрани поглавја од неметална технологија, керамички материјали во уметноста и културното наследство, керамички наноматеријали, управување со опасен отпад.

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Кандидатката д-р Емилија Фиданчевска, по изборот во звањето вонреден професор во 2008 година до денес, континуирано е ангажирана во изведувањето на наставата на додипломските и постдипломските студии по предметите за кои е избрана, како и на предметите кои ѝ се доделени како резултат на пензионирањето на предметните наставници. До 2010 година ја изведуваше

наставата по предметот технологија на материјали 1 за студентите од Факултетот за ликовни уметности.

Проф. Фиданчевска е коавтор на интерна збирка задачи по предметот: теоретски основи на неорганска технологија, 1. дел.

Во периодот 2010-2013 година, кандидатката Емилија Фиданчевска е локален координатор за Универзитетот „Св Кирил и Методиј" во Скопје на ТЕМПУС-проектот „Креирање мрежи за соработка помеѓу универзитетите и индустријата за едукација за одржливи технологии". Во рамките на овој проект активно работи за успешна реализација на поставените цели и задачи дефинирани во проектот. Под нејзино раководство, а согласно со целите од ТЕМПУС-проектот, отворена е компјутерска лабораторија за едукација во рамките на програмата за доживотно учење, реализирани се две десиминациони конференции и основан е курс (Одржливи технологии) за доживотно учење за кадарот од индустријата. Во рамките на проектот, курсот за прв пат е реализиран во фабриката BOMEX- Refractory во Пехчево, каде што д-р Емилија Фиданчевска активно учествува со предавања од областа за огноотпорни материјали (Рециклирање на огноотпори, Корозија на огноотпорни материјали, Синтерување на огноотпорни материјали, Концепт на нулта емисија). Во рамките на проектот, д-р Емилија Фиданчевска има реализирано едукативни предавања во четири универзитети (Технолошки факултет, Тузла и Технолошки факултет, Зворник, Босна и Херцеговина; Технолошки факултет, Нови Сад и Технолошки факултет во Лесковац, Србија). Како локален координатор на ТЕМПУС-проектот ги има реализирано едукативно-стручните престои во Гент, Белгија, Биркенфелд, Германија и Виена, Австрија.

Во периодот 20.7-20.8.2010 год. д-р Емилија Фиданчевска беше ментор на седум стручни практики за студенти од балканскиот регион (3 студенти од Технолошкиот факултет, Зеница, Босна и Херцеговина; 2 студента од Технолошкиот факултет од Нови Сад и 2 студента од Технолошко-металуршкиот факултет од Скопје). Стручните практики беа организирани во фабриката BOMEX- Refractory во Пехчево, во соработка со IAESTE, и помладиот кадар од институтот во вид на школа за огноотпорни материјали.

Д-р Емилија Фиданчевска била ментор на 6 дипломски работи, како и член на 3 дипломски работи. Учествувала како член на комисија за одбрана на две докторски тези и две магистерски работи.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Како вонреден професор, кандидатката Емилија Фиданчевска е раководител на билатерален македонско – бугарски научен проект, локален координатор на ТЕМПУС проект, член во национален проект и член во меѓународен проект. Ментор е на две магистерски работи, а моментално работи како ментор на изработка на докторска дисертација.

Кандидатката д-р Емилија Фиданчевска има реализирано научно-истражувачки престој во траење од три месеци финансиран од DAAD, Германија, во Универзитетот Fredric Schiller, Институт за инженерство на материјали.

По изборот во звањето вонреден професор, како коавтор, Емилија Фиданчевска има објавено 5 труда со оригинални научни резултати во референтно научно списание со фактор на влијание и 8 труда како коавтор со оригинални научни резултати во референтни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор. Коавтор е на дел од монографија објавена во странство и на 3 труда со оригинални резултати објавени во научно/стручно списание. Кандидатката има 13 труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 12 реферати објавени во зборници од конференции.

Кадидидатката д-р Емилија Фиданчевска одржала 1 пленарно предавање и 2 секциски предавања на конгреси, како и 7 предавања по покана.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Во стручно-апликативната дејност на д-р Емилија Фиданчевска може да се констатира дека таа работи во области кои се однесуваат за испитување на квалитет на глини и различни видови на керамички производи. Активно учествува во промотивните активности на Факултетот кои се реализирани преку изведба на работилници и афирмативни предавања.

Д-р Емилија Фиданчевска активно била вклучена во изработка и пријавување на 3 меѓународни проекти и 1 национални проект пријавен под нејзино раководство.

Таа е активно вклучена и во дејностите од поширок интерес, и тоа како член во уредувачкиот одбор на „Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering" во периодот 2007-2011, член во Институтот за стандардизација – ТК25 – Sидарство, член во научен одбор на 3 меѓународни симпозиуми. Од 2012 год., сенатор е во Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Член е на алумната на DAAD, Германија и Технолошко-металуршкиот факултет, Сојузот на хемичари и технолози на Македонија, НАНОМАК и Инженерската институција на Македонија. Во рамките на Факултетот, член е во комисиите за настава и во наставно-научните колегиуми за студиските програми: инженерство за животна средина и неорганско инженерство и заштита на животната средина. Учествувала во комисија за избор на звање на нејзините први соработници.

Д-р Емилија Фиданчевска има добиено втора награда за постер-презентација во NATO Advanced Study Institute во 2008 год. во Созопол, Бугарија. Од Министерството за правда на Република Македонија има лиценца за вештак од областа на технолошкото инженерство.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со приложената документација од страна на кандидатката Д-р Емилија Фиданчевска, извршената анализа на нејзините трудови и реализираните активности по изборот во звањето вонреден професор, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката континуирано се развива во областите дефинирани согласно со критериумите за избор, т.е таа е активна во полето на наставно-образовната дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностите од поширок интерес.

Како заклучок од погоре изнесено, а врз основа на критериумите дефинирани во Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кандидатката д-р Емилија Фиданчевска има вкупно 267.69 бода (Анекс 2). Согласно со нашата позитивна оцена во однос на нејзината наставно-образовна и научноистражувачка активност, како членови на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаме на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, кандидатката д-р Емилија Фиданчевска, досегашен вонреден професор, да биде предложена за избор во звањето редовен професор по групата предмети: наука за неорганski материјали 1, наука за неорганski материјали 2, керамика 1, керамика 2, груба и фина керамика, огноотпорни материјали.

Рецензентска комисија

1. _____
   Д-р Јоњауа Раногајец, редовен професор, Технолошки факултет,
   Универзитет во Нови Сад, с.р.

2. _____
   Д-р Александар Димитров, редовен професор
   Технолошко-металуршки факултет,
   Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

3. _____
   Д-р Станоја Стоименов, редовен професор во пензија,
   Природно математички факултет,
   Универзитет „Св. Кирил и Методи" во Скопје , с.р.

Анекс 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Емилија Фиданчевска

Институција: Технолошко-металуршки факултет

Научна област: технологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	Назив на активноста	Поени
1.	**Одржување на настава** **Прв циклус студии = час · нед. · 0.04**	
	Наука за неорганski материјали 1 (3+3), 2009-2012	7.2
	Наука за неорганski материјали 2 (3+3), 2010 – 2012	5.4
	Теоретски основи во неорганска технологија (3+3), 2009 -2012	7.2
	Технологија на огноотпори и специјална керамика (3+3), 2009-2012	7.2
	Технологија на груба и фина керамика (3+3), 2009-2012	7.2
	Технологија на материјали (1+1), (2008-2009)	2.4
	Технологија на огноотпори и специјална керамика (2+2) металургија, (2010-2012)	3.6
	Технологија на стакло и емајл (3+ 2), 2011-2012	3.6
	Технологија на сврзувачки материјали (3+2), 2010 -2012	5.4
	Нулта емисија (2+0), 2012	0.6
2.	**Втор циклус студии = час · нед. · 0.05**	
	Одбрани поглавја од структура и особини на неорганski материјали (3+2), 2011-2012	2.25
	Фазни рамнотежи во процесен дизајн во неорганска технологија (3+3), 2011 – 2012	4.5
	Инструментални методи (2+2), 2011-2012	2.1
	Одбрани поглавја од огноотпорни материјали (2+2), 2010-2012	3.5
3.	**Настава во школи и работилници**	
	Работилница: ***Изработуваме керамички фигури*** реализирана во основните училишта: Владо Тасевски, март 2010 и Војдан Чернодрински, мај 2011 (раководител) (2 x 1.5)	3
	Ментор на практики (7 седум) за студенти од три универзитети од балканскиот регион реализирани во BOMEX –Refractory, Пехчево, во траење од еден месец, а организиран како ***Школа за огноотпорни материјали.***	3
	Раководител на курсот за ***Одржливи технологии***,наменет за кадарот од индустријата, а согласно со програмата за доживотно учење.	1.5
	Реализирана ТЕМПУС-раборилница на Технолошко-металуршкиот	1.5

	факултет за кадарот од индустријата, мај 2010, раководител за УКИМ. Реализирана ТЕМПУС-раборилница на Технолошко-металуршкиот факултет за кадарот од индустријата, мај 2012, раководител за УКИМ. Организирани десиминациони конференции во рамки на ТЕМПУС проектот: - Охрид, септември 2012 - Скопје, јануари 2013 (раководител за УКИМ)	 1.5 3
4.	**Ментор на дипломска работа = број x 0.02**	
	6 дипломскки работи	0.12
5.	**Член на комисија за оцена и одбрана на докторат**	
	Билјана Ангушева: Трансформација на летечката пепел во нови материјали во согласност тетрадата добивање – структура –својства – примена, 2012. Ранко Аџиски : Композити со контролирана порозна структура добиени од индустриски отпаден материјал и примарни/секундарни суровини , 2010 .	0.5 0.5
6.	**Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура**	
	Андреј Чешновар: Синтеза, структура, авојства и примена на нанодимензиониран TiO_2 добиен по сол-гел постапка, 2011 Аријант Река: Детална карактеризација на природен аморфен SiO_2 од ново лежиште во Р.Македонија.	0.3 0.3
7.	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа**	
	Член во 3 дипломски работи	0.3
8.	**Интерна скрипта од вежби**	
	Збирка задачи по теоретски основи во базна технологија	3
	Вкупно	**80.67**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста	Поени
1.	**Ментор на докторска дисертација:** Синтеза – структура – својства и примена на TiO2 како фотокатализатор во градежни материјали, кандидат: М-р Војо Јованов.	3
2.	**Ментор на магистерска работа:** Влијание на пластификаторот при производство на магнезит – хромитни огноотпорни материјали Кандидат: Миловски Драган. Стареење на керамички материјали преку следење на постојаноста на мраз и биокорозијата Кандидат: Јованов Војо.	1 1

3.	**Раководител на билатерален научен проект:** Synthesis-Structures- Properties of polycomponent ceramic systems produced by the method of controlled cohydrolysis, Bilateral Project with University of Chemical Technology and Metallurgy, Sofia, Bulgaria. Financing Fund: Ministry of Education and Science of Macedonia and Ministry of Science of Bulgaria, 2010-2011.	6
4.	**Национален координатор на меѓународен проект:** JP 2009 Creation of university- enterprise cooperation networks for education on sustainable technologies (158989-TEMPUS-1-2009-1-BE-TEMPUS-JPHES), **раководител за УКИМ: д-р Емилија Фиданчевска.**	6
5.	**Учесник во меѓународен научен проект:** Introduction of EU Directives in Macedonian agricultural policy and support to cooperation in the Agro and Food sector, financed from GTZ GmbH, Germany	5
6.	**Учесник во национален научен проект:** Synthesis, characterization and application of нano dimensional non stehiometrical titania – magnelly phases, Ministry of education and science, 2010-2012, раководител: д-р Перица Пауновиќ.	3
7.	**Дел од монографија објавена во странство:** M.Koleva, A.Zheglova, V.Vassilev, **E.Fidancevska**, Composites containing waste materials, Chapter in the book: Advances in the composites materials – Analysis of natural and man-made materials, Edited by Pavla Te□s□inova, In Tech, September 2011.	6
8.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = 6 + и.ф.**	
	1. B.Angusheva, **E.Fidancevska**, V. Jovanov, Production of ceramics based on fly ash, Chemical Industry & Chemical Engineering Quaterly, Vol.17, No.4, (2012) (DOI:10.2298/CICEQ110607001A) (IF: 0.58)	5.38
	2. **E.Fidancevska**, J.Bossert, V.Vassilev, M.Milosevski, Fabrication of porous and dense ceramics from transitional nano-alumina, In J.P. Reithmaier et al. (eds.), Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, Springer Science+Business Media B.V., 43-49 (2011)	3.60
	3. R.Adziski, **E.Fidancevska**, J.Bossert, M.Milosevska, Porous mullite ceramics for advanced sensors, In J.P. Reithmaier et al. (eds.), Nanotechnological Basis for Advanced Sensors, Springer Science+Business Media B.V., 73-78 (2011)	3.60
	4. **E.Fidancevska**, V.Vassilev, Obtaining of powders by controlled hydrolysis and sintering of materials from the TiO_2-Al_2O_3-SiO_2 system, Journal of the University of Chemical Technology and Metallurgy, Vol.45,No.4 (2010) 421-430	5.40
	5. V.Vassilev, T.K. Hristova-Vasileva, **E.Fidancevska**, M.N.Koleva, A.I.Zheglova, Physicochemical and optical properties of glasses from the Cu-S-Se system, Bulgarian Chemical Communications, Vol.2, No. 3 (2010) 253-259 (IF: 0.171)	3.77
	6. P. Paunović, O. Popovski, **E. Fidančevska**, B. Ranguelov, D. Stoevska Gogovska, A. T. Dimitrov, S. Hadži Jordanov, Co-Magneli phases electrocatalysts for hydrogen/oxygen evolution, International Journal of Hydrogen Energy, Vol.35 (2010) 10073- 10080 (IF:4.053)	7.65
	7. D.Milosevski, R.Adjiski, **E.Fidancevska**, Liqiude Phase Sintering of dense and porous Composites obtaining from industrial wastes, Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering, Vol.28, No.2 (2009) 189–195 (IF: 0.2)	5.00

	8. **E.Fidancevska**, V.Vassilev, T.Hristova-Vasileva, M.Milosevski, On a possibility for application of industial waste of metalurgical slag and TV – glass, Journal of the University of Chemical Technology and Metallurgy, Vol.44,No.2 (2009) 189-196	3.60
	9. **E.Fidancevska**, J.Bossert, V.Vassilev, R.Adziski, M.Milosevski, Design of Ceramic Microstructure of Nanoscaled Transitional Alumina, J.P.Reithmaier et al.(eds.), Nanostructured Materials for Advanced Technological Applications, Springer Science+Business Media B.V. 2009	3.60
	10. V.Vassilev, G.Vassilev, **E.Fidancevska**, Thermomechanical characteristic of chalcogenide glasses, Chalcogenide Letters, Vol.5 No.12, (2008) 415-422	4.80
	11. R. Adziski, **E. Fidancevska**, B. Anguseva, D. Milosevski, V. Vassilev, M.Milosevskki, Industrial waste as a source for fabrication of composite ceramics-glass with controlled porosity, Science of Sintering, 40 (2008) 89-96 (IF:0.412)	4.01
	12. R. Adziski, **E. Fidancevska**, B. Anguseva, M. Milosevski, V. Vassilev, Obtaining of porous quartz sand-glass composite for production of diffusers for water aeration, Maced. J. Chem. Chem. Eng., Vol.27, No.1 (2008) 35–40	3.60
	13. R. Adziski, B. Anguseva, **E. Fidancevska**, Fabrication of slag-glass composite with controlled porosity, Processing and application of ceramics, Vol.2, No.1 (2008) 63-67	4.80
9.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание =4**	
	1. V.Vassilev, M.Radonova, **E.Fidancevska**, New Pb-chalcogenide glasses based on GeSe2 and compositional influence on their properties, Journal of the Technical University - Sofia, Plovdiv branch, Fundamental Science and Applications, Vol.14, No.2 (2009) 509-514	3.2
	2. L.Aljihmani, V.Vassilev, T.Hristova-Vasileva, **E.Fidancevska**, Glass-formation and thermal characteristics of new glasses from the As2Se3-Ag4Sse-CdTe system, Journal of the Technical University-Sofia, Plovdiv branch, Fundamental Science and Applications, Vol.14, No.2 (2009) 497-501	2.4
	3. S.Petrovic, S.Vujovic, **E.Fidancevska**, J.Ranogajec, Ispitivanje istoriskih opeka, IZGRADNJA, Vol.62, No.5-7 (2008) 297-302	2.4
10.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3**	
	1.B.Angjusheva, **E. Fidancevska**, K. Lisickov, V. Jovanov, Optimiztion of the process of consolidationfor fly ash ceramics, XIV YuCorr, 17-20 April 2012, Tara Mountin, Serbia (Proceeding pp.275- 281)	1.80
	2.V.Srebrenkoska, **E.Fidancevska**, Environmental issues in materials science and engineering, XIV YuCorr International conference, 17-20 April 2012, Tara Mountin, Serbia (Proceeding pp.196-201)	2.70
	3.V.Srebrenkoska, K.Lisickov, **E.Fidancevska**, J.Blazevska-Gilev, Sustainable technologies as a basis for cleaner production, XIV YuCorr International conference, 17-20 April 2012, Tara Mountin, Serbia (Proceeding pp.202-206)	1.8
	4.K.Lisickov, **E.Fidancevska**, R.Grujic, V.Srebrenkoska,S.Kuvendziev, Sustainable development of green solvent separation processes, Međunarodni naučni skup "Obnovljivi izvori energije i održivi razvoj", APEIRON, 2-3 Juni, 2011, Banja Luka, (Bosnia and Hercegovina) (Proceeding pp. 111-118)	1.8
	5.V.Srebrenkoska, M.Van Acker, M.Jasic, **E.Fidancevska**, R.Grujic, Sustainable technologies and alternative energy sources in food industry,	

	Međunarodni naučni skup "Obnovljivi izvori energije i održivi razvoj", APEIRON, 2-3 Juni, 2011, Banja Luka, 2011 (Bosnia and Hercegovina) (Proceeding pp. 199-206)	1.8
	6.**E.Fidancevska**, W.Hoeflinger, R.Grujic, V.Srebrenkoska, J.Blazevska-Gilev, Sustainable development in materials engineering, Međunarodni naučni skup "Obnovljivi izvori energije i održivi razvoj", APEIRON, 2- 3 Juni, 2011, Banja Luka, Bosnia and Hercegovina(Proceeding pp. 74-77) (ivited lecture)	1.8
	7.B.Angusheva, **E.Fidancevska**, R.Adziski, V.Jovanov, Characterization of sintered ceramic from fly ash, II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the Processing Industry" Jahorina, March 9th to 11th, 2011, (Bosnia and Hercegovina) (Proceeding pp. 1257-1264)	1.8
	8.**E.Fidancevska**, V.Vassilev, Polucanie na TiO2, Al2O3 i SiO2 crez kohidroliza i zol-gel metod, 20th Anniversary International Scientific Conference, 3-4th Juni 2010, Stara Zagora, (Bugaria) (Proceeding pp. 7-16)	2.7
	9.R.Adziski, **E.Fidancevska**, D.Milovski, The effect of MgO addition on the synthesis of mullite from rice husk ash and technical alumina, 8th Scientific/Research Symposium with International Participation, Metallic and nonmetallic materials: production-properties-applications, April 27-28th, Zenica, 2010 (Bosnia and Hercegovina) (Proceeding pp. 78-83)	2.4
	10.V.Vassilev, S.Boycheva, **E.Fidancevska**, Air pollution with gaseous emissions and methods for their removal, Proceeding of the international scientific conference - FMNS, Vol. 2, South-west University Neofit Rilsky, Jun 3-7th, 2009, Blagoevgrad (Bulgaria) (Proceeding pp. 72-79)	2.4
	11.B.Anguseva, **E.Fidancevska**, R.Adziski, Influence of mechanical activation on the properties of dense ceramic materials obtained from fly ash, Proceeding of the international scientific conference - FMNS, Vol. 2, South-west University Neofit Rilsky, Jun 3-7th Blagoevgrad, 2009 (Bulgaria) (Proceeding pp. 93-98)	2.4
	12.R.Adziski, **E.Fidancevska**, V.Vassilev, Obtaining of active silica from rice hisk, Influence of mechanical activation on the properties of dense ceramic materials obtained from fly ash, Preceeding of the international scientific confrerence – FMNS, Vol. 2, South-west University Neofit Rilsky, Jun 3-7th, 2009, Blagoevgrad (Bulgaria) (Proceeding pp. 15-20)	2.4
	13.L.Aljihmani, V.Vassilev, T.Hristova Vassileva, **E.Fidancevska**, Physicochemical properties of new As2Sse-CdTe glasses, Preceeding of the international scientific confrerence - FMNS, Vol. 2, South-west University Neofit Rilsky, Jun 3-7th, 2009, Blagoevgrad (Bulgaria) (Proceeding pp. 30-34)	1.8
	14.**E.Fidancevska**, D.Spaseska, R.Adziski, M.Milosevski, V.Vassilev, T.Hristova-Vasileva, M.Koleva, Obtaining of highly dense and porous Al2O3, International Scientific Conference, November 21-28 20th 2008, Gabrovo, (Bugaria) (Proceeding pp.452-454)	1.8
	15.**E.Fidancevska**, R.Adziski, D.Milosevski, M.Milosevski, V.Vassilev, Lj. Aljihmani, G.Vassilev, Synthesis, Consolidation and properties of dense and porous TiO2, International Scientific Conference, November 21-28th 2008, Gabrovo, (Bulgaria) (Proceeding pp.455-458)	1.8
11.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	E.Fidancevska, Porous ceramic materials, 8th Scientific/Research Symposium withInternational Participation "Metalic and nonmetalic materials"production – properties –application, April 27th – 28th, 2010, Zenica, Bosnia and Hercegovina	3

12.	**Одржано предавање по покана на универзитет**	
	1. **E.Fidancevska,** Valorization of waste fly ash as raw material for ceramics, Willy Brandt Foundation, Faculty of Technology and Metallurgy, November, 2009	1
	2. **E. Fidancevska**, Керамички биоматеријали, - Технолошки факултет, Универзитет во Тузла, април 2012; - Технолошки факултет, Зворник, Универзитет Источно сараево, април, 2012; - Технолошки факултет, Универзитет во Нови Сад (ALTECH и Шекерана ТЕ-ТО Сента, мај 2012 - Технолошки факултет - Лесковац, Универзитет во Ниш, мај, 2012	1
	3. **E.Fidancevska**, BOMEX Refractory Пехчево, во рамки на ТЕМПУС проектот: Креирање мрежи за соработка помеѓу универзитетите и индустријата за едукација за одржливи технологии, УКИМ - Рециклирање, април, 2012 - Рециклирање на огноотпорни материјали, април 2012 - Корозија на огноотпорни материјали, мај 2012 - Синтерување на огноотпорни материјали, јуни 2012	3
	4. **E.Fidancevska**, Рециклирање, Технолошко-технички факултет, Универзитет Гоце Делчев, Штип	1
13.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	E. Fidancevska, Influence of mechanical activation on the properties of ceramics, XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia	2
	E. Fidancevska, Fabrication of porous and dense ceramics from transitional nano alumina, NATO Advance Stady Institute, Sozopol 2010	2
14.	**Апстракти објавени во зборник на конференција**	11
	1.B.Anguseva, K.Lisickov, **E.Fidancevska**, V.Jovanov, Fabrication of coal ash ceramics, Case study: Optimization of main process parameters, XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia 2.L.Aljihmani, T.Hristova-Vasileva, S.Boycheva, **E.Fidancevska**, V.Vassilev, Physicochemical properties of glasses from the $GeSe_2$-Sb_2Se_3-$PbSb_2Te_4$ System, XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia 3.N.Gocieva, Lj. Vladicevska, T.Frantzeskos, **E.Fidancevska**, The role of alternative fuels in cement production, XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia 4.A.Češnovar, P.Paunovic, A.Grozdanov, B.Rangelov, P.Makreski, G.Nacevski, **E.Fidancevska**,	

	Preparation of nano scaled anatase by thermal treatment of sol-gel produced $Ti(OH)_4$ at different temperatures, XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia 5.**E.Fidancevska**, D.Milosevski, V.Vassilev, Porous glass ceramics fabricated from metallurgical slag and waste glass, II International Congress "Engineering, Ecology and Materials in the Processing Industry" Jahorina, March 9th to 11th, 2011, (Bosnia and Hercegovina) 6.A.Češnovar, P.Paunovic, **E.Fidancevska**, A.Grozdanov, B.Rangelov, Characterization of TiO_2 produced by sol-gel procedure, International workshop on oxide and non-oxide materials for optoelektronics, UCTM, 21-22.12.2011, Sofia, Bulgaria 7.D.Milovski, V.Jovanov, R.Adziski, **E.Fidancevska**, Fabrication of magnesite – chromite refractory using different binders, 8th Scientific/Research Symposium with International Participation "Metalic and nonmetalic materials" production – properties –application, April 27th – 28th, 2010, Zenica, Bosnia and Hercegovina 8.B. Angjusheva, **E. Fidancevska**, R. Adziski, V. Jovanov, M. Milosevski, Production of Lightweight Ceramic Materials From Coal Fly Ash, *XXI Congress of Chemists and Technologists of Macedonia*, with international participation, *Ohrid 23-26 September, 2010* (poster presentation) 9.Angjuseva B, **E. Fidancevska**, Effect of mechanical activation on the properties of sintered fly ash compacts,*VIII th Congress of Pure and Applied Chemistry for the Students of Macedonia* (with international participation), Skopje, 8-10 October, 2009, (oral presentation) 10.R.Adziski, **E.Fidancevska**, V.Jovanov, V.Vassilev, Application of the polyfactor experiment design in the course of combustion of rice husk to amorphous silica, XX Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 17-20.2008, Ohrid, Macedonia 11.V.Jovanov, S.Petrovic, **E.Fidancevska**, J.Ranogajec, B.Anguseva, S. Markov, **Biocorrosion of ceramics fabricated from waste fly ash and clay, XX Congress** of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 17-20.2008, Ohrid, Macedonia	
	Вкупно	**153.01**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	Студија, физибилити-студија, истражување на пазарот	
	Е.Фиданчевска, Прелиминарно мислење за квалитет на плочки, (ТМФ.Бр. 08-554/3)	1

	Е.Фиданчевска, С.Богоевски, С.Зафировски, Р.Аџиски, В.Јованов, К.Стоилкова, Извештај за лабораториски керамички испитувања на керамички глини од локацијата Боксаш-Косова, Општина Клин, Косово, Скопје, 2008.	2
	Е.Фиданчевска, С.Богоевски, С.Зафировски, Р.Аџиски, В.Јованов, Б.Бошковски, К.Стоилкова, Студија за технолочките испитувања на глини од локалитетот АЈВАТОВЦИ-Скопско, Скопје 2008.	2
	Е.Фиданчевска, Р.Аџиски, В.Јованов, Извештај за испитување на квалитет на глазири за плочки на КЕРАМИКА НОВА – Велес, Скопје, 2008.	2
	Е.Фиданчевска, С.Зафировски, Извештај за квалитетот на санитарната керамика, физичко-хемиски особини, за АД САНКЕРАМ Македонија, Струмица, Скопје, 2008.	1
	Е.Фиданчевска, С.Богоевски, Извештај за извршена анализа на керамички чинии за Царинска управа, Скопје, 2008.	1
	С.Богоевски, **Е.Фиданчевска**, С.Зафировски, В.Јованов, Б.Бошковски, К.Стоилкова, Студија за технолочките испитувања на керамичка глина од АД ИГМ ЕЛЕНИЦА, Струмица, Скопје, 2008.	1
2.	**Учество на промотивни активност на Факултетот**	
	Презентација на програмата на ТМФ низ Републиката за периодот 2009, 2010, 2011, 2012	2
3.	**Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри**	
	1. **Е.Фиданчевска**, Безбедни традиционални садови за чување, приготвување и служење на храна, Вранешница, во организација на GTZ GmbH. 2. **Е.Фиданчевска**, Безбедни традиционални садови за чување, приготвување и служење на храна, Занаетчиска комора на Македонија, во организација на GTZ GmbH.	0.5 0.5
	Раководител на лабораторија	
	Раководите на компјутерска лабораторија основана во рамки на ТЕМПУС проектот: 158989-TEMPUS-1-2009-1-BE-TEMPUS-JPHES	1
	Вкупно	14

ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

1.	**Член на уреднички одбор на меѓународно научно списание = број x 1**	
	Уреднички одбор на Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Technology, 2007-2011 (член)	1
2.	**Член на организационен или програмски одбор на научен /стручен собир= број x 1**	
	8th Scientific/Research Symposium with International Participation "Metalic and nonmetalic materials" production – properties application, April 27th – 28th, 2010, Zenica, Bosnia and Hercegovina (член во научен одбор)	1
	XXII Congress of Chemists and technologists of Macedonia, with international participation, Sept. 5-9.2012, Ohrid, Macedonia (член во научен одбор)	1
	ICEL 2 (член во научен одбор)	1
	DAAD Alumni (член)	1
3.	**Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир = број x 0.5**	

	АЛУМНА ТМФ (член на извршен одбор)	0.5
	Член на сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија	0.5
	НАНОМАК	0.5
	Инженерска институција на Македонија	0.5
4.	**Награда за научни постигнувања од струкова организација**	
	Втора награда за постер презентација, NATO ASI, Juni, 2008, Sozopol, Bugarija (учесник во тим)	1
5.	**Студиски престои во странство (до 3 месеци) = број x 0.5**	
	1. DAAD - Flay ash as a raw material for designing potential ceramics products, Frederic Schiller University, Institute of materials science and material technology, Jena, Germanija, 20.9-.20.12.2008 2. Ka-Ho Sint Lieven, Гент, Белгија, септември 2010 (7 дена) 3. Триер универзитет за применети науки, Биркенфелд, Германија, октомври 2010 (7 дена) 4. Виена Универзитет, Виена, Австрија, ноември 2010 (7 дена)	2
6.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект**	
	Programme "Capacities-research Potential" – Call ID "FP7-REGPOT-2009-1" Proposal No 245642 – MASPOT (соработник). ISTRAŽIVANJE SAVREMENIH MATERIJALA I AMBALAŽE ZA PAKOVANJE HRANE U FUNKCIJI UNAPREĐENJA PLASMANA PROIZVODA", пријавен од Универзитетот во Источно Сараево, Технолошки факултет – Зворник, раководител: д-р Радослав Груиќ (соработник), член од МК. Strenghtening the full research potential in Environmental Technologies and Materials, FP7-REGPOT-2010-5 – MAKLAB (соработник).	1 1 1
7.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	
	Валоризирање на летечката прашина како суровина за дизајнирање на керамички материјали, МОН 20010, (раководител)	1
8.	**Член на Универзитетски сенат**	
	Сенатор при УКИМ, 2012 (сенатор)	2
9.	**Член на факултетска комисија**	
	Член на наставно-научниот колегиум за студиската програма инженерство за животна средина Член на наставно-научниот колегиум за студиската програма неорганско инженерство и заштита на животната средина Работна група за организирање на семинари и работилници	0.5 0.5 0.5
10.	**Член во комисија за избор во звања**	
	- Војо Јованов, избор во звањето помлад асистент - Билјана Анѓушева, избор во звањето доцент - Војо Јованов, избор во звањето асистент	0.6
11.	**Учество во комисии и тела на државни и други органи**	
	Институт за стандардизација на Република Македонија, ТК25- Зидарство, 2009-2012 (член) Лиценца за вештачење од областа на технолошкото инженерство при Министерството за правда	1 1
	Вкупно	**20.1**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	80,67
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	153,01
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	14,00
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	20,01
ВКУПНО	267,69

Рецензентска комисија

1. Д-р Јоњауа Раногајец, редовен професор, Технолошки факултет, Универзитет во Нови Сад, с.р.

2. Д-р Александар Димитров, редовен професор, Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, с.р.

3. Д-р Станоја Стоименов, редовен професор во пензија, Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методи" во Скопје, с.р.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски тези на Технолошко-металуршки факултет во Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Сретен Стојковски	,,Состојба на загаденоста, оценка и рангирање на предложените методи за ремедијација на депонии со изомери на НСН,,	Проф.д-р Перица Пауновиќ
Димитар Свирков	,,Идентификација на ризичните параметри од отпадните гасови во производниот процес на „Скопски легури“ ДООЕЛ Скопје со предлог постапка за нивна минимизација,,	Проф.д-р Благица Близнаковска
Тони Ацоски	,,Развој на формулации за пекарски адитиви за брашна со различни реолошки карактеристики,,	Проф.д-р Весна Рафајловска
Моника Ѓорческа	,,Влијание на различни фактори врз квалитетот и консумирањето на вино,,	Проф.д-р Донка Донева Шапческа
Горан Србиновски	,,Добивање на биодизел од употребувано масло со користење на ултразвук,,	Проф.д-р Славчо Алексовски
Драган Миловски	,,Влијание на пластифик.аторот при производство на магнезит-хромитни огноотпорни материјали,,	Проф.д-р Емилија Фиданчевска
Марта Недановска	,,Пигментно боење на различно обоените памучни производи,,	Проф.д-р Биљана Манговска
Јетон Кучи	,,Сепарација на амониум јони од водени раствори со примена на синтетизирани зеолити,,	Проф.д-р Кирил Лисичков
Верица Мицева	,,Фунгална контаминација на храна и определување на охратоксин А со ELISA метода,,	Проф.д-р Донка Донева Шапческа

Мартин Пејчиновски	„Примена на PCR техниката за утврдување на генетскиот профил на моноцитите„	Проф.д-р Донка Донева Шапческа
Кристијан Лончар	„Карактеризација на ликопенот во сушен домат со примена на оптички и електрохемиски методи„	Доц.д-р Загорка Конеска
Светлана Томиќ Дукоска	„Менаџирање на процеси во фармацевтската индустрија со примена на статистичка процесна контрола„	Проф.д-р Соња Кортошева
Јосиф Турунидов	„Влијание на органските адитиви врз електродепозицијата на бакар врз рутениумови подлоги„	Проф.д-р Перица Пауновиќ

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 7.03.2013 година

Кандидат	Тема	Ментор
Сашо Симоновски	*Истражување на напонско-деформационите услови при топло ковање на прачкасти делови со глава*	Проф. д-р Јован Лазарев
Марјан Томов	*Анализа на предусловите за успешно функционирање на систем за менаџмент на квалитет согласно МКС ISO 9001*	Проф. д-р Миколај Кузиновски
Миле Шошевски	*Машини и методи за хоризонтално геолошко дупчење*	Проф. д-р Јанко Јанчевски
Дејан Бошковски	*Модели за определување на повластените тарифи со посебен акцент на произведената енергија од мали хидроелектрани*	Проф. д-р Предраг Поповски

П Р Е Г Л Е Д

на теми за изработка на магистерски труд прифатени од Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје на седницата одржана на 31.01.2013 година

Кандидат	Тема	Ментор
Дејана Глишиќ	*Оптимизација на процесите на набавки при менаџирање на комплексни проекти*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ
Саше Паневски	*Примена на системи за енергетски менаџмент во Република Македонија*	Вон. проф. д-р Доне Ташевски
Игор Илиев	*Анализа и определување на влијателните фактори при струење низ дворедните решетки статор и спроводен апарат кај хидрауличните турбини*	Проф. д-р Предраг Поповски
Билјана Јаневска	*Компјутерски интегрирано проектирање на производни процеси за изработка на модуларни производи во електро индустрија*	Проф. д-р Валентина Гечевска
Велика Ангелкова	*Внатрешната мотивација како клучен фактор за успех на компаниите*	Проф. д-р Радмил Поленаковиќ

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ГРУПАТА ПРЕДМЕТИ: **ТЕХНОЛОГИЈА НА ПАКУВАЊЕ, ОСНОВНИ ПРОЦЕСИ ВО БИОТЕХНОЛОГИЈАТА 1, ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА, ИНДУСТРИСКА МИКРОБИОЛОГИЈА ЗА ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА БИОПОЛИМЕРИ, ТЕХНОЛОГИЈА НА МЕСО И МЕСНИ ПРОИЗВОДИ И ТЕХНОЛОГИЈА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК** НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на XXIV редовна седница одржана на 14.3.2013 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на **наставник во сите наставно-научни звања** по групата предмети: **технологија на пакување, основни процеси во биотехнологијата 1, индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи, технологија на биополимери, технологија на месо и месни производи и технологија на овошје и зеленчук**, во состав:

- д-р Ацо Димитровски, редовен професор во пензија, Технолошко-металуршки факултет-Скопје, претседател;
- д-р Татјана Кадифкова Пановска, вонреден професор, Фармацевтски факултет-Скопје, член;
- д-р Божидар Шантек, редовен професор, Прехранбено-биотехнолошки факултет, Универзитет во Загреб, член.

Врз основа на пријавата и по разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајм" од 05.2.2013 година се пријави д-р Ирина Младеноска, насловен доцент на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје. Со пријавата се доставени сите потребни документи според објавениот конкурс.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Ирина Младеноска е родена на 20.8.1969 година во Штип, Република Македонија.

2. ОБРАЗОВАНИЕ

1988 год.	Средно насочено образование, **насока: биотехнологија**, Гимназија „Климент Охридски" во Охрид, Република Македонија.
1994 год.	**Дипломска работа:** Продукција на глуконска киселина со имобилизиран систем на *Aspergillus niger* во декстран кополимерен матрикс. Технолошко-металуршки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,

Република Македонија.

1998 год. **Магистерска работа:** Продукција и пречистување на липаза од *Geotrichum candidum*.
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,
Република Македонија.

2007 год. **Докторска дисертација**: Ензимска синтеза на некои биоестри со користење на неконвенционални реакциони медиуми.
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје,
Република Македонија.

3. РАБОТНО ИСКУСТВО

2001 год. **Контролор на квалитет на прехранбени производи** во Институтот за превентивна медицина при Воената болница во Скопје, Република Македонија

2004 год. **Асистент** по предметите: технологија на пакување, индустриска микробиологија, технологија на биополимери, технологија на козметички производи, мелничарство и технологија на житарки и фармацевтска технологија.

2008 год. **Наслоен доцент** по предметите: технологија на пакување, технологија на биополимери, технологија на месо и месни производи и технологија на овошје и зеленчук.

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЛНОСТ

По изборот во звањето насловен доцент, кандидатката д-р Ирина Младеноска континуирано е ангажирана во изведувањето на наставата и вежбите на додипломските студии на студиските програми по прехранбена технологија и биотехнологија по предметите: технологија на пакување, технологија на биополимери, технологија на месо и месни производи и технологија на овошје и зеленчук. Од 2010 година, ангажирана е и во изведувањето на наставата на доделените предмети: индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи и основни процеси во биотехнологијата 1 (40%).

Кандидатката од изборот во звањето насловен доцент до денес, вклучена е и во наставата на постдипломските студии на насоките прехранбена технологија, биотехнологија и управување со квалитет и безбедност на храна, на предметите: развој на нови производи процеси и методи (2+4) и амбалажни материјали и системи за пакување (2+2), а од 2010 година и на предметот: ензими во процесната индустрија (3+3).

Кандидатката учествувала во оценувањето и изработката на голем број дипломски работи. Била и ментор на неколку дипломски работи.

Д-р Ирина Младеноска, покрај редовните работни обврски во одржувањето на наставата, вежбите, домашните работи, семинарските работи, консултациите и теренската настава, автор е и на 2 позитивно рецензирани практикума за лабораториски вежби по предметите: технологија на биополимери и технологија на месо и месни производи, како нови интерни материјали -помагала во наставата на насоките прехранбена технологија и биотехнологија на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

5. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

По изборот во звањето насловен доцент, кандидатката д-р Ирина Младеноска има објавено 5 труда со оригинални научни резултати во списанија со меѓународен научен одбор, на 4 од нив е прв автор, а едно е печатено и во списание со **фактор на влијание**. Кандидатката е автор/коавтор и на 3 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор, а и на 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир.

Автор е и на поглавјето „Индустрија за месо и месни преработки" од Монографијата „100 години прехранбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија", издадена од Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија во 2009 година.

Кандидатката во периодот од нејзиниот избор во насловен доцент до денес учествувала на 3 проекти, еден национален и два меѓународни.

Д-р Ирина Младеноска е ментор и на една магистерска работа што е во тек на изработка.

Кандидатката во 2012 година одржала 3 секциски предавања на меѓународни научни собири, а зела активно учество и на поголем број конференции.

6. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Д-р Ирина Младеноска била рецензент на 4 труда објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор, меѓу кои се и списанијата „Biotechnology Progress" со фактор на влијание 2,34 и „Carbohydrate Polymers" со фактор на влијание 3,628.

Поради својата успешна дејност како рецензент од научната област на биотехнологијата, кандидатката Младеноска, во ноември 2013 година, е поканета да стане член на меѓународниот научен одбор на списанието „Purple Journal of Biotechnology", која покана кандидатката со задоволство ја прифатила.

Кандидатката д-р Ирина Младеноска била претседател на 2 комисии за рецензија на средношколски учебници и член на 1 комисија за избор на помлад асистент.

Насл. доц. д-р Ирина Младеноска во изминатиов 5-годишен период зела активно учество и во промотивните активности на Технолошко-металуршкиот факултет, презентирајќи ја работата на Факултетот во средните училишта, а и на настаните „Отворен ден на ТМФ". Презентирајќи дел од вежбите по предметот технологија на биополимери, со помош на студентите на ТМФ на плоштадот Македонија, кандидатката успеала да привлече голем интерес и кај пошироката публика и придонела за поголемо афирмирање на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје.

Во јули 2012 год. го афирмирала својот Факултет и како водител, по покана, на сесијата „Обновливи извори на енергија" на 7. Конференција за обновлив развој на

енергетски, водни системи и животна средина, спонзорирана од UNESCO, одржана во Охрид, Р. Македонија, па поради својата успешна работа во истата година е предложена и за член на научниот советодавен одбор на 8. Конференција за обновлив развој на енергетски, водни системи и животна средина, спонзорирана од UNESCO, што ќе се одржи во Дубровник, во септември 2013 година.

Кандидатката д-р Ирина Младеноска е носител на 3 изготвени и пријавени научни проекти, од кои 2 национални и 1 билатерален проект со Република Хрватска.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од прегледот на изнесените активности на д-р Ирина Младеноска по изборот во звањето насловен доцент, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката континуирано се надградува во наставно-образовната, стручно-апликативната дејност и дејностите од поширок интерес, а особено во научно-истражувачката дејност.

Како насловен доцент од 2008 год. до денес, кандидатката држела предавања и вежби на 4 предмети, а од 2010 на уште 3 предмети на додипломските студии, за што се потребни навистина големи вложувања.

Треба да се истакне научноистражувачката активност на кандидатката која само во 2012 година има публицирано 3, а предадено за публицирање уште 1 труд со оригинални научни резултати во списанија со меѓународен научен одбор. Од пубицираните, 1 е и со фактор на влијание (Food Technology and Biotechnology), а прифатен за печатење е и 1 труд напишан по покана и предаден во реномирано европско списание (*Chemical Engineering Transactions, a publication of the Italian Association of Chemical Engineering).*

Интересно е тоа што кандидатката научно се гради во речиси сите полиња на кои и држи настава. Нејзините трудови се однесуваат на различни проблематики, од имобилизација на ензимите за примена во реакции на синтеза на биоемулгатори, примена на биокомпатибилните емулгатори во прехранбената индустрија, па се до примена на отпадните материјали од прехранбената индустрија за микробна продукција на производи со додадена вредност. Тоа што дел од истражувањата презентирани во овие трудови се изведени во соработка со високостручен кадар на Воената болница, денес Градска болница „8 Септември", во Скопје, говори за успешното продолжување на соработката на кандидатката Младеноска со оваа тесно специјализирана установа, од каде што потекнува и 4-годишното работно искуство на кандидатката, и тоа во областа на контролата на квалитетот и безбедноста на прехранбените производи.

Кандидатката Младеноска, полека, но сигурно, станува препознатлива и во меѓународната научна јавност, па често е поканета да биде рецензент на научен труд или да биде член на научен уредувачки одбор.

Врз основа на горенаведеното и во согласност со постојните критериуми за избор на наставник според Правилникот за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за избор во повисоко звање со вкупно 183,36 бода (Анекс 2) и нашата позитивна оцена на нејзината наставно-образовна, научноистражувачка, стручно-апликативна дејност и дејностите од поширок интерес, членовите на Рецензентската комисија со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Технолошко-металуршкиот факултет, кандидатката д-р Ирина Младеноска, досегашен насловен доцент, да биде предложена за избор во звањето вонреден професор по предметите: технологија на пакување, основни процеси во биотехнологијата 1, индустриска микробиологија, индустриска микробиологија за прехранбени производи, технологија на биополимери, технологија на месо и месни производи и технологија на овошје и зеленчук.

Рецензентска комисија

---

1. Д-р Ацо Димитровски, редовен професор во пензија,
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, с.р.

---

2. Д-р Татјана Кадифкова Пановска, вонреден професор,
Фармацевтски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје с.р.

---

3. Д-р Божидар Шантек, редовен професор,
Прехранбено-биотехнолошки факултет,
Универзитет во Загреб, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ирина Борис Младеноска
(име, татково име и презиме)
Институција: Технолошко-металуршки факултет-Скопје
(назив на факултетот/институтот)
Научна област:
технологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:		Поени
1	**Одржување на настава - прв циклус на студии = ч · нед. · 0,04**		
	Технологија на пакување (2+2)(ПТ+БТ)	2008-2013	12
	Технологија на биополимери (2+3) (БТ)	2010-2011	2,4
	Технологија на биополимери(2+2) (БТ)	2012-2013	2,4
	Технологија на месо и месни пр. (2+2) (ПТ+БТ)	2008-2013	6
	Технологија на овошје и зеленчук (2+2) (ПТ+БТ)	2008-2013	6
	Индустриска микробиологија (2+3)(БТ)	2010-2013	2,4
	Индустриска микробиол. за прех. произ. (2+1) (ПТ)	2010-2013	2,4
	Основни процеси во биотехнол. 1 (2+3) (40%) (БТ)	2010-2012	1,44
	Основни процеси во биотехнол. 1 (2+3) (БТ)	2013	1,2
2	**Одржување на вежби - прв циклус студии = ч · нед. · 0,03**		
	Технологија на пакување (2+2)(ПТ+БТ)	2008-2013	4,5
	Технологија на биополимери (2+3) (БТ)	2008-2011	5,4
	Технологија на биополимери(2+2) (БТ)	2012-2013	3,6
	Технологија на месо и месни пр. (2+2) (ПТ+БТ)	2008-2013	4,5
	Технологија на овошје и зеленчук (2+2)(ПТ+БТ)	2008-2013	4,5
3	**Одржување на теренска настава ч · нед. · 0,04**		
	Фабрика за производство на хартија и хартиена амбалажа „Комуна“, АД Скопје (2008-2010)		5,4
4	**Одржување на настава - втор циклус студии = ч · нед. · 0,05**		
	Ензими во процесната индустрија (3+3)	2010-2013	5,4
	Развој на нови производи, процеси и методи (2+4)	2008-2013	1,8
	Амбалажни материјали и системи за пакување (2+2)	2008-2013	1,8
5	**Консултација со студенти =број · 0,002**		
	2008-2013 вкупно 500		1
6	**Ментор на дипломска работа =број · 0,2**		
	2008-2013 вкупно 5		1
7	Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа **=број · 0,1**		
	2008-2013 член на 10 дипломски работи		1
8	**Позитивно рецензирана скрипта од вежби · 3**		
	Практикум за лабораториски вежби по предметот технологија на биополимери од д-р Ирина Младеноска. Ментор: проф. Кузманова Слободанка, 2008 год. (одлука 07-223 од 5.2.2013)		3
	Практикум за лабораториски вежби по предметот технологија на месо и месни производи. Насл. доц. Ирина Младеноска, 2012 год. (одлука 07-223 од 5.2.2013)		3
9	**Подготовка на нов предмет · 1**		
	Технологија на биополимери (вежби) (БТ) (2+3)		1
	Технологија на месо и месни производи (вежби) (ПТ+БТ) (2+2)		1

	Индустриска микробиологија (БТ) (2+3)	1
	Индустриска микробиологија за прехранбени производи (ПТ) (2+1)	1
	Ензими во процесната индустрија ПДС (3+3)	1
	Развој на нови производи, процеси и методи ПДС (2+4)	1
	Амабалажни материјали и системи за пакување ПДС (2+2)	1
	Продукција, примена и интегрирање на адитивите во храната (ДС) 7,5 кредити	1
	Достигнувања во прехранбените технологии (ДС) 7,5 кредити	1
	Достигнувања во индустриската биотехнологија (ДС) 7,5 кредити	1
10	**Пакет материјали за одреден предмет · 1**	
	Ензими во процесната индустрија ПДС (3+3)	1
	Развој на нови производи, процеси и методи (2+4)	1
	Амбалажни материјали и системи за пакување ПДС (2+2)	1
	Достигнувања во индустриската биотехнологија (ДС) 7,5 кредити	1
	Продукција, примена и интегрирање на адитивите во храната (ДС) 7,5 кредити	1
	Достигнувања во прехранбените технологии ДС 7,5 кредити	1
	Вкупно	98,14

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред, број	Назив на активноста:	Поени
1	**Учесник во национален научен проект = број·3**	
	Ензимска синтеза на алкилгликозиди, финансиран од Министерството за наука и образование на Р. Македонија (2005-2008) (национален проект - учесник).	3
2	**Учесник на меѓународен научен проект = број·5**	
	Greenchem (Specialty chemicals from renewable resources) (P. Adlercreutz, Lund University, Sweden), collaboration between Academia and Industry, funded by MISTRA), (2003-2010) with prolongations.	5
	New curriculum models for educating food engineers, Tempus CD_JEP-40065-2005 (2006-2009)	5
3	**Дел од монографија = број·4**	
	I. Mladenoska, Индустрија за месо и месни преработки, 2009, стр. 267-271, поглавје од монографијата „100 години прехранбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија“, издадена од Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (ISBN 978-9989-76/-/8-2)	4
4	**Ментор на магистерска работа = број·1**	
	Толев Анѓелчо. Примена на монолауринот во пекарските производи како прехранбен емулгатор со антимикробни својства, (работен наслов), во фаза на изработка (2013)	1
5	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор = 6+ i.f.**	
	D. Nikolovska-Nedelkoska, **I. Mladenoska**, F. Poposka, E. Winkelhausen, S. Kuzmanova, Modification of β-galactosidase for use in organic mono-phase hexanol system. *Maced. J. Chem. Chem. Engin.*, 28, 91-97, (2009).	3,6
	I. Mladenoska. Simple and Mixed Reverse Micelles as Potential Bioreactors for Enzymatic Synthesis of Alkyl Glycosides – Environmentally Friendly Surfactants, *Food Technol. Biotechnol.*, 50 (4) 420-427. (2012) **(i.f.=1.2)**	7.2
	I. Mladenoska, V. Nikolovska, L. Puzderliska. Model meat pasteurized sausages enriched with monolaurin as nutraceuticals with pronounced antimicrobial properties. *Food Feed Res.*, 39 (2) 69-71, (2012).	4,8
	I. Mladenoska, The potential application of novel beeswax edible	6

	coatings containing coconut oil in the minimal processing of fruits. *Advanced Technologies*, 2(1) 26-34, (2012).	
	I. Mladenoska, A. Dimitrovski. Microbial production of lipases on media containing vegetable oil waste: process development, *Chem. Engin. Trans., XX* (2012), *submitted upon invitation for the special issue of SDEWES 2012 UNESCO sponsored Conference (accepted for publication, ref. nu. CET-OH12-0002).*	5,4
6	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3**	
	I. Mladenoska, V. Nikolovska, L. Puzderliska, Novel nutraceutical meat products containing Lauricidin as a dietary supplement with antimicrobial properties. Proceedings of the 6th European Congress on Food CeFood 2012, 225-231, Novi Sad, Serbia, 23-26 May, 2012.	2,4
	I. Mladenoska, P. Adlercreutz, Enzymatic synthesis of octyl-β-glucoside-an environmentally friendly biosurfactant by using almond β-glucosidase in monophasic water/octanol mixtures, Proceedings of the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, Ohrid, 2012, SDEWES 2012_FP_133	2,7
	I. Mladenoska, A. Dimitrovski, Biodegradable oil waste as a raw material for microbial production of lipases, Proceedings of the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, Ohrid, 2012, SDEWES 2012_FP_228	2,7
7	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир = 2**	
	Irina Mladenoska, Daniela Nikolovska-Nedelkoska, Eleonora Winkelhausen, Slobodanka Kuzmanova, Influence of temperature on the donor selectivity of native and immobilized *Aspergillus oryzae* β-galactosidase, 20th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Proceedings, BFT-09-E, (2008).	1,2
	Daniela Nikolovska-Nedelkoska, **Irina Mladenoska**, Eleonora Winkelhausen, Slobodanka Kuzmanova, Immobilisation of *Aspergillus oryzae* β-galactosidase for efficient use in organic medium , 20th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, Proceedings, BFT-10-E, (2008).	1,2
8	**Апстракти објавени во зборник на конференција = број· 1,0**	
	Irina Mladenoska, Katerina Bosilkoska, Vesna Nikolovska, Lence Puzderliska, Antifungal and antiyeast activity of monolaurin used as a food additive in some meat emulsified products, 21th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 249, Ohrid (2010).	1
	Irina Mladenoska, Antimicrobial beeswax edible coatings with monolaurin in preservation of fruits and vegetables, 21th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia (with international participation), 140, Ohrid (2012).	1
	Irina Mladenoska, Daniela Nikolovska-Nedelkoska, Eleonora Winkelhausen, Slobodanka Kuzmanova, Influence of temperature on the donor selectivity of native and immobilized *Aspergillus oryzae* β-galactosidase, 20th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 121-122, Ohrid, 2008.	1
	Daniela Nikolovska-Nedelkoska, **Irina Mladenoska**, Eleonora Winkelhausen, Slobodanka Kuzmanova, Immobilisation of *Aspergillus oryzae* β-galactosidase for efficient use in organic medium, 20th Congress of Chemists and Technologists of Macedonia, 123-124, Ohrid, 2008.	1
	Irina Mladenoska, Aco Dimitrovski, Biodegradable Oil Waste as a Raw Material for Industrial Microbiology Processes, Book of abstracts of the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, UNESCO sponsored Conference, 222, Ohrid, 2012.	1
	I. Mladenoska, P. Adlercreutz, Development of green chemistry processes for production of eco-friendly compounds from renewable resources, Book of abstracts of the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, UNESCO sponsored Conference, 270, Ohrid, R. Makedonija 2012.	1

	I. Mladenoska, V. Nikolovska, L. Puzderliska, Novel nutraceutical meat products containing Lauricidin as a dietary supplement with antimicrobial properties, Book of abstracts of the 6th Central European Congress on Food, 47, Novi Sad, Serbija, 2012.	1
9	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество = 2**	
	I. Mladenoska, Novel nutraceutical meat products containing Lauricidin as a dietary supplement with antimicrobial properties, I Food ingredients, health and nutrition, functional foods, Session 3, I o 013, Thursday, 24th of May, 2012, 6th European Congress on Food CeFood 2012, Novi Sad, Serbia, 23-26 May, 2012.	2
	I. Mladenoska, Biodegradable oil waste as a raw material for industrial microbiology processes, in the session entitled "Recycling waste" at the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, held from 1-7 July, 2012, in Ohrid, Macedonia.	2
	I. Mladenoska, Development of green chemistry processes for production of eco-friendly compounds from renewable resources, in the session entitled "Cooperation and development/technology transfer" at the 7th Conference on sustainable development of energy, water and environment systems, held from 1-7 July, 2012, in Ohrid, Macedonia.	2
	Вкупно	**68,02**

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Поени

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија = 1**	
	Рецензија на труд по барање на уредникот на „Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering", 2008 god.	1
	Рецензија на труд по барање на уредникот на „Turkish Journal of Biology", 2011 год.	1
	Рецензија на труд по барање на уредникот на „Biotechnology Progress" (i.f.=2,34), 2012 год.	1
	Рецензија на труд по барање на уредникот на „Carbohydrate Polymers" (i.f.=3,628), 2012 год.	1
2	**Рецензент на учебник за средно образование = 0,5**	
	Претседател на Комисијата за рецензија на учебникот „Производство на алкохолни и безалкохолни пијалаци" за III година земјоделско-ветеринарна струка, профил: лозарско-винарски техничар. Решение на МОН бр. 22-1562/1 од 27.7.2012.	0,5
	Претседател на Комисијата за рецензија на учебникот „Прехранбена технологија" за III година хемиско-технолошка струка, прехранбен техничар. Решение на МОН бр. 22-1482/1 од 5.7.2012.	0,5
3	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот = 0,5**	
	Презентација на наставните програми на насоките прехранбена технологија и биотехнологија во средното училиште „Орце Николов" во 2008/2009 год.	1
	Презентација на работата на Факултетот, сегмент од лабораториски вежби по предметот технологија на биополимери на плоштад „Македонија" (2008/2010).	1,5
	Презентација на наставата на насоките прехранбена технологија и биотехнологија на промоциите „Отворен ден на ТМФ" (2008-2012)	2,5
	Водител по покана на сесијата „Обновливи извори на енергија" на 7. Конференција за обновлив развој на енергетски, водни системи и животна средина, спонзорирана од UNESCO, одржана во Охрид, Р. Македонија во јули 2012 година, како научен кадар на ТМФ, Скопје.	0,5

	Вкупно	**10,5**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС		
1	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир = 1**	
	Член на Научниот советодавен одбор на 8. Конференција за обновлив развој на енергетски, водни системи и животна средина, спонзорирана од UNESCO (2013).	1
2	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание = 1**	
	Член на Уредувачкиот одбор на меѓународното научно списание: „Purple Journal of Biotechnology"	1
3	**Член на комисија за избор во звање =0,2**	
	Член на Комисијата за избор на помлад асистент на групата предмети: технологија на пакување, основи на биохемиско инженерство, контрола на квалитет на прехранбени производи, технологија на месо и месни производи, технологија на овошје и зеленчук, технологија на биополимери и технологија на кондиторски производи (решение бр. 07-2298 од 9.11.2012).	0,2
4	**Член на факултетска комисија=0,5**	
	Член на наставно-научен колегиум за втор циклус студии на студиските програми прехранбена технологија, биотехнологија и управување со квалитет и безбедност на храна (решение бр. 02-689/6 од 26.4.2011).	0,5
6	**Изготвување и пријавување на научен/образовен проект, носител=1**	
	Продукција и примена на прехранбени адитиви со изразена антимикробна активност (национален), во соработка со Фармацевтскиот факултет во Скопје и Прехранбено-биотехнолошкиот факултет при Универзитет во Загреб, Р. Хрватска (2010), **носител.**	1
	Ензимска продукција на специјални биосоединенија во неконвенционални реакциони медиуми, национален во соработка со Фармацевтскиот факултет во Скопје и Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (2011), **носител.**	1
6	**Изготвување и пријавување на научен/ образовен меѓународен проект, носител=2**	
	Develoment of biotechnological processes for synthesis of specialty biobased products from renewable resources. Bilateral project with Republic of Croatia, 2010-2012 (**носител**).	2
	Вкупно	**6,7**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	98,14
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	68,02
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	-
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	10,50
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	6,7
Вкупно	**183,36**

Рецензентска комисија

---

1. Д-р Ацо Димитровски, редовен професор во пензија,
Технолошко-металуршки факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, с.р.

---

2. Д-р Татјана Кадифкова Пановска, вонреден професор,
Фармацевтски факултет,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје с.р.

---

3. Д-р Божидар Шантек, редовен професор,
Прехранбено-биотехнолошки факултет,
Универзитет во Загреб, с.р.

Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје

Кандидат	Тема	Ментор
Ивана Крстевска	Психолошките аспекти во процесот на преговарање	доц. д-р Елеонора Серафимовска
Бисера Спасовска	Улога и значење на водството за организацискатa ефикасност	проф.д-р Васил Поповски
Мартин Серафимов	Регрутација и селекција при креирање на ад хок тимови	доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ
Јане Плавевски	Карактеристики на менаџерите од македонската генерација Y во управувањето со бизнисот и компаниите	доц. д-р Марија Топузовска Латковиќ
Боран Ивановски	Модел на специфични обуки на државните службеници од локалната самоуправа во Република Македонија	Проф.д-р Мирјана Борота Поповска

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ- ПОМЛАД АСИСТЕНТ, НА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА ДЕТСКИОТ ФОЛКЛОР И КРАТКИТЕ ЖАНРОВИ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс објавен во весникот „Нова Македонија” на ден 9.1.2013 год., за избор во звањето помлад истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови, Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, на седницата одржана на 20.2.2013 год. а со одлука бр.02-84 нè определи за членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Ермис Лафазановски, проф. д-р Катерина Петровска- Кузманова и проф. д-р Клеанти Ановска. Рецензентската комисија го прегледа конкурсниот материјал и го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот распишан од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје за избор на помлад асистент – истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови во Институтот, а објавен во весникот „Нова Македонија“ од 9.1.2013 година, се пријавија тројца кандидати: Кристина Димовска, Наташа Арсовска и Фросина Пармаковска. Конкурсната комисија ги разгледа пристигнатите пријави и целосната документација и констатира дека кандидатката Наташа Арсовска не ги исполнува критериумите пропишани со конкурсот поради понискиот просек од бараното, а кандидатската Фросина Пармаковска, ги испратила документите откако поминал конкурсниот рок, со што исто така не ги исполнила критериумите за почитување на конкурсниот рок, со што единствен кандидат кои ги исполнува конкурсните услови е Кристина Димовска.

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Кристина Димовска е родена на 19.10.1987 година во Скопје. Има завршено гимназија “Раде Јовчески Корчагин“ во Скопје со просек 5,00. Дипломирала на отсекот за општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со извонреден просек од 9,76. Магистрирала на отсекот за општа и компаративна книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со извонреден успех 10,00. Кандидатката во 2012 година на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ ја одбрани магистерската теза

со наслов: „**Поимите херој и хронотоп во три средновековни епа – *Песна за Роланд, Слово за походот Игорев* и епскиот циклус за Крале Марко** “, со што се стекна со научен назив магистер на филолошки науки во областа наука за книжевност. Димовска познава повеќе странски јазици меѓу кои: англиски, француски и руски, а се служи со латинскиот јазик.

Во магистерската теза со наслов „**Поимите херој и хронотоп во три средновековни епа – *Песна за Роланд, Слово за походот Игорев* и епскиот циклус за Крале Марко**“, нејзиниот примарен фокус се ориентира кон четири значајни (историски, но и книжевни) епови од средновековната епска традиција. Во самиот наслов се содржани неопходните, појаснувачки сигнали околу тоа за кои четири книжевни дела станува збор, и, што е можеби поважно, за видот на аналитичкиот пристап преку кој ќе се обидеме нив да ги разгледаме, херменевтички да ги протолкуваме и да ги образложиме. Овој труд дава ретка можност на заедничко теориско и книжевно-херменевтичко согледување и читање, низ една заедничка призма, на споменатите *Песна за Роланд, Слово за походот Игорев* и епскиот циклус за Крале Марко, со цел да им се пристапи како на унифициран корпус текстови, иако есенцијално различни и меѓусебно несводливи, но такви кои во себе го содржат капацитетот да бидат читани низ една обединувачка, книжевна визура – како дела артефакти и како дела кои се доказ за една богата книжевна историја.

Нивната книжевно-историска, но и естетска вредност, актуелноста и цврстината на нивната книжевна структура, етичките аспекти кои само дополнително ја зајакнуваат нивната значајност, нивната дидактичка основа, богатството од теми и мотиви и можеби најважно - нивната способност живо и питорескно да говорат (и да раскажуваат) за едно минато време, небаре се фактички историски сведоштва, а не книжевно-фикционални конструкти, укажува на само еден дел од нивното почесно место во бесконечните архиви на книжевноста. И токму поради евидентната потреба забележана не само кај филмските режисери, туку и кај писателите (Вилијам Морис, Џорџ Р. Р. Мартин, Мајкл Муркок на англиската книжевна сцена, Андржеј Сапковски од полската, но и кај веќе добро познатите Џ. Р. Р. Толкин и Ч. С. Луис) постојано да експериментираат со веќе востановени книжевни архетипови (особено со архетипот на епскиот јунак), со право можеме да кажеме дека актуелноста на оваа тема и интересот за неа се повеќе од очигледни, но и аналитичкиот пристап кон нив е повеќе од потребен, токму заради прибегнувањето кон неревизионистичка манипулација, модификација и значителните отклонувања од она што се смета за базичен прототекст – на овој начин како да се губи врската со прототекстот. Тоа значи дека мораме совесно да им пристапиме на овие текстови, со цел да откриеме во што навистина лежи нивната долговековна, мистериозна привлечност, но и нивната актуелност во денешните, современи книжевно-херменевтички проучувања и промислувања, без никаква интенција да се повреди нивната аура (во онаа смисла во која за неа говори Валтер Бенјамин).

М-р Кристина Димовска веќе има учествувано на повеќе семинари и симпозиуми од областа на книжевноста и јазиците. Тука можеме да ги споменеме:

1. Научен собир по повод публикацијата ‚Интерпретации', том 3, http://www.interpretations.mk/basic.asp Скопје, октомври 2009.

2. Симпозиум со наслов, Норвешката книжевност во компаративен контекст, Скопје, ноември 2010.

3.Научен собир по повод јубилејот 30 години од основањето на Катедрата за Општа и компаративна книжевност', Скопје, април 2010.

4.Одржливи начини на превод и промоција на националните литератури надвор, Скопје, декември 2011.

5. Симпозиум по повод 60 години од француските студии, Скопје, декември 2011.

СТРУЧНО -НАУЧНА ДЕЈНОСТ

Во последните неколку години, м-р Кристина Димовска активно е вклучена во објавување на публикации од доменот на нејзиниот интерес, за што сведочат следниве трудови:

1. Димовска, Кристина. 2010. „Невдомеността во 'Процес'", *Мираж*, бр. 24
Достапно на: http://www.mirage.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=250

2. Димовска, Кристина. 2010. „Реинтерпретација на скандинавската митологија во современите и популарни медиуми." Труд презентиран на Симпозиумот *Норвешката книжевност во компаративен контекст* (во публикација)

3. Димовска, Кристина. 2011. „Аурелија – или за граничноста на еден идентитет", објавено во *Мираж*, бр. 25
Достапно на: http://www.mirage.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=263

4. Димовска, Кристина. 2011. „Фигурата на Персеј од книжевно-митска креација до филмска трансформација". Труд презентиран по повод јубилејот 60 години Катедра за Општа и компаративна книжевност.

5. Димовска, Кристина. 2012. „Категориите епски јунак и хронотоп во три средновековни епа – 'Слово за походот Игорев', 'Песна за Роланд' и епскиот циклус за Крале Марко" (магистерска теза во ракопис).

6. Димовска, Кристина. 2012. „Аспекти на херојот – Роланд од 'Песна за Роланд' наспроти Крале Марко од македонскиот циклус епски песни", Зборник: *Францускиот јазик, книжевност и култура во франкофонски контекст*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески".

7. Ќулавкова, Катица, Димовска, Кристина. 2012- . Критичко издание на прозата на Блаже Конески. Проект на МАНУ (во публикација).

8. Димовска, Кристина. 2012. „Verba non res. За потенцијалниот комичен ефект во расказот 'Крчмите' на Блаже Конески". Труд презентиран на симпозиумот *Сите лица на смешното.*

9. Димовска, Кристина. 2012. „Хронотопот на бојното поле во 'Слово за походот Игорев', 'Песна за Роланд' и епскиот циклус за Крале Марко" (екстракт од магистерската теза) *Мираж*, бр. 27
Достапно на: http://www.mirage.com.mk/tekst.asp?lang=mac&tekst=279

10. Димовска, Кристина. 2012. „Три (книжевни) вообликувања на Каин"
Достапно на: http://www.mkrevolucija.com/analizi-arhiva/7231-tri-knizevni-vooblikuvanja-na-kain

11. Димовска, Кристина. 2012. „Бесење" (расказ)
Достапен на: http://www.mkrevolucija.com/revolucija-magazin/9282-besenje

Кристина Димовска, исто така, е надворешен соработник во следниве институции:

- помлад соработник во проектот „Критичко издание на на прозниот опус на Блаже Коневски, МАНУ, март 2010- 2012;

- асистент во проектот, Меѓународна работилница за есеј „Новиот имиџ на Балканот", POETIKI, Колекција на поезија, фикција и есеј на меѓународниот ПЕН.

- демонстратор на Катедрата за општа и компаративна книжевност, по предметите теорија на книжевноста и теорија на книжевните дискурси 1.

Заклучок и предлог

Оценувајќи ја стручно-научната работа во изминатиот период до денес на кандидатката м-р Кристина Димовска може да се заклучи дека таа е веќе профилирана како млад научен истражувач на филолошките науки и тоа во области кои во моментот се дефицитарни во Република Македонија. Ова особено се однесува на публикуваните научни трудови, но и на темата на магистерската теза која зборува во прилог на фактот дека таа веќе се занимава со проблеми кои се својствени за истражувачките концепции на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје. Следствено, сметаме дека нејзините залагања во областа на фолклорните проблематики и нејзиниот научноистражувачки интерес се од големо значење за унапредување на истражувањето на нашата културна традиција.

Имајќи го сето тоа предвид, заклучуваме дека истражувањата и интересите на кандидатката м-р Кристина Димовска, не само што се значајни на локално, туку и на пошироко интернационално ниво, и дека од неа допрва ќе се очекуваат големи научно истражувачки резултати. Според ова, Рецензентската комисија,

согласно со Законот за научноистражувачка дејност, има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, м-р Кристина Димовска да биде избрана во соработничкото звање помлад асистент на работното место истражувач на детскиот фолклор и кратките жанрови во ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ермис Лафазановски с.р.

Проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова с.р.

Проф. д-р Клеанти Ановска с.р.

ПРЕГЛЕД

на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 28.02.2013 година.

Кандидат	Тема	Ментор
Марија Талевска, дипломиран доктор на стоматологија	„ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНКРЕМЕНТАЛНИТЕ ЛИНИИ ОД ЦЕМЕНТОТ НА ЗАБОТ ВО ОДРЕДУВАЊЕ НА ВОЗРАСТА КАЈ ЛУЃЕТО“	- д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Виктор Алексовски, дипломиран инженер по биологија	„ДЕТЕРМИНИРАЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ТРОМБОЦИТНА АКТИВАЦИЈА И ЛИПИДНА ПЕРОКСИДАЦИЈА ПРИ ХРОМ ПРЕДИЗВИКАНА НЕФРОПАТИЈА КАЈ WISTAR СТАОРЦИ“	- д-р Митко Младенов, вонреден професор на ПМФ - Скопје.
Александар Малетиќ, дипломиран инженер технолог	„РАЗВОЈ И ПРИМЕНА НА ГАСНО ХРОМАТОГРАФСКА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ФТАЛАТНИ ЕСТЕРИ ОД ЕВРОПСКАТА ПРИОРИТЕТНА ЛИСТА ВО ПРИРОДНИ ВОДИ“	- д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Сузана Лазаревска, дипломиран биолог	„БИОХЕМИСКИ АНАЛИЗИ ВАЖНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПАЦИЕНТИ СО ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ ТИП 2 КОИ СЕ СО АПЛИЦИРАНА ОРАЛНА ТЕРАПИЈА“	- д-р Снежана Ефремова Аарон, редовен професор на Медицински факултет – Скопје, а за коментор - д-р Зоран Здравковски, редовен професор на ПМФ – Скопје.
Наталија Крушаровска, дипломиран биолог	„РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА АВТЕНТИЧНОСТА НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ПРЕКУ ОДРЕДУВАЊЕ НА МАСНО КИСЕЛИНСКИОТ ПРОФИЛ“	- д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ - Скопје.

Јованка Илиева, дипломиран инженер по хемија	„РАЗРАБОТКА НА МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ЕТЕРИЧНОТО МАСЛО И ЛИПИДНАТА ФРАКЦИЈА ОД ЈАТКАТА НА ПЛОДОТ *MYRISTICA FRAGRANS HOUTT.* СО ГАСНА ХРОМАТОГРАФИЈА СО МАСЕНА СПЕКТРОМЕТРИЈА“	- д-р Јане Богданов, доцент на ПМФ - Скопје.
Моника Радевска, дипломиран инженер по хемија	„НОВ ПРИСТАП КОН СПЕКТРОСКОПСКИ И СТРУКТУРНИ ИСПИТУВАЊА НА БУБРЕЖНИ КАМЕЊА“	- д-р Биљана Минчева-Шукарова, редовен професор на ПМФ - Скопје.
Александар Маркозанов, дипломиран инженер по хемија	„ИСПИТУВАЊЕ НА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ МАСТИЛА СО ПОМОШ НА МИКРО-РАМАНСКА И ИНФРАЦРВЕНА СПЕКТРОСКОПИЈА И ХЕМОМЕТРИСКА АНАЛИЗА“	- д-р Биљана Минчева-Шукарова, редовен професор на ПМФ - Скопје.

ПРЕГЛЕД
на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филолошкиот факултет "Блаже Конески"-Скопје

Име и презиме на кандидатот	*Наслов на тема за магистерски труд*	*Ментор*
Слаѓана Симоска	„Кичевско – поречките говори со осврт на говорот во селата Горни и Долни Манастирец, Томино село, Тополница и Сушица"	Марјан Марковиќ
Гордана Митева	„Кохерентност во писмени состави на англиски и на македонски јазик кај ученици во средно стручно образование"	доц. д-р Емилија Саржоска-Георгиевска
Роланд Пољоска	„Латинизмите во албанскиот и македонскиот говор во Горна Преспа"	проф. д-р Аслан Хамити
Анита Димитријовска-Јанкуловска	„Социолошки и комуникациско-теоретски аспекти во драмскиот текст (компаративни паралели меѓу творештвото на Јордан Плевнеш и Харолд Пинтер"	проф. д-р Славица Србиновска
Назим Халими	„Романескните поетики на Сами Фрашери и Намек Кемал"	проф. д-р Агим Лека
Сулејман Гина	„Лирската слика во прозата на Шукри Рамо"	проф. д-р Абдулкадир Хајбер
Елена Спиркоска	„Проблеми при симултаното толкување на определениот член од македонски на англиски јазик"	доц. д-р Татјана Панова-Игњатовиќ

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК„СЕМЕЈНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ЉИЉАНА СПИРОВИЌ ТРПЕНОВСКА, ДЕЈАН МИЦКОВИЌ И АНГЕЛ РИСТОВ

Со одлука на седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 26.2 2013 година, определен сум за рецензент на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје. Откако внимателно го прочитав и го анализирав учебникот „Семејно право“ од наведените автори, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со задоволство му го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Општо за трудот

Четвртото изменето и дополнето издание на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје во 2013 година, е резултат на потребата да се обезбеди учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пред сè за подготовка на испитот семејно право и наследно право, а поради исцрпеност на поранешното издание. Во учебникот се вградени измените и дополнувањата на Законот за семејството кои се однесуваат на посвојувањето, семејното насилство и старателство на малолетни лица-жртви на трговијата со луѓе. Освен тоа, во ова издание на учебникот, новина е тоа што се дава и детален преглед на позначајните теми и актуелни прашања од сферата на правното регулирање на семејството. Покрај ова, во учебникот се обработени и темите за историскиот развој на семејството и семејното право, како и прашањата за промените во семејството и реформите во семејното право во современото општество. Во учебникот, исто така, обработена е и темата за хармонизација на семејното право во Европа, како и особено значајното прашање за семејните вредности околу кое се водат расправи и полемики во сите европски земји. Значајно обележје на учебникот се и деловите што се посветени на уредувањето на одредени важни и актуелни семејноправни институти од споредбеното семејно право. Тие му даваат дополнителрн квалитет на учебникот, поради тоа што им овозможуваат на студентите да ги прошират своите знаење со решенијата од семејните законодавства на Франција, Германија, Италија, Швајцарија, Велика Британија, Австрија, Унгарија, Шведска, Данска, Русија, Чешка, Хрватска, Србија и други земји. Покрај ова, за одбележување е и застапеноста на бројните судски пресуди по одредени важни и актуелни прашања и правни празнини како од домашната судска практика, така и од практиката на Европскиот суд за човекови права. Со тоа, авторите на овој учебник успеале да направат добар спој на теоријата со практиката која е од несоменено значење за младите студенти и правници.

2. Приказ на трудот

Учебникот „Семејно право", од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се состои од 336 страници чукан текст од кои делот кој претставува задолжителна испитна литература е пишуван со проред 1,5. Делот кој претставува дополнителна литература, во кој се обработени одредени семејноправни институти и актуелни прашања од споредбеното семејно право е пишуван со проред единица. Структурата на учебникот се состои од предговор, содржина поделена во осум делови и литература која се состои од 167 библиографски единици.

Првиот дел од учебникот е насловен „Основни поими за семејното право и семејството" и е составен од четири глави. Во *првата глава* од овој дел (Општо за семејното право) се обработени прашањата за поимот, предметот и субјектите на семјното право, деловите на семејното право, неговото место во правниот систем, како и основните начела и методот на семејното право. Во оваа глава авторите посветуваат внимание и на прашањето за историскиот развој на семејството и на семејното право, како и на актуелни теми кои досега не се опфатени во класичните учебници по семејно право. Станува збор за современите тенденции во правното регулирање на семејството, хармонизација на семејното право во европските земји, семејните вредности и промените во семејството во современото општество. *Втората глава* (Извори на семејното право) ги обработува изворите на семејното право во Република Македонија: уставот, законот, меѓународните договори, судската практика, обичајот и правната наука. Посебно внимание се осврнува на практиката на Европскиот суд за човекови права како извор на семејното право. Во *третата глава* (Семејство) се анализира поимот семејство, како и различните типологии на семејства, функциите на семејството (репродуктивна, економска, воспитно-образовна, заштитна и др.), како и планирањето на семејството. *Четвртата глава* (Сродство) го обработува поимот сродство, видовите на сродство, крвното сродство, сродството по посвојување, сродството по сватовство и другите видови на сродство.

Вториот дел од учебникот е насловен „Брачно право" и е структуриран во осум глави. *Првата глава* (Основни поими на брачното право) ги обработува поимот, предметот и начелата на брачното право, како и поимот и правната природа на бракот. *Втората глава* (Свршувачка) ги опфаќа прашањата за поимот свршувачка, правната природа и дејство на свршувачката, престанок на свршувачката, како и последиците од раскинувањето на свршувачката. *Третата глава* (Склучување на брак) ги анализира прашањата за видовите на услови за склучување на брак, суштествени услови за склучување на бракот, како и условите за полноважност на бракот (брачните пречки). *Четвртата глава* (Форма за склучување на брак) е посветена на формата за склучување на бракот, надлежноста и постапката за склучување на брак. Во оваа глава посебно внимание е посветено на склучувањето брак во споредбеното право, при што се анализирани решенијата од повеќе европски држави. Во *петата глава* (Дејства на бракот) се обработуваат поимот и видовите на правни дејства на бракот кои се однесуваат на личните односи на брачните партнери. Притоа, се презентирани и решенијата од споредбеното право кои се однесуваат на дејствата на бракот

на личните односи на брачните партнери. *Шестата глава* (Престанок на бракот) е посветена на начините на престанок на бракот (неполноважен, полноважен), како и на разводот на бракот во споредбеното право. *Седмата глава* (Последици од престанок на бракот) ги обработува прашањата кои се однесуваат на последиците од престанок на бракот со смрт, со прогласување на исчезнато лице за умрено, како и од поништувањето и разводот на брак. Во *осмата глава* (Вонбрачна заедница) се анализирани поимот и правното уредување на вонбрачната заедница, настанувањето на вонбрачната заедница, правното дејство на вонбрачната заедница, како и правното регулирање на вонбрачната заедница во споредбеното право.

Третиот дел од учебникот е насловен „Родителско право", и во него се обработени прашањата за поимот и предметот на родителското право, основните начела на родителското право, засновувањето на односи меѓу родители и деца. Во овој дел, посебен акцент е ставен на права на детето предвидени и загарантирани во Конвенцијата за права на детето, како и на содржина на родителското право, правата и должности на родителите и децата и на блиските роднини, како и вршењето и надзорот на родителското право. Со оглед на актуелноста и значењето на последното прашање, посебно внимание е поветено не вршењето на родителското право и неговата содржина во споредбеното право.

Четвртиот дел од учебникот, насловен „Семејно насилство", е посветен на мошне актуелната појава во сите современи општества, а тоа е семејното насилство. Во овој дел се обработуваат меѓународните документи со кои се регулира семејното насилство, судската практика на Европскиот суд за човекови права, семејното насилство во Македонија и во законската регулатива, како и мерките за заштита од семејно насилство.

Петтиот дел е со наслов „Посвојување", и во него се опфатени прашањата за поимот и основните карактеристики на посвојувањето, условите и постапката за посвојување, правата и должностите на посвоителот и посвоеникот, како и престанокот на посвојувањето. Во овој дел е обработено и посвојувањето во споредбеното право.

Шестиот дел е насловен „Старателското право", и во него се анализираат поимот и видовите на старателство, начелата на старателското право, органот на старателство и неговите овластувања, постапка за ставање под старателство, правата и должностите на старателот и неговата одговорност, престанок на должноста старател, како и видовите на старателство.

Седмиот дел, насловен „Издржување", ги проучува поимот и карактеристиките на издржувањето во семејното право, издржување на децата, родителите и другите роднини, издржувањето на брачниот другар и определувањето на издршката, како и издршката во споредбеното право.

Осмиот дел со наслов „Имотни односи" ги анализира имотните односи во семејното право, законскиот и договорниот имотен брачен режим на брачните партнери, имотните односи во бракот во споредбеното право, имотните односи помеѓу вонбрачните партнери и најпосле, имотните односи помеѓу родителите и децата.

3. Заклучна оцена и предлог

Учебникот „Семејно право", од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, дава сеопфатен преглед на најзначајните

прашања од правното регулирање на брачните и семејните односи и тој е добра основа за совладување на материјата која се однесува на делот за семејно право за предметот семејно и наследно право. Учебникот е пишуван со јасен и прецизен стил, што ќе овозможи негово полесно користење од страна на студентите и поширокаата научна и стручна јавност. Освен тоа, учебникот по својот обем и содржина ги исполнува условите предвидени со наставната програма. За одбележување е тоа што авторите во ова издание обработиле и теми кои се исклучително значајни, а ретко се среќаваат во учебничката литература, како што се темите за промените во семејството и реформите во семејното право во европските земји, а особено се значајни темите за хармонизација на семејното право во Европа и за семејните вредности. Во однос на претходното издание на учебникот треба да се спомене и новиот пристап на авторите во овој учебник во кој се обработуваат и споредбеноправните решенија за најзначајните теми од правното регулирање на семејството. Овој дел од учебникот може да служи како добра основа студентите да добијат дополнителни сознанија за современите европски семејноправни системи, но и како литература за изборниот предмет Европско семејно право.

Со оглед на горенаведеното, имам чест и задоволство да МУ предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов.

Рецензент
Проф. д-р Владимир Петров с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК„СЕМЕЈНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ЉИЉАНА СПИРОВИЌ ТРПЕНОВСКА, ДЕЈАН МИЦКОВИЌ И АНГЕЛ РИСТОВ

Со одлука на седницата на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 26.2.2013 година, определена сум определена за рецензент на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блесок“ од Скопје. Откако внимателно го прочитав учебникот „Семејно право“ од наведените автори, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со задоволство му го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Општо за трудот

Учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје во 2013 година, е резултат на потребата од учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје по предметот семејно и наследно право. Авторите во учебникот ги вградиле измените и дополнувањата на Законот за семејството кои што се однесуваат на посвојувањето, семејното насилство и старателство на малолетни лица - жртви на трговијата на луѓе. Новина е тоа што во оваа издание на учебникот се анализираат позначајните теми и актуелни прашања од сферата на правното регулирање на семејството и семејните односи. Во учебникот се опфатени и темите за историскиот развој на семејството и семејното право, како и прашањата за промените во семејството и реформите во семејното право во современото општество. За одбележување е и фактот што во учебникот е обработена и актуелната тема за хармонизација на семејното право во Европа. Тоа се однесува и прашањето за значењето на семејните вредности околу кое се водат расправи и полемики во сите европски земји. Во учебникот од особено значење се деловите во кои се анализира регулирањето на одредени важни семејноправни институти од компаративното право. Оваа новина му дава дополнителен квалитет на учебникот, поради тоа што им се овозможува на студентите да се запознаат со правните решенија од семејните права на Франција, Германија, Италија, Швајцарија, Велика Британија, Австрија, Унгарија, Шведска, Данска, Русија, Чешка, Хрватска, Србија и други земји. Освен ова, во учебникот е посветено внимание и на позначајните судски пресуди по одредени актуелни прашања. Посебно е значајна судската практика на Европскиот суд за човекови права во делот на семејното насилство.

2. Приказ на трудот

Учебникот „Семејно право“, од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се состои од 336 страници чукан текст, од кои делот кој претставува задолжителна испитна литература е пишуван со проред 1,5. Делот кој претставува дополнителна литература, во кој се обработени одредени семејноправни институти и актуелни прашања од споредбеното семејно право е пишуван со проред единица. Структурата на учебникот се состои од предговор, содржина поделена во осум дела и литература која се состои од 167 библиографски единици.

Првиот дел од учебникот е насловен „Основни поими за семејното право и семејството“ и е составен од четири глави. Во првата глава од овој дел (Општо за семејното право) се обработени прашањата за поимот, предметот и субјектите на семејното право, деловите на семејното право, неговото место во правниот систем, како и основните начела и методот на семејното право. Во оваа глава авторите посветуваат внимание и на прашањето за историскиот развој на семејството и на семејното право, како и на актуелни теми кои досега не се опфатени во класичните учебници по семејно право. Станува збор за современите тенденции во правното регулирање на семејството, хармонизација на семејното право во европските земји, семејните вредности и промените во семејството во современото општество. Втората глава (Извори на семејното право) ги обработува изворите на семејното право во Република Македонија: уставот, законот, меѓународните договори, судската практика, обичајот и правната наука. Посебно внимание се осврнува на практиката на Европскиот суд за човекови права како извор на семејното право. Во третата глава (Семејство) се анализира поимот семејство, различните типологии на семејства, функциите на семејството (репродуктивна, економска, воспитно-образовна, заштитна и др.), како и планирањето на семејството. Четвртата глава (Сродство) го обработува поимот сродство, видовите на сродство, крвното сродство, сродството по посвојување, сродството по сватовство и другите видови на сродство.

Вториот дел од учебникот е насловен „Брачно право“ и е структуриран во осум глави. Првата глава (Основни поими на брачното право) ги обработува поимот, предметот и начелата на брачното право, како и поимот и правната природа на бракот. Втората глава (Свршувачка) ги опфаќа прашањата за поимот свршувачка, правната природа и дејство на свршувачката, престанок на свршувачката, како и последиците од раскинувањето на свршувачката. Третата глава (Склучување на брак) ги анализира прашањата за видовите на услови за склучување на брак, суштествени услови за склучување на бракот, како и условите за полноважност на бракот (брачните пречки). Четвртата глава (Форма за склучување на брак) е посветена на формата за склучување на бракот, надлежноста и постапката за склучување на брак. Во оваа глава посебно внимание е посветено на склучувањето брак во споредбеното право, при што се анализирани решенијата од повеќе европски држави. Во петтата глава (Дејства на бракот) се обработуваат поимот и видовите на правни дејства на бракот кои се однесуваат на личните односи на брачните партнери. Притоа, се презентирани и решенијата од споредбеното право кои се однесуваат на дејствата на бракот на личните односи на брачните партнери. Шестата глава (Престанок на бракот) е посветена начините на престанок на бракот (неполноважен, полноважен), како и на разводот на бракот во споредбеното право. Седмата глава (Последици од престанок на бракот) ги обработува прашањата кои се однесуваат на последиците од престанок на бракот со смрт, со прогласување на исчезнато лице за умрено, како и од поништувањето и

разводот на брак. Во осмата глава (Вонбрачна заедница) се анализирани поимот и правното уредување на вонбрачната заедница, настанување на вонбрачната заедница, правното дејство на вонбрачната заедница, како и правното регулирање на вонбрачната заедница во споредбеното право.

Третиот дел од учебникот е насловен „Родителско право" и во него се обработени прашањата за поимот и предметот на родителското право, основните начела на родителското право, засновувањето на односи меѓу родители и деца. Во овој дел, посебен акцент ставен на правата на детето предвидени и загарантирани во Конвенцијата за права на детето, како и на содржината на родителското право, правата и должности на родителите и децата и на блиските роднини, како и вршењето и надзорот на родителското право. Со оглед на актуелноста и значењето на последното прашање посебно внимание е поветено не вршењето на родителското право и неговата содржина во споредбеното право.

Четвртиот дел од учебникот, насловен „Семејно насилство", е посветен на мошне актуелната појава во сите современи општества, а тоа е семејното насилство. Во овој дел се обработуваат меѓународните документи со кои се регулира семејното насилство, судската практика на Европскиот суд за човекови права, семејното насилство во Македонија и во законската регулатива, како и мерките за заштита од семејно насилство.

Петтиот дел е со наслов „Посвојување" и во него се опфатени прашањата за поимот и основните карактеристики на посвојувањето, условите и постапката за посвојување, правата и должностите на посвоителот и посвоеникот, како и престанокот на посвојувањето. Во овој дел е обработено и посвојувањето во споредбеното право.

Шестиот дел е насловен „Старателскот право" и во него се анализираат поимот и видовите на старателство, начелата на старателското право, органот на старателство и неговите овластувања, постапка за ставање под старателство, правата и должностите на старателот и неговата одговорност, престанок на должноста старател, како и видовите на старателство.

Седмиот дел, насловен „Издржување", ги проучува поимот и карактеристиките на издржувањето во семејното право, издржување на децата, родителите и другите роднини, издржувањето на брачниот другар и определувањето на издршката, како и издршката во споредбеното право.

Осмиот дел со наслов „Имотни односи" ги анализира имотните односи во семејното право, законскиот и договорниот имотен брачен режим на брачните партнери, имотните односи во бракот во споредбеното право, имотните односи помеѓу вонбрачните партнери и најпосле имотните односи помеѓу родителите и децата.

3. Заклучна оцена и предлог

Учебникот „Семејно право", од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, претставува значајна анализа на семејноправната регулатива со која се уредени брачните и семејните односи. Врз основа на тоа, овој учебник претставува неопходно градиво за совладување на предметот семејно и наследно право. Учебникот се одликува со јасен и прецизен стил на изразување, со цел да биде разбирлив за студентите и пошироката научна и стручна јавност. По својот обем и содржина, учебникот ги задоволува условите предвидени со наставната програма. Освен тоа,

обработени се и прашања кои многу ретко се среќаваат во учебничката литература по предметот семејно право, како што се темите за промените во семејството и реформите во семејното право во европските земји, хармонизацијата на семејното право во Европа и семејните вредности. Во учебникот, за одбележување е новиот пристап на авторите, со кој за најзначајните прашања од семејното право се обработуваат и споредбеноправните решенија. Како резултат на тоа, делот во кој се обработува споредбеното семејно право може да послужи и како литература за изборниот предмет европско семејно право.

Имајќи го предвид горенаведеното, имам чест и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на четвртото издание на учебникот „Семејно право" од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов.

Рецензент
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „СЕМЕЈНО ПРАВО“ ОД АВТОРИТЕ ЉИЉАНА СПИРОВИЌ ТРПЕНОВСКА, ДЕЈАН МИЦКОВИЌ И АНГЕЛ РИСТОВ

Со одлука на седницата на Наставно-научниот совет на Правнист факултет „Јустинијан Први“ во Скопје одржана на 26.2 2013 година, определен сум за рецензент на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје. Откако внимателно го прочитав и го анализирав учебникот „Семејно право“ од наведените автори, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со задоволство му го поднесувам следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Општо за трудот

Четвртото изменето и дополнето издание на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, во издание на издавачката куќа „Блескок“ од Скопје во 2013 година, е резултат на потребата да се обезбеди учебник за студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, пред сè за подготовка на испитот семејно право и наследно право, а поради исцрпеност на поранешното издание. Во учебникот се вградени измените и дополнувањата на Законот за семејството кои се однесуваат на посвојувањето, семејното насилство и старателство на малолетни лица-жртви на трговијата со луѓе. Освен тоа, во ова издание на учебникот, новина е тоа што се дава и детален преглед на позначајните теми и актуелни прашања од сферата на правното регулирање на семејството. Покрај ова, во учебникот се обработени и темите за историскиот развој на семејството и семејното право, како и прашањата за промените во семејството и реформите во семејното право во современото општество. Во учебникот, исто така, обработена е и темата за хармонизација на семејното право во Европа, како и особено значајното прашање за семејните вредности околу кое се водат расправи и полемики во сите европски земји. Значајно обележје на учебникот се и деловите што се посветени на уредувањето на одредени важни и актуелни семејноправни институти од споредбеното семејно право. Тие му даваат дополнителрн квалитет на учебникот, поради тоа што им овозможуваат на студентите да ги прошират своите знаење со решенијата од семејните законодавства на Франција, Германија, Италија, Швајцарија, Велика Британија, Австрија, Унгарија, Шведска, Данска, Русија, Чешка, Хрватска, Србија и други земји. Покрај ова, за одбележување е и застапеноста на бројните судски пресуди по одредени важни и актуелни прашања и правни празнини како од домашната судска практика, така и од практиката на Европскиот суд за човекови права. Со тоа, авторите на овој учебник успеале да направат добар спој на теоријата со практиката која е од несоменено значење за младите студенти и правници.

2. Приказ на трудот

Учебникот „Семејно право“, од авторите Љиљана Спировиќ Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, се состои од 336 страници чукан текст од кои делот кој претставува задолжителна испитна литература е пишуван со проред 1,5. Делот кој претставува дополнителна литература, во кој се обработени одредени семејноправни институти и актуелни прашања од споредбеното семејно право е пишуван со проред единица. Структурата на учебникот се состои од предговор, содржина поделена во осум делови и литература која се состои од 167 библиографски единици.

Првиот дел од учебникот е насловен „Основни поими за семејното право и семејството“ и е составен од четири глави. Во *првата глава* од овој дел (Општо за семејното право) се обработени прашањата за поимот, предметот и субјектите на семјното право, деловите на семејното право, неговото место во правниот систем, како и основните начела и методот на семејното право. Во оваа глава авторите посветуваат внимание и на прашањето за историскиот развој на семејството и на семејното право, како и на актуелни теми кои досега не се опфатени во класичните учебници по семејно право. Станува збор за современите тенденции во правното регулирање на семејството, хармонизација на семејното право во европските земји, семејните вредности и промените во семејството во современото општество. *Втората глава* (Извори на семејното право) ги обработува изворите на семејното право во Република Македонија: уставот, законот, меѓународните договори, судската практика, обичајот и правната наука. Посебно внимание се осврнува на практиката на Европскиот суд за човекови права како извор на семејното право. Во *третата глава* (Семејство) се анализира поимот семејство, како и различните типологии на семејства, функциите на семејството (репродуктивна, економска, воспитно-образовна, заштитна и др.), како и планирањето на семејството. *Четвртата глава* (Сродство) го обработува поимот сродство, видовите на сродство, крвното сродство, сродството по посвојување, сродството по сватовство и другите видови на сродство.

Вториот дел од учебникот е насловен „Брачно право“ и е структуриран во осум глави. *Првата глава* (Основни поими на брачното право) ги обработува поимот, предметот и начелата на брачното право, како и поимот и правната природа на бракот. *Втората глава* (Свршувачка) ги опфаќа прашањата за поимот свршувачка, правната природа и дејство на свршувачката, престанок на свршувачката, како и последиците од раскинувањето на свршувачката. *Третата глава* (Склучување на брак) ги анализира прашањата за видовите на услови за склучување на брак, суштествени услови за склучување на бракот, како и условите за полноважност на бракот (брачните пречки). *Четвртата глава* (Форма за склучување на брак) е посветена на формата за склучување на бракот, надлежноста и постапката за склучување на брак. Во оваа глава посебно внимание е посветено на склучувањето брак во споредбеното право, при што се анализирани решенијата од повеќе европски држави. Во *петата глава* (Дејства на бракот) се обработуваат поимот и видовите на правни дејства на бракот кои се однесуваат на личните односи на брачните партнери. Притоа, се презентирани и решенијата од споредбеното право кои се однесуваат на дејствата на бракот

на личните односи на брачните партнери. *Шестата глава* (Престанок на бракот) е посветена на начините на престанок на бракот (неполноважен, полноважен), како и на разводот на бракот во споредбеното право. *Седмата глава* (Последици од престанок на бракот) ги обработува прашањата кои се однесуваат на последиците од престанок на бракот со смрт, со прогласување на исчезнато лице за умрено, како и од поништувањето и разводот на брак. Во *осмата глава* (Вонбрачна заедница) се анализирани поимот и правното уредување на вонбрачната заедница, настанувањето на вонбрачната заедница, правното дејство на вонбрачната заедница, како и правното регулирање на вонбрачната заедница во споредбеното право.

Третиот дел од учебникот е насловен „Родителско право", и во него се обработени прашањата за поимот и предметот на родителското право, основните начела на родителското право, засновувањето на односи меѓу родители и деца. Во овој дел, посебен акцент е ставен на права на детето предвидени и загарантирани во Конвенцијата за права на детето, како и на содржина на родителското право, правата и должности на родителите и децата и на блиските роднини, како и вршењето и надзорот на родителското право. Со оглед на актуелноста и значењето на последното прашање, посебно внимание е поветено не вршењето на родителското право и неговата содржина во споредбеното право.

Четвртиот дел од учебникот, насловен „Семејно насилство", е посветен на мошне актуелната појава во сите современи општества, а тоа е семејното насилство. Во овој дел се обработуваат меѓународните документи со кои се регулира семејното насилство, судската практика на Европскиот суд за човекови права, семејното насилство во Македонија и во законската регулатива, како и мерките за заштита од семејно насилство.

Петтиот дел е со наслов „Посвојување", и во него се опфатени прашањата за поимот и основните карактеристики на посвојувањето, условите и постапката за посвојување, правата и должностите на посвоителот и посвоеникот, како и престанокот на посвојувањето. Во овој дел е обработено и посвојувањето во споредбеното право.

Шестиот дел е насловен „Старателското право", и во него се анализираат поимот и видовите на старателство, начелата на старателското право, органот на старателство и неговите овластувања, постапка за ставање под старателство, правата и должностите на старателот и неговата одговорност, престанок на должноста старател, како и видовите на старателство.

Седмиот дел, насловен „Издржување", ги проучува поимот и карактеристиките на издржувањето во семејното право, издржување на децата, родителите и другите роднини, издржувањето на брачниот другар и определувањето на издршката, како и издршката во споредбеното право.

Осмиот дел со наслов „Имотни односи" ги анализира имотните односи во семејното право, законскиот и договорниот имотен брачен режим на брачните партнери, имотните односи во бракот во споредбеното право, имотните односи помеѓу вонбрачните партнери и најпосле, имотните односи помеѓу родителите и децата.

3. Заклучна оцена и предлог

Учебникот „Семејно право", од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов, дава сеопфатен преглед на најзначајните

прашања од правното регулирање на брачните и семејните односи и тој е добра основа за совладување на материјата која се однесува на делот за семејно право за предметот семејно и наследно право. Учебникот е пишуван со јасен и прецизен стил, што ќе овозможи негово полесно користење од страна на студентите и пошироката научна и стручна јавност. Освен тоа, учебникот по својот обем и содржина ги исполнува условите предвидени со наставната програма. За одбележување е тоа што авторите во ова издание обработиле и теми кои се исклучително значајни, а ретко се среќаваат во учебничката литература, како што се темите за промените во семејството и реформите во семејното право во европските земји, а особено се значајни темите за хармонизација на семејното право во Европа и за семејните вредности. Во однос на претходното издание на учебникот треба да се спомене и новиот пристап на авторите во овој учебник во кој се обработуваат и споредбеноправните решенија за најзначајните теми од правното регулирање на семејството. Овој дел од учебникот може да служи како добра основа студентите да добијат дополнителни сознанија за современите европски семејноправни системи, но и како литература за изборниот предмет Европско семејно право.

Со оглед на горенаведеното, имам чест и задоволство да МУ предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на учебникот „Семејно право“ од авторите Љиљана Спировиќ-Трпеновска, Дејан Мицковиќ и Ангел Ристов.

Рецензент
Проф. д-р Владимир Петров с.р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕТО АСИСТЕНТ НА КАТЕДАРТА ЗА ВАЈАРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на својата редовна седница одржана на 2. 2. 2013 година, формира Рецензентска комисија во состав: ред. проф. м-р Жарко Башески, претседател, ред. проф. м-р Беди Ибрахим, член и вонр. проф. м-р Исмет Рамиќевиќ, член.

На конкурсот, објавен во весниците „ Нова Македонија " и „Лајм" на 11. 1. 2013 за избор на стручен соработник во звањето асистент на Катедрата за вајарство, се пријави кандидатката Валентина Стевановска. Врз основа на приложената документација од страна на кандидатката, како и врз основа на следењето на нејзината педагошка и ликовна дејност, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Биографски податоци

М-р Валентина Стевановска е родена 1969 година во Скопје, Во 2004 година дипломирала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, на Катедрата за вајарство во класата на ред. проф. Васил Василев. Во 2008 година завршила постдипломски студии на истиот Факултет, во класата на ред. проф. Жарко Башески. По завршувањето на факултетот, интензивно работела и како моден креатор и дизајнер, така што во 1998 година била избрана за најдобра жена-менаџер на Република Макеоднија. Освен како слободен уметник, учествувала на повеќе модни ревиии организирани од страна на МОДЕСТ, каде што се стекнала со повеќе награди, меѓу кои четири златни статуетки „Билјана", и истоимената златна плакета „Билјана". Во периодот на нејзиниот статус како слободен уметник, од 2004 година до 2009 година ги организирала следниве самостојни изложби: изложба на дела во дрво и памук, презентирани во локалот „288" во ГТЦ во Скопје во 2006 година; изложба под наслов „Прекинат континуитет избришано минато" во Културно-информативниот центар во Скопје, во 2008 година, и изложбата „60 години од прогонот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија", која била отворена во спортската сала „Борис Трајковски" во Скопје, во истата година. Освен што организирала самостојни изложби од 2006 година до денес се занимава со монументална јавна скулптура. Во 2006 одина ја изработила бистата на академик Љубен Лапе која е поставена во О. У. „Љубен Лапе" во општина Аеродром. Во 2007 година, за општина Центар ја добила наградата за идејно решение на монументалната комплексна фонтана со коњаничка скулптура проследена со фигуративна содржина. Во 2008 година, на конкурсот распишан од Министерство за култура на Р М, го добила идејното решение за реализација на „Порта Македо-

нија“. Во истата година на конкурсот распишан од општина Гази Баба го добива идејното решение за реализација на спомен обележјето „Коњаник“, потоа реализација на Фонтана со пропратни фигуративни елементи, како и изведба на идејното решение „Фонтана со Воин“ со пропртани фигури. За сите овие проекти, добитник е на 5 први награди и една втора награда. Исто така, Стевановска учествувала и на повеќе групни изложби организирани од Музејот на град Скопје и од Културно-информативниот центар во Скопје. Од 2004 година е член на ДЛУМ.

Од 2010 година е вработена на Факултетот за ликовни уметности к ако стручен соработник, помлад асистент, на Катедрата за вајарство, каде што се стекнала и со педагошко искуство, секогаш подготвена нејзините знаења да им ги пренесе на студентите и да им асистира на професорите. Нејзиниот сериозен и совесен пристап кон зададените задачи, не само во сферата на техничко – технолшкиот дел, туку и во креативниот дел од предметните програми, со кои ја задолжуваат професорите од Катедрата за вајарство, Стевановска индивидуално, со особен ангажман и внимание успешно ги извршува зададените задачи, не само на задоволство на студентите, туку и на задоволство на професорите. Како дополнителна, воннаставна програма која се одвива на Катедрата, Стевановска исто така учествувала на четири проекти, од кои на два проекта работела заедно со ред. проф. Ибрахим Беди, а на два проекта индивидуално ги водела креативните работилници со децата со посебни потреби од здружението „Порака“.

Самостојна изведба на монументални споменици

2010 – Скопје, скулптура „Коњаник“, посветена на Филип II; релјефи за постамент и фонтана со четири седечки фигури како и четири стоечки фигури поставени во населбата Автокоманда.

2011- Скопје, Монументална фонтана со коњаничка скулптура на Александар Македонски, со пропратни фигури од осум војници; два лава; бронзен релјеф со флорална декорација; три релјефи изработени во мермер во поставени во кружна форма, каде што се претставени битките на Александар Македонски; три бронзени релјефи со флорална декорација и мозаик со флорална декорација.

2011 - Скопје, релјеф изведен за тимпанонот на новиот Археолошки музеј.

2011- Скопје, скулптура „Возљубени“ за летниковецот на плоштадот „Македонија“.

2012 - Скопје, релјефи за „Порта Македонија“ со повеќе содржини од богатата историја и култура на Македонија.

2012 - Скопје, четири скулптури за зградата на МНР.

2012/13- Скопје, комплексен Споменик на воин, во чиј состав влегуваат три војници, два лава, три седечки фигури и релјефи, сите составен дел од фонтаната.

2012/13- Скопје, „Четири мајки со деца", седечки фигури, сите составен дел од фонтаната.

2013 – Скопје, во текот на годината ќе бидат поставени седум човечки фигури за мостот „Око".

2013 – Скопје, споменик на Христо Татарчев во седечка положба и релјефи за постамент.

Групни изложби

2010 - изложба по повод III загоричанска средба.

2012 - изложба во Порта „Македонија" по повод отворање на внатрешниот дел на портата.

2012 - Изложба на проектот „Бела ноќ – 90-тите": Македонска ликовна уметност 1990-2000: „Еуфорија", во организација на Собранието на град Скопје.

2012 - Самит во Охрид под наслов „Македонија во 2025".

Творечка активност

Валентина Стевановска пред да почне да се занимава со монументалната скулптура, нејзиниот стилски скулпторски јазик осцилира меѓу асоцијативната и органската скулптура, со извесни примеси и од црнечката, африканска примитивна пластика, чие присуство е дискретно видливо во стилизацијата на портретниот жанр. Компактната, тешка скулпторска маса, Стевановска ја релаксира со динамичните, разиграни, ритмизирани потези на сегментите кои ја разбиваат и визуелно ја олеснуваат тешката маса на скулптурите изработени во дрво. Елементите на ритамот и динамичноста коишто се присутни во оваа фаза ќе се прелеат и во нејзиното наредно монументално творештво.

Но, со обемната и многу тешка творечка работа која Стевановска ја започна својата сериозна кариера, ни говори дека е една од ретките, т. е. единствена скулпторка која се нафати да реализира не само монументални, туку и многу комплексни и комплицирани содржини на историски споменици, особено ако се земе предвид дека се работи за женски автор, кој покрај креативната, бара и физичка кондиција. Творештво на Стевановска во периодот од нејзиното вработување на Факултетот за ликовни уметности, па се до денес, покрај учеството на неколкуте групни изложби, реализирани во еден поинаков естетски дух, таа во

актуелниот период се концентрира на реалистичката стилска изведба на јавната монументална уметност, зашто и самите теми и мотиви го подразбираат и го бараат таквиот стилски израз.

Нејзиното творештво генерално го карактеризира продолжението и надградбата на нејзиниот претходен монументален ликовен опус, односно периодот од пред 2009 година, кој се базира главно на тешкиот скулпторски медиум, т.е. на еден сегемнт во скулптурата, наречен монументална јавна скулптура. Во најновите изведби на нејзините дела, тргнувајќи од мошне комплексниот и најмонументален споменик-фонтана кој досега никогаш не бил изведен во Македонија, па преку другите, исто така, комплексни споменици, коишто содржат старо-македонски антички конотации, па сè до споменици на личности од блиското историско минато на македонскиот народ, Валентина Стевановска се промовира во скулптор –монументалист.

Фонтаната „Воин на коњ", посветена на најголемиот војсководител во севкупната светска историја Александар Македонски, е комплексен и компличиран споменик, кој во себе како фонтана, ги синтетизира скулптурата, релјефот, мозаикот, бојата и звукот, во рамките на целоста на проектот. Неговата изведба претставува истовремено многу тежок и сложен процес, не само од технички и стилски аспект, туку и од композициски и концепциски аспект. Со ова дело таа докажа како едно историски конотирано дело, истовремено може да биде и естетски достојно изведено. Како и надворешниот ритам на целата композиција, така и со различното временско ритмичко воздигнување и повлекување на водата и синхронизирањето со ритамот на музиката и на боите, овој споменик повеќеслојно визуелно се ритмизира и заемно се хармонизира во една хомогена композициска структура. Покрај историската нарација, не само на релјефите, туку и на целата композиција, за поширокатa публика претставува и посебно естетско доживување, со што ја исполни основната функција која ја има и ја налага јавната уметност. Оттука, оваа фонтана на Стевановска не случајно е постирана на интернет и е влезена во најдобро изведените фонтани во светот. Со нејзиното меѓусебно колажирање во рамките на повеќе медиуми, коишто се погоре посочени, Стевановска успеа да ги спои во една компактна целина.

„Портата Македонија", која покрај својата внатрешна функционална природа, во нејзината надворешност, односно на фасадата е извршена естетска интервенција. Со поставувањето на две млади машко-женски реалистички изработени скулптури и бројни мермерни релјефи во вид на метопи, на кои се прикажани различни детали од севкупното мултикултурно наследство на Македонија. Низ една хронолошка рамка, во континуитет, преку различните културни слоеви, од неолитот, антиката, ранохристијанскиот, византискиот и отоманскиот период, преку илинденската и асномска епопеја, па се до независноста на Македонија, од секоја епоха, претставени се клучните артефакти, заштитните знаци од материјалната и духовната култура. Во релјефите се застапени елементите од сакралната и профаната архитектура, од вајарството, сликарството, мозаикот, копаничарството, книжевноста, музиката, фолклорот, носии од сите делови на предбукурешката поделба на Македонија итн. Претставените две млади фигури со своите пози и движења на рацете укажуваат на

метафората за љубовта, почитта и натамошното негување на македонската културна традиција.

Како и претходниот монументален споменик посветен на Александар Македонски, така и во истиот историски, т.е. антички манир и контекст е изработен и „Споменикот на воин", посветен на Филип II, кој е исто така реалистички третиран и комплексно конципиран, но со помал обем, од претходниот. Во неговата композиција, во различни динамички позиции, претставени се три војници, два лава, три седечки фигури и релјефи кои претставуваат составен дел на целата фонтана.

За разлика од овие историски конотирани споменици-фонтани, Стевановска ќе изработи и една исто така комплексна монументална фонтана, именувана „Четири мајки со деца". Во овој профан мотив, низ убавината и суптилните елегантни движења на женските ликови и ликовите на децата, Стевановска ја слави мајчинската љубов, т.е. заемната љубов и хармоничната релација меѓу мајката и детето. Претставени се четири млади женски фигури со деца, во различни динамички пози во кои доминира играта и радоста со нивното потомство. Оваа фонтана е, всушност, метафора, не само на љубовта, туку и на иднината исполнета со нежна убавина, со радост и спокојство на основната семејна клетка, која упатува и на посакуваната иднина на општеството во целина.

Творечката енергија на Стевановска, низ еден реалистички концепт во речиси сите нејзини реализирани проекти, ни ги презентира различните сегменти од напластената, македонска културна меморија, манифестирајќи ги елементите како од античката костимографска тардиција, така и од другите културни слоеви, којшто низ наративниот пристап се особено присутни и во нејзините релјефи или фризови.

Од сето погоре наведено, Стевановска се легитимира како еден од најактивните и најдобри монументалисти на македонската скулпторска уметност.

ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид постигнувањата на кандидатката м-р Валентина Стевановска, на домашната јавна монументална скулпторска сцена, како и нејзиниот ангажман како стручен соработник (помлад асистент) на Катедрата за вајарство, нејзиниот совесен и конструктивен ангажман во работата, и колегијалниот однос со вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека пријавената кандидатка ги исполнува сите услови за избор во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно - научниот и уметнички совет на ФЛУ, да му предложи стручниот соработник-помлад асистент м-р Валентина Стевановска да биде избрана во звањето соработник – асистент на Катедрата за вајарство на ФЛУ.

Рецензентска комисија

Ред. проф. Жарко Башески, претседател с. р.

Ред. проф. Беди Ибрахим, член с. р.

Вонр. проф. Исмет Рамиќевиќ, член с. р.

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕЛЕКТРИЧНИ ЦЕНТРАЛИ И РАЗВОДНИ ПОСТРОЈКИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, на својата редовна седница одржана на 30 јануари 2013 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за избор на наставник по предметите од наставно-научната област електрични централи и разводни постројки (Одлука бр. 02-150/4 од 30.I. 2013 година).

На конкурсот објавен во весникот „Дневник" на 12 јануари 2013 година, за горенаведената наставно-научна област се пријави само еден кандидат, д-р Атанас Илиев, дипл. ел. инж. вонреден професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии за избор во наставно-научното звање редовен професор.

По прегледот на доставените документи, како и врз основа на личното познавање на кандидатот, го поднесуваме следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци за кандидатот

Атанас Илиев е роден на 18 септември 1963 година во Струмица. Основното и средното образование ги завршил во родното место со континуиран одличен успех по сите предмети и како најдобар ученик во генерацијата. Во текот на школувањето учествувал на повеќе натпревари од областа на математиката и физиката, од општински, регионален, републички и сојузен карактер, каде што секогаш освојувал највисоки награди и признанија. За постигнатите резултати на сојузно и на републичко ниво на натпреварување, добитник е на наградата "11 Септември", највисоко општествено признание на град Струмица за 1979 год.

На Електротехничкиот факултет во Скопје се запишал во 1982 година, а дипломирал на 5 мај 1987 година со просечна оценка 9,80.

Како најдобар дипломиран студент на Електротехничкиот факултет во учебната 1986/87 година, добитник е на пофалница од Универзитетот "Св.Кирил и Методиј".

Од 1 октомври 1987 година работи како соработник на Електротехничкиот факултет при Институтот за електрични централи и разводни постројки. Во периодот од 14 јуни 1989 до 15 јуни 1990 година бил на отслужување на воениот рок.

На постдипломските студии на Електротехничкиот факултет Скопје, сите предвидени испити ги положил со оценка 10. Магистерскиот труд под наслов "Оптимално водење на електрани во сложен електроенергетски систем со уважување на напонските состојби на собирниците" го одбранил на 18 февруари 1993 година, со што се стекнал со звањето магистер на електротехнички науки.

Докторската дисертација со наслов "Фази-логички пристап за енергетско-економска валоризација на хидроенергетски проекти", изработена под менторство на проф. д-р Вангел Фуштиќ, ја одбранил на Електротехничкиот факултет во Скопје на 6 јуни 2003 година.

Во звањето доцент е избран на 26 ноември 2003 година, а во звањето вонреден професор на 25 јуни 2008 година.

Во периодот од октомври 2008 до септември 2012, Атанас Илиев бил раководител на Институтот за електрични централи и разводни постројки. Во периодот 2004-2008 бил раководител на студиската програма електрични централи и разводни постројки, а од 2008 па сè до денес е координатор на студиската програма Електроенергетика на втор циклус на студии.

Кандидатот активно работел и во повеќе домашни и меѓународни научноистражувачки проекти. Во рамките на научноистражувачкиот проект DYSIMAC, под раководство на проф. д-р Вангел Фуштиќ, финансиран од DAAD, во периодот 2000-2005 година, остварил пет пократки научноистражувачки престои на Универзитетот во Росток - Германија.

Во периодот од 24.V 2005 до 4.VII 2005 год. бил на стручен престој во Јапонија каде што го следел курсот "Production management for Eastern Europian Country" финансиран од Јапонската агенција за меѓународна соработка JICA. За успешно завршување на курсот Атанас Илиев се здобил со соодветен сертификат.

Атанас Илиев активно работи и е еден од основачите на Центарот за проектен менаџмент, кој е формиран во рамките на ФЕИТ - Скопје. Во рамките на активностите на Центарот има одржано повеќе стручни предавања на организираните студентски семинари, како и пред инженерите од стопанството во рамките на специјалните тематски семинари наменети за нивна континуирана едукација.

Член е на МАКО СИГРЕ и секретар на СТК 23 - Разводни постројки, како и на професионалните организации ЗЕМАК и ЕТАИ. Исто така, од 1996 година е член на меѓународната организација на електротехнички инженери IEEE и на меѓународното здружение на електротехнички инженери CIGRE-Париз.

По повод 20-годишнината од основањето на Здружението на енергетичари на Македонија – ЗЕМАК, добитник е на Благодарница за континуиран придонес во реализација на програмските активности на ЗЕМАК.

Досега објавил две рецензирани книги: "Збирки решени задачи по производни и разводни постројки" (1996) и "Збирка избрани задачи по планирање на погон и градба на електрични централи" (2002).

Кандидатот активно го владее англискиот јазик.

2. Наставно-образовна дејност

Атанас Илиев, по изборот во звањето вонреден професор на ФЕИТ, на додипломските студии држел предавања по следниве предмети: софтверски алатки во електроенергетика, менаџмент и инженерска економика, системи на вештачка интелигенција во електроенергетика, компјутерско моделирање на електроенергетски објекти, планирање на погон и градба на електрични централи и разводни постројки.

Во овој период Атанас Илиев држел настава и на државниот Универзитет "Гоце Делчев" во Штип на Електротехничкиот факултет во Радовиш, по предметите: основи на менаџментот (2010), програмски јазик 2 (2011) и апликативен софтвер во автоматизацијата (2012).

На постдипломските студии, Атанас Илиев, бил ангажирана во држење настава на студиските програми: проектен менаџмент, електроенергетика и обновливи извори на енергија. На студиската програма проектен менаџмент, држел предавања по предметите проектна анализа и системи за менаџмент на квалитет. На студиската програма електроенергетика, кандидатот држел предавања по предметите: моделирање и симулација на процеси во електроенергетиката, менаџмент и економика во енергетиката и динамика на преодни процеси во електроенергетски објекти. На студиската програма обновливи извори на енергија држел предавања по предметите:

техноекономски аспекти на обновливите извори на енергија и хибридни енергетски системи и микромрежи.

Со своето залагање, кандидатот дал голем придонес за оформување на горенаведените предмети кои се слушаат за првпат на Факултетот во вториот циклус на студии според новиот ЕКТ-систем, како и за успехот и прифатеноста на студиски програми на кои држел настава од страна на студентите – магистранди.

За голем дел од предмети каде што држи настава (или вежби), кандидатот има подготвено скрипти (предавања и вежби) кои им помагаат на студентите за совладување на материјата предвидена според наставниот план и програма. Ќе наведеме некои од нив:

1. А. Илиев: Менаџмент и инженерска економика - скрипта, ФЕИТ, 2011 год, 150 страни (објавена на студентскиот веб-портал).
2. А. Илиев: Системи на вештачка интелигенција во електроенергетиката - скрипта дел 1, ФЕИТ, 2007 год, 85 стр.
3. А. Илиев: Збрика решени задачи по разводни постројки - скрипта, ФЕИТ, 2006 год, 125 стр.
4. А. Илиев: Збирка решени задачи по производство на електрична енергија - скрипта, ФЕИТ, 2008 год. 135 стр.
5. А. Илиев: Одбрани поглавја од проектна анализа – скрипта, ФЕИТ, 2011 год.

Своите наставни обврски кандидатот секогаш ги извршувал на високо стручно ниво, квалитетно и совесно. Кандидатот успешно им го пренесува знаењето на студентите, а со нив воспоставува коректен професионален однос.

Во извештајниот периодот јули 2008- февруари 2013 година, д-р Атанас Илиев бил ментор на 49 успешно одбранети дипломски работи и на 28 одбранети магистерски трудови. Исто така, бил член и на преку 30 комисии за одбрана на дипломски трудови, преку 25 комисии за одбрана на магистерски трудови, а бил член и на 4 комисии за одбрана на докторски труд.

Б) Настава во летни школи и работилници

Кандидатот со свои предавања учествувал на следниве, работилници, семинари и настани:

1. А. Арсенов, А. Илиев: Мали хидроцентрали – Изведливи енергетски инвестиции, Регионален бизнис форум за енергетика - Обновливи извори на енергија - регионални предизвици; Технома 2009, 13.X 2009.

2. A. Iliev: Hydro power potential in Macedonia – possibilities for construction and operation; Economical and financial evaluation of the RES projects - Seminar: Renewable enery sources, organized by: REC, Fondazione Willy Brandt, Italian Trust Fond, and UKIM-FEIT, Skopje, december 2009.

3. A. Iliev: Macedonian legislation on EE and RES, Graduate Student Conference: Analityca & Soltec (14.VI 2010): Implementing Energy Efficiency through Renewable Energy Solutions.

4. D. Dimitrov, A. Iliev: Actual Technoeconomical Issuses in the Field Photovoltaic Systems in the Republic of Macedonia, Workshop: "Low Cost Solar Cell 2011" Engineering Institution of Macedonia, May 15-18 Skopje.

5. А. Илиев: Како до моето прво вработување: очекувања, можности и предизвици, предавање одржано на JOBFAIR 2012, по покана на студентската организација BEST при ФЕИТ, 9 април 2012.

3. Научноистражувачка дејност

Како автор или коавтор, во земјата и во странство, д-р Атанас Илиев интензивно ги публикувал и ги презентирал резултатите од неговата научноистражувачка работа. Исто така, учествувал и во изработката на повеќе проекти, студии и ревизии од проблематиката на Институтот за електричните централи и разводни постројки.

Научните, стручните и апликативните трудовите на кандидатот до изборот во звањето вонреден професор (вкупно 93) се рецензирани во билтените бр.571 од 30.III 1992 год., бр.602 од 10.IX 1993 год., бр.674 од 27.XII 1996 год., бр.754 од 31.III 2000 год., бр.837 од 15.X 2003 год. и бр.943 од 02.VI 2008.

А) Стручни и научни трудови

По последниот избор во звањето вонреден професор, кандидатот ги има објавено следниве стручни и научни трудови:

94. С. Николова, А. Илиев, А. Чаушевски: "Метод за определување на производните трошоци во когенеративна постројка". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 157-166, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Во трудот е презентиран метод за определување на производните трошоци за испорака на пареа и електрична енергија во една когенеративна постројка. Моделирана е когенеративна постројка која овозможува одземање на пареата меѓу поединечните степени на турбината при редуциран притисок за задоволување на потребите на потрошувачите на топлинска енергија.

95. С. Николова, А. Илиев, А. Чаушевски: "Избор на структура на компоненти во микромрежа со обновливи извори на енергија според критериумот на најмали трошоци". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 419-430, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Во овој труд е презентиран модел на изолиран хибриден енергетски систем составен од фотоволтаици, ветрогенератори, дизел-генератори и акумулаторски батерии, кој треба доверливо да го напојува зададен конзум со електрична енергија. За определување на оптималната структурата на системот од економски аспект, а која ќе ги задоволи барањата на потрошувачите, применет е софтверскиот пакет HOMER.

96. Е. Бекири, А. Илиев: "Оптимизација на работните режими на каскадните хидроцентрали Вруток и Равен". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 355-362, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Во трудот е презентиран метод за избор а оптимален број на агрегати во погон кај хидроулично поврзаните хидроцентрали Вруток и Равен, а со цел бараната моќност да се испорача со минимална потрошувачка на вода. Анализата базира на реални податоци добиени со мерења на енергетските карактеристики на агрегатите во ХЕЦ Вруток и ХЕЦ Равен.

97. Б. Ѓоргиев, А. Чаушевски, А. Илиев: "Моделирање на ветерни електрични централи со програмската алатка PSAT". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 499-508, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Во трудот е прикажан модел на ветерна електрична централа изработен во MATLAB-програмската алатка PSAT. Во трудот се изработени модели за три типа на ветерни турбини. Со помош на изработениот модел извршена е симулација на повеќе карактеристични режими на работа на ветерна електрична централа.

98. Е. Хаџидаовска, И. Трајковски, А. Илиев: "Енергетска ефикасност на HVAC системи". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 2, стр. 565-574, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Во трудот се прикажани можностите за заштеда во системите за греење, ладење и вентилација со примена на BAC (building, automation and control) системот. Тоа е посебно значајно бидејќи го промовира т.н. концепт на "зелени објекти", кои ако се опремени со BMS (Building Management System) можат да остварат заштеди на енергија од 30 до 50%.

99. И. Трајковски, Е. Хаџидаовска, А. Илиев: "Енергетска ефикасност во радио мрежи". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 2, стр. 613-620, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

Зголемениот број на корисници на телекомуникациските системи доведува до зголемување на потребното количество електрична енергија за нивно функционирање. Од друга страна, телекомуникациските компании се трудат да развијат решенија кои ќе бидат енергетски ефикасни, со што ќе се придонесе за намалување на оперативните трошоци и на штетните влијанија на околината. Во трудот се обработени примери на добро дизајнирана ТК-мрежа која што подразбира помала потрошувачка на електрична енергија во базната станица, опремата за климатизација, радио-мрежата (за време на градба) и постојната мрежа (за време на работа).

100. А. Iliev, K. Stojanoska, D. Minoski: Risk Management in Power System Sector, Journal Energetic, Vol. 61 & 62, 2008.

Во трудот е направена идентификација на ризиците кои што се среќаваат во електроенергетскиот сектор и се предложени начини за нивно надминување. Посебно е нагласена потребата за пресретнување на ризикот и планирање на одговор на ризикот, како и можноста за пренесување на ризикот на друг стопански субјект за определен надомест.

101. Б. Ѓоргиев, А. Чаушевски, А. Илиев: "Концентрација на загадување од ТЕЦ во Македонија". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 185-196, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

102. С. Николова, А. Чаушевски, А. Илиев: "Атмосферска емисија од термоенергетските постројки во Р. Македонија". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 477-486, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.

103. S. Nikolova, A. Causevski, **Atanas Iliev:** Environmental impact of emissions of thermal power plants operation, *8-th International Conference Energetics - Ecology* - Economy, 27-29 May 2009, High Tatras, - Novi Smokovec (Slovakia)) (Full paper on CD Proceedings. Ref. No.32) (ISBN 978-80-89402-08-3).

Во овие трудови е прикажана методологија за пресметка на емисијата на разни типови полутанти во атмосферата од различни типови фосилни горива: јаглен, мазут и природен гас. Извршена е анализа на емисијата на стаклени гасови при согорувањето на лигнит во РЕК „Битола" и ТЕЦ „Осломеј", на мазут во ТЕЦ „Неготино" и согорување на природен гас во гасна електрана.

104. S. Nikolova, **Atanas Iliev:** Short Term Prediction of Energy Generated by a Single WIND Turbine, *8-th International Conference Energetics - Ecology - Economy*, No.33, 27-29 May 2009, High Tatras, - Novi Smokovec, (Slovakia) (Full paper on CD Proceedings. Ref. No.33,) (ISBN 978-80-89402-08-3).
105. S. Nikolova, **Atanas Iliev,** A. Causevski**:** Short Term Prediction of Wind Farm Power Production, *XLIV International Scientific Conference in Information, Communication and Energy System and Technologies*, 25-27 June 2009, Veliko Trnovo (Bulgaria) (Full paper on CD Proceedings. pp. 351-354).
106. С. Николова, А. Илиев: "Краткорочно предвидување на произведената електрична моќност од ветерни електрични централи", VI-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф. С6-6R, Охрид, Р. Македонија, 4–7 октомври 2009.
107. С. Николова, А. Илиев: "Краткорочно предвидување на брзината на ветерот и моделирање на енергетска карактеристика на единечна ветерна турбина", VI-то советување на МАКО СИГРЕ, Реф.С6-7R, Охрид, Р. Македонија, 4–6 октомври 2009.

Во трудовите [104-107], најпрвин, е предложен модел за краткорочно предвидување на брзината на ветерот кој понатаму се користи за определување на очекуваното производство на електрична енергија од единечна ветерна турбина и од цела ветерна електрана. Анализирани се ефектот на бразда, начинот на поставување на турбинските кола, како и енергетските карактеристики врз очекуваното производство на електрична енергија.

108. С. Николова, А. Илиев: "Оптимална распределба на моќности во систем составен од конвенционални и обновливи извори на енергија", IX-та Национална конференција со меѓународно учество ETAI 2009, Реф. А2-4, Охрид, Р. Македонија, 26-29 септември 2009.
109. S. Nikolova, **Atanas Iliev:** Optimal Operation of Power System with Conventional and Renewable Energy Sources, *1-st International Conference Renewable Energy Sources*, 18-20 May 2010, Tatranske Matliari, High Tatras (Slovakia) (Full paper on CD Proceedings. Ref. No.33,) (ISBN 978-80-89402-24-3).

Во овие трудови е презентиран пристап за определување на оптималната распределба на моќности во хибриден систем составен од конвенционални и обновливи извори на енергија. Извршена е повеќекритериумска оптимизација која има за цел да ја минимизира тежинската сума од вкупните трошоци за гориво кај термоелектраните и еколошките трошоци кои се појавуваат заради емисијата на штетни гасови во околната средина. Предложениот метод е применет на системи со различна структура на извори на електрични централи.

110. И. Трајковски, **А. Илиев**: "Промени во раководењето на организација чија основна дејност е инженерингот", VI-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф. D2-3R, Охрид, Р. Македонија, 4–6 октомври 2009.

Во трудот се анализирани придобивките од промена на начинот на раководење и воведување на систем за менаџмент на квалитет базиран на ISO 9000, во организација чија основна дејност е инженеринг. За конкретно претпријатие се презентирани и анализирани повеќе метрики и параметри врз основа на кои се докажува оправданоста од примена на преземените организациони промени.

111. Е. Хаџидаовска, **А. Илиев**: "Енергетска ефикасност на HVAC системи автоматско управувани преку концептот на еквивалентна температура", VI-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф. B5-4R, Охрид, Р. Македонија, 4–6 октомври 2009.

Во трудот е прикажан принципот на работа и е извршена евалуација на придобивките од примена на концептот на автоматско управување базиран на концептот на еквивалентна темературa за подобрување на енергетската ефикасност на HVAC-системите. Концептот применет на згради и објекти придонесува за значителни заштеди на енергија.

112. D. Dimitrov, **Atanas Iliev:** Influence of the Monthly Solar Radiation Variations to thr Perfortmances of the Hybrid Photovoltaic Diesel Systems, *XLV International Scientific Conference in Information, Communication and Energy System and Technologies*, 23-26 June 2010, Ohrid (Macedonia) (Full paper on CD, Proceedings pp. 883-886, (ISBN 978-961-6207-31-7).

Во трудот е истражувано влијанието на стохастичката природа на сончевата радијација врз перформансите на хибриден фотоволтаичен систем со дизел агрегат. Во трудот е моделирана веројатноста на појава на сончевото зрачење, а истражуван е влијанието на варијациите врз потрошувачката на гориво кое е потребно за да се обезбеди континуирана и сигурна испорака на електрична енергија на потрошувачите.

113. Blaže Gjorgiev, Marko Čepin, **Atanas Iliev:** Optimal generation schedule of power system considering nuclear power plant with application of genetic algorithms, *International Conference Nuclear Energy for New Europe 2010*, September 6-9, 2010, Portorož (Slovenia), (Ref. No.704 in : *Proceedings of* Andrej Trkov, ur., Igor Lengar, ur., Ljubljana, Nuclear Society of Slovenia, 2010, 8 str) (ISBN 978-961-6207-31-7)

Во трудот е прикажан метод за определување на оптимална распределба во сложен електроенергетски систем во кој има вклучено и нуклеарна централа со примена на генетски алгоритам. Методот ги уважува сите релевантни погонски ограничувања како што се билансот на активна моќност, расположливата количина на вода кај хидроцентралите, како и техничкиот минимум и максималната моќност кај термоелектричните централи и нуклеарната централа.

114. Гоце Божиновски, **Атанас Илиев**: Придобивки од примена на технологиите на чист јаглен, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2010", Книга 1, стр. 535-547, Охрид, Р. Македонија, 7-9 октомври 2010.

Во трудот е даден прегелед на повеќе нови технологии за согорување на јаглен во термоелектричните централи, а кои имаат за цел да ја намалат емисијата на штетните гасови во атмосферата.

115. **Atanas Iliev**, Viktor Andonov: Development Scenarios for Long Term Energy Demand Satisfaction in Macedonia Using Markal Model, Journal of the Technical University – Sofia, Plovdiv Branch: Fundamental Science and Application, Bulgaria, Vol. 16, Book 1 (2011) pp. 61-66 (ISSN 1310-8271).

Во овој труд се прикажани можностите за задоволување на потребите со енергија на Р. Македонија за период од 30 години. Анализите се направени со помош на програмскиот пакет MARKAL, кој ја користи методата на линеарно програмирање. Развиени се и анализирани две сценарија: основно сценарио и сценарио базирано на обновливи извори на енергија. Направена е споредба помеѓу овие две сценарија во однос на потребните инвестиции, оперативните трошоци и емисијата на стаклени̇чки гасови во атмосферата.

116. **Atanas Iliev**, Igor Kitanovski: Status of ITIL Adoption and Implementation in Macedonian Companies, Journal of the Technical University – Sofia, Plovdiv Branch: Fundamental Science and Application, Bulgaria, Vol. 16, Book 1 (2011) pp. 55-60 (ISSN 1310-8271).

117. Игор Китановски, **Атанас Илиев**: Придобивки од имплементација на управување со услугите на информатичките технологии базирано на ITIL процесниот модел, X-та Национална конференција со меѓународно учество ETAI/COSY 2011, Реф. I4-3, Охрид, Р. Македонија, 17-19 септември 2011.

Еден од најважните услови за постигнување на зацртаните бизнис-перформанси на компаниите е користење на современата информатичка технологија. Со цел најдобро да се искористи информатичката технологија неопходно е да се имплементираат процеси за менаџирање на сервисите. ITIL процесната рамка е глобално прифатена рамка чија цел е менаџирање на IT сервисите. Во трудовите [116-117] се презентирани резултатите од истражувањето во однос на прифатеноста на ITIL во македонските компании, главните иницијатори за примена, воочените користи, тешкотиите при примената, како и свесноста за потребата на имплементација на овој процесен модел.

118. **Atanas Iliev**, Igor Kitanovski: Integrated Approach to IEC/ISO 20000 Adoption Based on ITIL v.3 Framework in the Case of Macedonian Companies, Proceedings of *25-th International Scientific Conference Systems for Automation of Engineering and Research*, 15-16 September 2011, St. St. Konstantin and Elena resort -Varna, (Bulgaria), (Full paper on CD, Proceedings pp. 85-94). (ISNN 1314-1023).

Во трудот се претставени резултатите од истражувањата направени во репрезентативни македонски компании и институции со завидна информатичко-комуникациска инфраструктура за имплементација на ITIL-процесната рамка.и адаптација кон IEC/ISO 20000 стандардот. Најпрвин е прикажана споредба на барањата на IEC/ISO 20000 и соодветните ITIL-процеси. Истражувани се главните мотиватори и бариери за примена на ITIL, како и процентот на успешно имплементирани ITIL-процеси во истражуваните компании и институции. Во однос на IEC/ISO 20000, определен е степенот на интерес на компаниите по успешната примена на ITIL да преминат на сертификација, а со цел да ги подобрат своите бизнис-перформанси.

119. D. Dimitrov, V, Stoilkov, **A. Iliev**: Solar Energy Labaratory – Summary of Ten Years Continous Experience, paper number 835 in Renewable Energy & Power Quality Journal, No.10, 25th April 2012; ISSN 2172-038X.

Во трудот се покажани карактеристиките и можностите за научни истражувања и дизајнирање на едукативни експерименти во Лабораторијата за соларна енергетика при ФЕИТ. Прикажани се резултати од мерењата на сончевата радијација на хоризонтална површина и нејзина зависност од амбиентната температура. Презентиран е и метод за мерење на I-V карактеристиката на фотоволтаичниот генератор, како и пристап за определување на неговите работни параметри.

120. **Атанас Илиев**, Маја Целеска, Филип Челев: Анализа на потрошувачката на електрична енергија и намалување на standby загубите во домаќинствата, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 2, стр. 807-818, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012

Во трудот се прикажани резултатите од спроведеното истражување за свесноста на жителите на нашата земја за примена на енергетско ефикасни апарати, потребата од штедење на електрична енергија, како и за примена на мерки за енергетска ефикасност за намалување на потрошувачка на енергија. Истражувано е и нивото на еду-

цираноста на луѓето за енергетските класи и standby-загубите, како и нивната подготвеноста за вложувања за намалување на енергетските загуби.

121. Сретен Давидов, **Атанас Илиев**: Примена на Fuzzy логиката во прекуструјната заштита, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, стр. 583-591, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012

Во трудот е прикажан современ концепт на примена на fuzzy-логиката во прекуструјната заштита на електроенергетските објекти, а кој има цел да ја подобри нејзината сигурност, брзина на дејствување, доверливост и селективност Дискутирани се предностите и недостатоците на моделирањето на знаењето со помош на fuzzy-логика, во однос на класичните алгоритми.

122. В. Фуштиќ, А. Чаушевски. А. Илиев, К. Најденкоски: Можности за нови термоенергетски капацитети на јаглен во Македонија, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, стр.327-336, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012,

Во трудот се анализира постојната состојба на производните капацитети во ЕЕС на Македонија, со посебен осврт и акцент на можностите за градба на нови термоенергетски постројки на домашен јаглен. За таа цел е даден преглед на можностите на домашните капацитети и резервите на јаглен со површински и подземен коп кои треба да овозможат континуирано снабдување со гориво. Во трудот се анализирни можните локации за градба на нови термоенергетски постројки на лигнит, земјаќи ги предвид ограничувањата за градба, електроенергетското поврзување и развојниот концепт во одделни региони на земјата.

4. Стручно-апликативна дејност

А) Учество на апликативни проекти и студии

Кандидатот, самостојно или заедено со други членови на Институтот за електрични централи и разводни постројки, учествувал во изработка на следниве апликативни проекти, студии и ревизии на техничка документација:

124. В. Фуштиќ, А. Илиев, Т. Стојковски...., тим на ЕСМ/ЕВН, Hydropol- Чешка – РОТ проект за рехабилитација на седум мали ХЕЦ, 2000-2013.
125. A. Arsenov, A. Iliev, V. Fustik, A, Causevski, S. Armenski, ... : Biomass utilization for energetical purposes, Project: (3-rd) Educational Student seminar and knowledge dissimination, Foundation Willy Brandt – Italy, June - November 2008, Skopje, FEIT
126. A. Arsenov, A. Iliev, V. Fustik, A, Causevski, S. Armenski., M .Dimitrovski: Technical and Economical Aspects of Renewable Energy Sources, Project (4-th) Educational Student seminar and knowledge dissimination, Foundation Willy Brandt – Italy, Skopje, November 2008 – June 2009.
127. A. Arsenov, A. Iliev, A, Causevski, S. Armenski., M .Dimitrovski....: "Renewable energy - a necessary alternative for the part of the potential conventional energy sources ", FEIT, November 2009 – March 2010.

Во рамките на проектот за едукација на студентите и дисиминација на знаење од областа на обновливите извори на енергија (раководители А. Арсенов и А. Илиев), реализиран во соработка со Фондацијата Willy Brandt – Rome, Italy, Regional Environ-

mental Centar – Budapest and Italian Trust Fund, кандидатот ги одржа следниве предавања:

- Technoeconomical Aspects of Biomass Utilization for Energy Production;
- Statistical Data Analyses for Design and Determination of the Parameters of the SHPP and Wind Power Plants;
- Optmal Operation of Hydro Power Plants;
- Kyoto protocol and its practicl implementation;
- Flexible mechanisms of Kyoto protocol (CDM, JI and ET);
- Technical regulation for connection of the RES to the Power System;
- Hydro potential in Macedonia- possibilities for constuction of new HPP;
- Characteristics and application of microgrids and hybrid energy systems.

128. А. Арсенов, А. Илиев, С. Арменски. А. Чаушевски: Обновливи извори на енергија – Образовен курс за Агенцијата на енергетика на Р. Македонија, Скопје, ФЕИТ, декември 2009.
129. А. Илиев: Ревизија на идејните и основните проекти на: МХЕЦ Брбушница, Крива Река 2; МХЕЦ Селечка Река; МХЕЦ Брајчино; МХЕЦ Каменичка Река; МХЕЦ Кранска Река и МХЕЦ Крклянска Река – електротехнички дел, Скопје, 2010.
130. А. Илиев: Експертска анализа на влијанието на вклопната состојба на 6-kV постројка "Услуги" на распределбата на моќност и енергија, Студија работена за ЕЛЕМ – Енергетика, ФЕИТ, Скопје. 2010.
131. А. Илиев: Ревизија на идејните и основните проекти на МХЕЦ Другово и МХЕЦ Слатино – електротехнички дел, Скопје. 2011.
132. А. Илиев: Ревизија на изменетиот основен проект на МХЕЦ Каменичка Река, Скопје декември 2012.
133. В. Фуштиќ, А. Илиев, К, Најденкоски: Ревизија на Основен проект за прилагодување на 110 kV далекуводни полиња во ТС Битола 2, ТС Битола 3 и изградба на две нови 110 kV далекуводни полиња во ТС Битола 4, ФЕИТ - Скопје, 2011.
134. А. Илиев: Ревизија на техничката документација за заземјување на антенскиот столб, громобранската заштита и заштитното заземјување на антенски столб, локации: Македонска Каменица, Штип-Кумлак, Славеј, Струмица, Мрзенци, Ратево, Кожа и Пожар.

Б) Изготвување и пријавување на научноистражувачки проекти

Д-р Атанас Илиев учествувал во изготвување и пријавување на следниве научноистражувачки проекти:

1. Национален научноистражувачки проект: Економска и еколошка валоризација на системите за енергетски одржлив развој (2009). Главен истражувач: проф. д-р Антон Чаушевски.
2. Национален научноистражувачки проект: Економска евалуација на проекти за искористување на обновливи извори на енергија во услови на неизвесност (6.4.2011). Главен истражувач: в. проф. д-р Атанас Илиев.
3. Национален научноистражувачки проект: Истражување на веројатност на појава на некои перформанси на фотоволтаичните системи (6.4.2011). Главен истражувач: доц. д -р Димитар Димитров.
4. Меѓународен научноистражувачки проект: Сигурност на нуклеарни енергетски постројки и доверливост на постројките за енергетско снабдување (2011). Главен истражувач: проф. д-р Антон Чаушевски.

В) Дејности од поширок интерес

Атанас Илиев бил член на Интернационалната оценувачка комисија на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади „МАКИНОВА" и иновации во областа на животната средина „ЕКОНОВА" во 2006, 2007 и 2008 година.

Бил член на Комисијата за оценување на Републичкиот натпревар на техничките училишта од Македонија одржан во Тетово (7-8 мај 2010) како и на Републичка комисија на натпреварот "Наука на младите" во областите обновливи извори на енергија и физика, одржан во средното училиште "Јахја Кемал" во Гостивар (29.05.2010),

Кандидатот бил член на Програмскиот одбор на меѓународното советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Енергетика "ЕНЕРГЕТИКА 2010" и "ЕНЕРГЕТИКА 2012". Бил водител на повеќе сесии во рамките на советувањата организирани од ЗЕМАК, МАКО ЦИГРЕ и ЕТАИ.

Атанас Илиев бил рецензент на трудови на меѓународното советување ЕЕМ-РЕМС – 2010, како и на трудови на националните советувања на МАКО – Цигре.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложеното може да се заклучи дека кандидатот д-р Атанас Илиев е современ универзитетски наставник и научен работник кој континуирано постигнува одлични резултати во неговата наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна активност. Од списокот на активности во приложениот образец може да се заклучи дека кандидатот остварил завиден број на поени (148,2+106+33,5=287,7) во сите три дејности.

Врз основа на изнесеното, ценејќи ги сите достигнувања на кандидатот, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии да донесе предлог-одлука за избор на вонреден професор д-р Атанас Илиев во звањето редовен професор во наставно-научната област електрични централи и разводни постројки.

Скопје, 12.3.2013 год

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вангел Фуштиќ, претседател, с.р.

2. Академик д-р Томе Бошевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Антон Чаушевски, член, с.р.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: АТАНАС МИХАИЛ ИЛИЕВ
(име, татково име и презиме)

Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: електрични централи и разводни постројки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

	Назив на активноста	Поени
1	**Одржување на настава (прв циклус студии)**	**37,8**
	Софтверски алатки во ЕЕ (3 ч.), зимски 2008/09	1,8
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (3 ч.), зимски 2008/09	1,8
	Менаџмент и инженерска економика (3 ч.), летен 2008/09	1,8
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (3 ч.), летен 2008/09	1,8
	Софтверски алатки во ЕЕ (3 ч.), зимски 2009/10	1,8
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (3 ч.), зимски 2009/10	1,8
	Менаџмент и инженерска економика (3 ч.), летен 2009/10	1,8
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (3 ч.), летен 2009/10	1,8
	Софтверски алатки во ЕЕ (3 ч.), зимски 2010/11	1,8
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (3 ч.), зимски 2010/11	1,8
	Основи на менаџмент (УГД), (2ч), зимски 2010/11	1,2
	Менаџмент и инженерска економика (3 ч.), летен 2010/11	1,8
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (3 ч.), летен 2010/11	1,8
	Програмски јазик 2 (УГД), (2 ч), летен 2010/11	1,2
	Софтверски алатки во ЕЕ (3 ч.), зимски 2011/12	1,8
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (3 ч.), зимски 2011/12	1,8
	Менаџмент и инженерска економика (3 ч.), летен 2011/12	1,8
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (3 ч.), летен 2011/12	1,8
	Апликативен софтвер во автоматизацијата (УГД), (2ч), летен 2012/12	1,2
	Софтверски алатки во ЕЕ (3 ч.), зимски 2012/13	1,8
	Планирање на погон и градба на ЕЦ и РП (3 ч.), летен 2010/11	1,8
	Разводни постројки (3 ч.), летен 2010/11	1,8
2	**Одржување на вежби (прв циклус студии)**	**11,25**
	Производство на електрична енергија (2 ч.), зимски 2008/09	0,9
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (2 ч.), зимски 2008/09	0,9
	Софтверски алатки во ЕЕ (2 ч.), зимски 2008/09	0,9
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (2 ч.), летен 2008/09	0,9
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (2 ч.), зимски 2009/10	0,9
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (2 ч.), летен 2009/10	0,9
	Софтверски алатки во ЕЕ (2 ч.), зимски 2010/11	0,9
	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (2 ч.), зимски 2010/11	0,9
	Компјутерско моделирање на ЕЕ објекти (2 ч.), летен 2010/11	0,9
	Софтверски алатки во ЕЕ (2x2 ч.), зимски 2011/12	1,8

	Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ (2 ч.), зимски 2011/12	0,9
	Менаџмент и инженерска економика, (1 ч.), летен 2011/2012	0,45
3	**Одржување на консултации (прв циклус студии)**	**1,842**
	зимски 2008/09 (45 студ.) и летен 2008/09 (175)	0,440
	зимски 2009/10 (30 студ.) и летен 2009/10 (197)	0,454
	зимски 2010/11 (60 студ.) и летен 2010/11 (135)	0,390
	зимски 2011/12 (50 студ.) и летен 2011/12 (139)	0,388
	зимски 2012/13 (85)	0,170
4	**Одржување на настава (втор циклус студии)**	61,4
	Проектна анализа (3 ч.), зимски 2008/09	2,250
	Моделирање и симулација на процеси во ЕЕ (3 ч.), зимски 2008/09	2,250
	Менаџмент и економика во енергетиката (3 ч.), зимски 2008/09	2,250
	Техноекономски аспекти на ОИЕ (3 ч.), летен 2008/09	2,250
	консултации (50+ студенти)	0,100
	Проектна анализа (3 ч.), зимски 2009/10	2,25
	Моделирање и симулација на процеси во ЕЕ (3 ч.), зимски 2009/10	2,25
	Менаџмент и економика во енергетиката (3 ч.), зимски 2009/10	2,25
	Хибридни енергетски системи и микромрежи (3 ч.), зимски 2009/10	2,25
	Системи за менаџмент на квалитет (3 ч.), зимски 2009/10	2,25
	Техноекономски аспекти на ОИЕ (3 ч.), летен 2009/10	2,25
	Динамика на преодни процеси во ЕЕО (3 ч.), летен 2009/10	2,25
	консултации (100+ студенти)	0,2
	Проектна анализа (3 ч.), зимски 2010/11	2,25
	Моделирање и симулација на процеси во ЕЕ (3 ч.), зимски 2010/11	2,25
	Менаџмент и економика во енергетиката (3 ч.), зимски 2010/11	2,25
	Хибридни енергетски системи и микромрежи (3 ч.), зимски 2010/11	2,25
	Системи за менаџмент на квалитет (3 ч.), зимски 2010/11	2,25
	Техноекономски аспекти на ОИЕ (3 ч.), летен 2010/11	2,25
	Динамика на преодни процеси во ЕЕО (3 ч.), летен 2010/11	2,25
	консултации (60+ студенти)	0,12
	Проектна анализа (3 ч.), зимски 2011/12	2,25
	Моделирање и симулација на процеси во ЕЕ (3 ч.), зимски 2011/12	2,25
	Системи за менаџмент на квалитет (3 ч.), зимски 2011/12	2,25
	Менаџмент и економика во енергетиката (3 ч.), зимски 2011/12	2,25
	Техноекономски аспекти на ОИЕ (3 ч.), летен 2011/12	2,25
	консултации (60+ студенти)	0,12
	Проектна анализа (3 ч.), зимски 2012/13	2,25
	Моделирање и симулација на процеси во ЕЕ (3 ч.), зимски 2012/13	2,25
	Системи за менаџмент на квалитет (3 ч.), зимски 2012/13	2,25
	Менаџмент и економика во енергетиката (3 ч.), зимски 2012/13	2,25
	консултации (60+ студенти)	0,12
5	**Настава во летни школи и работилници**	8
	Настава во образовниот проект во областа на обновливи извори на енергија (носител: Фондација Willy Brant, REC и ФЕИТ): "Искористување на биомасите во енергетски цели", ФЕИТ, јуни-јули 2008, "Технички и економски аспекти на искористување на ОИЕ", ФЕИТ, ноември 2008 - март 2009, "Renewable energy - a necessary alternative for the part of the potential conventional energy sources", ФЕИТ, ноември 2009 - март 2010.	3

	Семинар: Обновливи извори на енергија, организиран за Агенцијата за енергетика, Скопје , декември 2009	1
	Регионален бизнис форум за енергетика - Обновливи извори на енергија - регионални предизвици; Технома 2009, 13.X 2009	1
	Graduate Student Conference: Analityca & Soltec (14.6.2010): Implementing Energy Efficiency through Renewable Energy Solutions Workshop: "Low Cost Solar Cell 2011" Engineering Institution of Macedonia, May 15-18 Skopje.	1 1
	Како до моето прво вработување: очекувања, можности и предизвици, предавање по покана на JOBFAIR 2012 во организација на студентската организација BEST, ФЕИТ, 9 април 2012	1
6	**Ментор на дипломска работа (49)**	9,8
7	**Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (36)**	3,6
8	**Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (25+)**	7,5
9	**Член на комисија за оцена или одбрана на докторска дисертација (6)**	3
10	**Пакет материјали за одреден предмет** – Менаџмент и инженерска економика, Системи за вештачка интелигенција во ЕЕ, Разводни постројки, Проектна анализа.	4
	ВКУПНО	***148,2***

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

	Назив на активноста	Поени
1	**Ментор на докторска дисертација (во тек) (3)**	3
2	**Ментор на магистерска работа (28)**	28
3	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор**	15,6
	[1] Atanas Iliev, Igor Kitanovski: Status of ITIL Adoption and Implementation in Macedonian Companies, Journal of the Technical University – Sofia, Plovdiv Branch: Fundamental Science and Application, Bulgaria, Vol. 16, Book 1 (2011) pp. 55-60 (ISSN 1310-8271)	5,4
	[2] Atanas Iliev, Viktor Andonov: Development Scenarios for Long Term Energy Demand Satisfaction in Macedonia Using Markal Model, Journal of the Technical University – Sofia, Plovdiv Branch: Fundamental Science and Application, Bulgaria, Vol. 16, Book 1 (2011) pp. 61-66 (ISSN 1310-8271)	5,4
	[3] D. Dimitrov, V, Stoilkov, A. Iliev: Solar Energy Labaratory – Summary of Ten Years Continous Experience, paper number 835 in Renewable Energy & Power Quality Journal, No.10, 25th April 2012; ISSN 2172-038X	4,8
4	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание**	1,6
	[4] A. Iliev, K. Stojanoska, D. Minoski: Risk Management in Power System Sector, Journal Energetic, Vol. 61 & 62, 2008.	1,6

5	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор**	**18**
	[5] S. Nikolova, A. Causevski, Atanas Iliev: Environmental impact of emissions of thermal power plants operation, *8-th International Conference Energetics - Ecology* - Economy, 27-29 May 2009, High Tatras, - Novi Smokovec (Slovakia)) (Full paper on CD Proceedings. Ref. No.32) (ISBN 978-80-89402-08-3)	2,4
	[6] Sofija Nikolova, Atanas Iliev, Anton Causevski,; Short Term Prediction of Energy Generated by a single wind turbine, 8 International Conference Energetika – Ekológia – Ekonómia '09, 27 – 29. May 2009 Nový Smokovec, Slovakia.	2,4
	[7] S. Nikolova, Atanas Iliev: Optimal Operation of Power System with Conventional and Renewable Energy Sources, *1-st International Conference Renewable Energy Sources*, 18-20 May 2010, Tatranske Matliari, High Tatras (Slovakia) (Full paper on CD Proceedings. Ref. No.33,) (ISBN 978-80-89402-24-3).	2,7
	[8] S. Nikolova, Atanas Iliev: Short Term Prediction of Wind Farm Power Production, *XLIV International Scientific Conference in Information, Communication and Energy System and Technologies*, 25-27 June 2009, Veliko Trnovo (Bulgaria) (Full paper on CD Proceedings. pp. 351-354).	2,7
	[9] Blaže Gjorgiev, Marko Čepin, Atanas Iliev: Optimal generation schedule of power system considering nuclear power plant with application of genetic algorithms, *International Conference Nuclear Energy for New Europe 2010*, September 6-9, 2010, Portorož (Slovenia), (Ref. No.704 in: *Proceedings of* Andrej Trkov, ur., Igor Lengar, ur., Ljubljana, Nuclear Society of Slovenia, 2010, 8 str) (ISBN 978-961-6207-31-7).	2,4
	[10] D. Dimitrov, Atanas Iliev: Influence of the Monthly Solar Radiation Variations to thr Perfortmances of the Hybrid Photovoltaic Diesel Systems, *XLV International Scientific Conference in Information, Communication and Energy System and Technologies*, 23-26 June 2010, Ohrid (Macedonia) (Full paper on CD, Proceedings pp. 883-886, (ISBN 978-961-6207-31-7).	2,7
	[11] Atanas Iliev, Igor Kitanovski: Integrated Approach to IEC/ISO 20000 Adoption Based on ITIL v.3 Framework in the Case of Macedonian Companies, Proceedings of *25-th International Scientific Conference Systems for Automation of Engineering and Research*, 15-16 September 2011, St. St. Konstantin and Elena resort -Varna, (Bulgaria), (Full paper on CD, Proceedings pp. 85-94). (ISNN 1314-1023).	2,7
6	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир**	**31,8**
	[12] С. Николова, А. Илиев, А. Чаушевски: "Метод за определување на производните трошоци во когенеративна постројка". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 157-166, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.	1,6
	[13] Блаже Ѓоргиев, Антон Чаушевски, Атанас Илиев; Концентрација на загадување од ТЕЦ во Македонија , Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, ЗЕМАК, 09-11 октомври 2008, Охрид.	1,6

	[14] Софија Николова, Антон Чаушевски, Атанас Илиев; Атмосферска емисија од термоенергетските постројки во Македонија, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, ЗЕМАК, 9-11 октомври 2008, Охрид.	1,6
	[15] С. Николова, А. Илиев, А.Чаушевски; Избор на структура на компоненти во микро мрежа со обновливи извори на енергија според критериумот на најмали трошоци, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, ЗЕМАК, 9-11 октомври 2008, Охрид.	1,6
	[16] С. Николова, А. Илиев, А. Чаушевски; Метод за определување на производните трошоци во когенеративна постројка, Меѓународно советување ЕНЕРГЕТИКА 2008, ЗЕМАК, 9-11 октомври 2008, Охрид.	1,6
	[17] Е. Бекири, А. Илиев: "Оптимизација на работните режими на каскадните хидроцентрали Вруток и Равен". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 355-362, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.	1,8
	[18] Б. Ѓоргиев, А. Чаушевски, А. Илиев: "Моделирање на ветерни електрични централи со програмската алатка PSAT". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 1, стр. 499-508, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.	1,6
	[19] Е. Хаџидаовска, И. Трајковски, А. Илиев: "Енергетска ефикасност на HVAC системи". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 2, стр. 565-574, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.	1,6
	[20] И. Трајковски, Е. Хаџидаовска, А. Илиев: "Енергетска ефикасност во радио мрежи". Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2008", Книга 2, стр. 613-620, Охрид, Р. Македонија, 9-11 октомври 2008.	1,6
	[21] С. Николова, А. Илиев: "Оптимална распределба на моќности во систем составен од конвенционални и обновливи извори на енергија", IX национална конференција со меѓународно учество ETAI 2009, Реф. А2-4, Охрид, Р. Македонија, 26-29 септември 2009	1,8
	[22] С. Николова, А. Илиев: "Краткорочно предвидување на произведената електрична моќност од ветерни електрични централи", 6-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф. С6-6R, Охрид, Р. Македонија, 4–7 октомври 2009.	1,8
	[23] С. Николова, А. Илиев: "Краткорочно предвидување на брзината на ветерот и моделирање на енергетска карактеристика на единечна ветерна турбина", 6-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф.С6-7R, Охрид, Р. Македонија, 4–7 октомври 2009	1,8
	[24] И. Трајковски, А. Илиев: "Промени во раководењето на организација чија основна дејност е инженерингот", 6-то Советување на МАКО СИГРЕ, Реф.D2-3R, Охрид, Македонија, 4–6 октомври, 2009.	1,8
	[25] Е. Хаџидаовска, А. Илиев: "Енергетска ефикасност на HVAC системи автоматско управувани преку концептот на еквивалентна температура", VI-то советување на МАКО СИГРЕ, Реф. В5-4R, Охрид, Р. Македонија, 4–6 октомври 2009.	1,8
	[26] Гоце Божиновски, Атанас Илиев: Придобивки од примена на технологиите на чист јаглен, меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2010", стр. 535-547, Охрид, Р. Македонија, 7-9 октомври 2010.	1,8

	[27] Игор Китановски, Атанас Илиев: Придобивки од имплементација на управување со услугите на информатичките технологии базирано на ITIL процесниот модел, X-та Национална конференција со меѓународно учество ETAI/COSY 2011, Реф. I4-3, Охрид, Р. Македонија, 17-19 септември 2011.	1,8
	[28] Атанас Илиев, Маја Целеска, Филип Челев: Анализа на потрошувачката на електрична енергија и намалување на standby загубите во домаќинствата, меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 2, стр. 807-818, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012.	1,6
	[29] Сретен Давидов, Атанас Илиев: Примена на Fuzzy логиката во прекуструјната заштита, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, стр. 583-591, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012	1,8
	[30] В. Фуштиќ, А. Чаушевски. А. Илиев, К. Најденкоски: Можности за нови термоенергетски капацитети на јаглен во Македонија, Меѓународно советување "ЕНЕРГЕТИКА 2012", Книга 1, стр.327-336, Охрид, Р. Македонија, 4-6 октомври 2012	1,2
7	**Учество на научен/стручен собир со реферат (8)**	**8**
	ВКУПНО	***106***

СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ

	Назив на активноста	Поени
1	**Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија**	**18,5**
	Атанас Илиев: Ревизија на електротехнички дел на идејните и основните проект на МХЕЦ Брбушница, МХЕЦ Кранска Река, МХЕЦ Крклањска река, МХЕЦ Селечка река, МХЕЦ Брајчино, МХЕЦ Каменичка река, МХЕЦ Другово, МХЕЦ Слатино(2010-2011 год.) (9x1)	9
	А. Илиев: Ревизија на техничката документација за заземјување на антенскиот столб, громобранската заштита и заштитно заземјување на антенски столб, локација Македонска Каменица, Штип-Кумлак, Славеј, Струмица, Мрзенци, Ратево, Кожа и Пожар. (8x1)	8
	Атанас Илиев: Експертска анализа на влијанието на вклопната состојба на 6-kV постројка "Услуги" на распределбата на моќност и енергија, Студија работена за ЕЛЕМ – Енергетика, ФЕИТ, Скопје 2010	1
	В. Фуштиќ, А. Илиев, К. Најденкоски:Ревизија на Основен проект за прилагодување на 110 kV далекуводни полиња во ТС Битола 2, ТС Битола 3 и изградба на две нови 110 kV далекуводни полиња во ТС Битола 4, Скопје, 2011 (учесник)	0,5
2	**Учесник во работа на комисии на државни натпревари**	**2**
	1. Член на Комисија на Републички натпревар на техничките училишта од Македонија - 7-8 мај 2010; Тетово	1
	2. Член на Републичка комисија на натпреварот "Наука на младите" во областите обновливи извори на енергија и fизика, Јахја Кемал - Гостивар, 29.5.2010	1
3	**Член на организационен или програмски одбор на научен стручен/стручен собир**	**3**
	1. Член на Програмски одбор на меѓународните советувања: Енергетика 2008, Енергетика 2010, Енергетика 2012.	

4	**Раководител на внатрешна организациска единица** Раководител на Институтот за електрични централи и разводни постројки (2008-2012)	3
5	**Координатор на студиска програма:** Координатор на СП-15 Електроенергетика на магистерски студии	1
6	**Изготвување и пријавување на научен/ образовен национален проект**	2
	носител (1)	1
	учесник (2)	1
7	**Изготвување и пријавување на научен/ образовен меѓународен проект**	1
	Меѓународен проект со Словенија: Сигурност на нуклеарни енергетски постројки и доверливост на постројките за енергетско снабдување (2011). Главен истражувач: проф. д-р Антон Чаушевски.	1
8	**Член на факултетска комисија:** КОМОС, студентска практика 2006-2010 електроенергетски насоки; Комисија за внатрешна евалуација; Пописна комисија 2008 (4x0,5)	2
9	Член на комисија за избор во звање (Д. Димитров , 2Х С.Николова, 2хН.Китева) (5x0,2)	1
	ВКУПНО	*33,50*

СУМАРНО (НО+НИ+СА)	
НО	148,202
НИ	106
СА	33,50
ВКУПНО	287,702

Скопје, 12.3.2013 год

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вангел Фуштиќ, претседател, с.р.

2. Академик д-р Томе Бошевски, член, с.р.

3. Проф. д-р Антон Чаушевски, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОЦЕНА НА ГЕНЕТСКАТА РАЗНОВИДНОСТ НА МНОГУЦВЕТНИОТ ГРАВ *Phaseolus coccineus* L. (syn. *Phaseolus multiflorus* Willd.) ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГАФУР АЈРУЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-2935/6 на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, донесена на 47. седница одржана на 27.12.2012 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов „Оцена на генетската разновидност на многуцветен грав *Phaseolus coccineus* L. (syn. *Phaseolus multiflorus* Willd.) во Република Македонија“, пријавена и изработена од м-р Гафур Ајрули, професор по биологија во СОУ „Мирко Милески“ во Кичево. Комисијата во состав: д-р Соња Ивановска, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Љупчо Јанкулоски, вонреден професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Мирјана Јанкуловска, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Гордана Попсимонова, редовен професор на Земјоделскиот институт во Скопје и д-р Рукие Агич, вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје, ја прегледа доставената докторска дисертација и има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов „Оцена на генетската разновидност на многуцветниот грав *Phaseolus coccineus* L. (syn. *Phaseolus multiflorus* Willd.) во Република Македонија“, изработена од м-р Гафур Ајрули, е напишана на 100 страници со вообичаен проред во кои се вклучени 25 табели, 15 графикони и 5 оригинални слики. Дисертацијата содржи осум основни поглавја, и тоа: Вовед, Цел и значење на истражувањата, Преглед на литература, Материјал и метод на работа, Почвено-климатски карактеристики, Резултати со дискусија, Заклучоци и Користена литература.

Во поглавјето **Вовед**, авторот презентира податоци за производството на грав во светски и домашни рамки. Потоа ги наведува центрите на потекло на многуцветниот грав и патиштата на неговата интродукција во Европа и на Балканот. Во ова поглавје детално се прикажани ботаничкиот опис на растенијата и различните класификации на подвидови. Истакната е нутритивната вредност на зрната грав за исхраната на човекот, како и агротехничкото значење на гравот за подобрување на плодноста на почвата. Констатирано е дека во отсуство на селекциска програма за гравот во РМ, присутни се разновидни локални популации кои земјоделците ги одржуваат во текот на многу децении. Имајќи предвид дека различни популации оформиле посебни својства, зависно од регионот и традиционалните агротехнички мерки, тие можат да се користат како полиморфен почетен селекциски материјал. Оттаму авторот ја потенцира потребата за нивно колекционирање и научно испитување.

Во поглавјето **Цел и значење на истражувањата**, м-р Гафур Ајрули образложува дека во светот детално се анализира генетскиот диверзитет во колекциите од одредени култури. Затоа, тој си поставил за цел да ја оцени разновидноста на локалните популации од многуцветниот грав во РМ преку

карактеризација и евалуација на нивните морфолошки и продуктивни својства. Крајната цел на докторандот е со анализата на повеќе генетски параметри за својствата и популациите да ја утврди можноста за нивно директно вклучување во земјоделското производство или во селекциска програма за создавање комерцијални сорти.

Во поглавјето **Преглед на литература**, авторот дава детален преглед на странски литературни податоци за многуцветниот грав, почнувајќи од класификацијата, потеклото, доместикацијата и интродукцијата во Европа. Покрај тоа, наведува различни експериментални истражувања во кои многуцветниот грав е споредуван со обичниот (*P. vulgaris)* и во кои овие две култури се вкрстувани. Ја истакнува предноста на многуцветниот грав од аспект на неговата поголема адаптибилност, особено толерантноста кон ниски температури и солени почви. Тој исто така се користи и како извор на гени за отпорност кон повеќе болести кои со хибридизација можат да се внесат во геномот на обичниот грав. Потоа, авторот изнесува повеќе литературни податоци за средните вредности и варијабилноста на својствата кои се предмет на анализа во неговото истражување. На крајот дава и повеќе референци за користењето на статистичките методи што тој ги применувал.

Во поглавјето **Материјал и метод на работа**, докторандот наведува дека како материјал за истражување користел педесет локални популации со потекло од различни региони во Македонија и дава информации за нивното локално име и за локалитетите од кои што тие се колекционирани. Експериментот е извршен во текот на двегодишен период (2010-2011), во село Црвивци, Кичево, по методот на рандомизиран блок-дизајн, во три повторувања. Популациите биле одгледувани со традиционални агротехнички мерки во здружен посев со пченка. За утврдување и оцена на генетската разновидност на популациите, својствата се анализирани и опишани според списокот на дескриптори за многуцветен грав на IPGRI (1983).

За утврдување на разликите во фенолошкиот развој, бележени се датумот на никнење, деновите до цветање и до полна зрелост.

Авторот извршил карактеризација на следниве квантитативни и квалитативни својства: тип на раст на растенијата; висина и број на гранки на стебло; боја, облик и должина на лист; перзистентност на листови при берба; боја на чашка, на отворен цвет и на стандард; облик и должина на цветна пупка; должина на цветна гранка; боја на основата на мешунката; закривеност на мешунка; облик и позиција на врвот на мешунката; ширина на мешунка; број на локуси и број на зрна во мешунка; број на мешунки на растение; потемна боја на шарата, сјајност и облик на семе; должина, ширина и дебелина на семе; маса на зрна од мешунка и од растение и маса на 100 зрна.

Резултатите од двегодишните испитувања кандидатот статистички ги обработил на повеќе начини со цел да обезбеди повисок процент на сигурност во сличностите и разликите меѓу испитуваните популации. При тоа, извршил анализа на варијансата (ANOVA) за секое својство, а разликите меѓу средните вредности ги споредувал со LSD-тестот (1 и 5 %). Ги пресметал корелациите помеѓу испитуваните својства. За да ги утврди директниот и индиректниот ефект на одредени својства врз приносот на семе од растение извршил анализа на path коефициентот. Дивергентноста, односно разликите помеѓу популациите за квантитативните својства докторандот ги одредил преку кластер-анализа и анализа на главните компоненти (PCA). Резултатите се прикажани на дендрограм, кој е изработен со помош на статистичкиот пакет R.

Заедничката примена на овие статистички анализи може да послужи за правилен избор на својства што ќе се подобруваат во селекциските програми.

Во поглавјето **Почвено-климатски карактеристики**, м-р Гафур Ајрули наведува дека почвата на локалитетот (620 m надморска височина) на кој бил поставен експериментот е алувијална, со добри физички својства, во класата на ситно песоклива иловица, лесна со добра водопропустливост.

Климатските карактеристики за регионот, за двете години на испитувањето се претставени табеларно. Средномесечните и максималните температури биле повисоки, а минимални не отстапувале од повеќегодишниот просек. Температурните параметри биле оптимални за нормален фенолошки развој на растенијата. Сумата на врнежи значајно се разликувала во двете години, како и во однос на просекот, поради што се јавиле разлики во продуктивните својства.

Во поглавјето **Резултати со дискусија**, резултатите се објаснети концизно, а податоците се прикажани во табели и графикони. Овој дел од дисертацијата е поделен на повеќе потпоглавја.

Во потпоглавјето **Фенолошки развој и должина на вегетациски период** се дадени резултатите за времетраењето на анализираните фенофази. Периодот до никнење кај сите популации просечно изнесувал 15-17 дена, периодот до цветање 40-42 дена, а должината на вегетацискиот период се движел од 123 дена (Ph.c1) до 130 дена (Ph.c4 и Ph.c5). ANOVA-анализата покажала значајни статистички разлики во однос на сите третмани врз вкупната варијабилност на својствата.

Во потпоглавјето **Својства на растението** најнапред се дадени резултатите за **својствата на стеблото**. Според типот на раст, сите испитувани популации биле индетерминантни, при што 56 % спаѓале во групата на високи со средна висина, а 44 % биле полувисоки долги. Висината на стеблото се движела од 1,7 m до 1,9 m, а растенијата биле релативно униформни за ова својство (CV=0,5-4,5 %). Анализата на варијансата покажала статистички значајни разлики за факторите генотип и година. Број на нодии до првото соцветие се движел од 1,75 до 3,22 и ова својство било високо варијабилно (CV=20,29-40,70 %). Статистички разлики се утврдиле меѓу генотиповите и годините.

Потоа авторот ги презентира резултатите од анализата на **својствата на листот**. Најголем дел од популациите (36 %) имале светлозелена боја, а останатите биле со зелени (32 %) и темнозелени (32 %) листови. Застапени биле само листови со тркалезни (44 %) и овални (56 %) лиски. При берба, перзистентноста на листовите кај најголем дел од популациите (54 %) била средна, 26 % имале висока перзистентност, а кај 20 % сите листови биле паднати. Должината на листот (на врвната лиска) се движела од 7,75 cm (Ph.c37) до 11,59 cm (Ph.c15), а растенијата биле релативно изедначени за ова својство со ниска варијабилност (1,77-7,18 %). Разликите меѓу средните вредности биле статистички значајни во однос на сите третмани.

Во делот **Својства на соцветијата и цветовите**, дадени се резултатите за бојата на чашката (сите популации имале зелени чашкините ливчиња) и на цветните крилца (86% од популациите имале бели и 14% имале пурпурни цветови), како и за обликот на цветната пупка (50% имале среден облик, 32% тркалезен и 18% долгнавест облик). Должината на цветната пупка кај сите популации била голема (105-150 mm) со релативно ниска варијабилност (6,03-12,95 %). Должината на соцветијата пак, била релативно мала (9,83-24 cm), но повисоко варијабилна (9,30-21,50 %), со значајни

статистички разлики помеѓу сите третмани (генотипови, години и генотип х година).

Резултатите за **својствата на мешунките** прво се претставени со морфолошките својства. Речиси сите популации (98 %) имале зеленикава, а само 2 % имале жолтеникава основа на мешунките. Тие биле слабо закривени кај 60 %, силно закривени кај 28 % и прави кај 12 % од популациите. Клунчето на врвот на мешунката било кратко кај 66 % и долго кај 34 % од популациите, при што кај наголем дел од нив (90 %) било поставено на работ на мешунките, додека кај 10 % било на средината. Потоа се дадени резултатите за продуктивните својства на мешунките. Најширoки мешунки имала популацијата Ph.c37 (2,19 cm и) во двете години на испитување, а најтесна Ph.c 21 (1,70 cm). Во однос на варијабилноста на својството, популациите се релативно изедначени (3,79-8,10 %). Бројот на локуси во мешунка просечно се движел од 3,90 (Ph.c2) до 2,08 (Ph.c3), со релативно високо варирање меѓу единките (CV=17,23-36,75 %). Најмногу зрна во мешунка имала популацијата Ph.c2, со просечна вредност 3,90 за двете години, а најмалку зрна биле евидентирани кај Ph.c 23 (2,15). Ова својство, како и претходното, е високо варијабилно (19,50-34,15 %). Бројот на мешунки на растение се движел од 13,26 (Ph.c47) до 22,4 (Ph.c13). Коефициентот на варирање за ова својство бил висок (6,60-28,28 %). Со анализата на варијансата на квантитативните својствата на мешунките утврдени биле сигнификантни разлики на ниво од 0,01 речиси кај сите испитувани својства како резултат на ефектот на генотиповите и годините на испитување.

Потоа следува делот **Својства на семето**, при што докторандот редоследно започнал со морфолошките својства, кои се генетски предодредени, но се важни бидејќи служат за распознавање на сортите. Најголем дел од популациите (90 %) имале бело семе, по 4 % имале виолетово и темновиолетово и 2 % имале кафено семе. Речиси две третини од популациите (68 %) имале сјајно семе, 30 % имале средно сјајно и само 2 % имале семе без сјај. Обликот на семето, претставен како однос помеѓу должината и ширината на семето, бил бубрегoвиден кај 78 % од популациите и тркалезен кај останатите 22 %. Според индексот должина: дебелина на семето, 4 % од популациите имале сплеснат облик, 16 % тркалезен и 80 % овален облик на семето.

Од квантитативните својства на семето, прво е претставена масата на 100 зрна, како основна компонента на приносот и показател на квалитетот. За ова својство вредностите се движеле од 190 g (Ph.c48) до 340,3 g (Ph.c27), а коефициентот на варирање бил генерално релативно низок (0,9-12,4 %). Маса на семето од мешунка била најголема кај Ph.c26 (11,83 g), а најмала кај популацијата Ph.c48 (3,38 g). Варијабилноста на ова својство се движела од 1,70 % до 13,85 %. Масата на семето од растение докторандот ја пресметал индиректно, преку бројот на мешунки, бројот на семе во мешунка и масата на 100 зрна. Највисока вредност за ова својство (214,17 g) имала популацијата Ph.c 26, додека најниска вредност, просечно за двете години, имала Ph.c48 (59,06 g), при што варијабилноста на својството била релативно висока (7,40-30,37 %). Според извршената ANOVA за продуктивните својства на семето, докторандот констатирал дека влијанието на генотипот врз експресијата на овие својства е силно и високо сигнификантно, а статистички значајни разлики утврдил и помеѓу годините на испитување. Интеракцијата година х генотип била високо сигнификантна за масата на семе од растение и за масата на 100 зрна.

Во потпоглавјето **Корелации и path-коефициент,** м-р Гафур Ајрули објаснува дека корелациите меѓу петнаесетте квантитативни својства биле извршени за да се процени дали варирањето на својствата е независно или е меѓусебно поврзано. Од оваа анализа е утврдено дека силни позитивни сигнификантни корелации има: меѓу бројот на локуси во мешунка и бројот на семки во мешунка (r=0,769), масата на семе од мешунка (r=0,599) и масата на семе од растение (r=0,516); меѓу бројот на семки во мешунка и масата на семе од мешунка (r=0,575) и масата на семе од растение (r=0,526); меѓу бројот на мешунки на растение и масата на семе од растение (r=0,645); меѓу масата на семе од мешунка и масата на 100 зрна (r=0,706); меѓу масата на семе од растение и масата на зрна од мешунка (r=0,900) и масата на 100 зрна (r=0,555).

Со цел да се провери дали директниот ефект на овие својства врз масата на семето од растение е позитивен, тие се тестирани со path-коефициентот. Докторандот утврдил дека ист тренд со корелациите и највисок позитивен директен ефект врз приносот имале својствата маса на семе од мешунка (p=0,795) и број на мешунки на растение (p=0,438). Оваа анализа покажала дека високиот индиректен ефект на масата на семе од мешунка врз масата на семе од растение го маскира негативниот директен ефект на масата на 100 зрна (p=-0,015) и бројот на локуси (p=-0,005), а истовремено и слабиот позитивен директен ефект на бројот на зрна во мешунка (p=0,010) и должината на вегетација (p=0,002).

Во потпоглавјето **Кластер-анализа**, на дендограм се претставени резултатите од оваа анализа и класификацијата на популациите според нивната генетска различност. Просечната генетска дистанца изнесувала 14,3 %, односно испитуваните популации биле слични. Во пет кластери (групи) припаѓале 49 популации, од кои 3 со највисоки приносни својства се класифицирани во првиот кластер. Во вториот кластер припаѓаат 3 популации со највисоки вредности за ширината на мешунката и за масата на 100 зрна. Ph.c2 и Ph.c25 го сочинуваат третиот кластер, со најмногу нодии до прво соцветие, најдолги соцветија и цветни пупки, но со најниска маса на 100 зрна. Четвртиот кластер содржи 38 популации со ниски вредности за својствата, пред сè за продуктивните. Три популации со најдолг вегетациски период, највисоко стебло и најдолги листови спаѓаат во петтиот кластер. Популацијата Ph.c5 не припаѓа во ниту една група. Првиот и вториот кластер ги групираат популациите со позитивни приносни својства кои се соодветни за вклучување во идни селекциски програми.

Во потпоглавјето **Анализа на главни компоненти (PCA)** се дадени резултатите од расчленувањето на вкупната варијабилност на популациите во шест главни компоненти, при што првите три објаснуваат најголем процент од варијабилноста на популациите. Првата главна компонента, во највисока корелација со бројот на локуси и бројот на семки во мешунка, објаснува 15,386 % од вкупната варијабилност. Втората главна компонента, во која најмногу учествуваат маса на семе од мешунка и масата на семе од растение објаснува 14,749 % од варијабилноста, а третата главна компонента која највисоко позитивно е корелирана со бројот на мешунки објаснува 14,545 % од вкупната варијабилност.

Сите податоци од ова поглавје се изнесени јасно, проследени со соодветна дискусија базирана на нивна споредба со податоци од други слични испитувања. Квалитативните својства се прикажани на графикони, а квантитативните својства во прегледни табели. Текстот е збогатен и со оригинални фотографии за морфолошките својства.

Во поглавјето **Заклучоци**, докторандот редоследно изведува јасни и концизни заклучоци од добиените резултати и наведува дека податоците од истражувањето можат да се користат како основа за започнување на селекциска програма на многуцветен грав или, пак, за директно комерцијално производство на популациите, по претходна оцена на нивните перформанси и стабилност во различни региони.

Во поглавјето **Литература** се дадени 105 референци за цитираните автори, од кои 3 се домашни и 102 се странски.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторската дисертација со наслов „Оцена на генетската разновидност на многуцветниот грав *Phaseolus coccineus* L. (syn. *Phaseolus multiflorus* Willd.) во Република Македонија“ пријавена и изработена од м-р Гафур Ајрули, професор по биологија во СОУ "Мирко Милески" во Кичево, според содржината, целите и методите на истражување, резултатите и начинот на нивната интерпретација и заклучоците претставува самостоен оригинален научен труд кој ги исполнува критериумите за докторска дисертација. Презентираните резултати претставуваат значаен научен придонес во областа на генетиката и селекцијата на многуцветниот грав.

Врз основа на горенаведеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, да ја прифати изработената докторска дисертација и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Соња Ивановска с.р.
2. Проф. д-р Љупчо Јанкулоски с.р.
3. Доц. д-р Мирјана Јанкуловска с.р.
4. Проф. д-р Гордана Попсимонова с.р.
5. Проф. д-р Рукие Агич с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕГЗИЛОТ И УМЕТНОСТА НА ПРЕМЕСТУВАЊЕТО ВО ТВОРЕЧКИТЕ ОПУСИ НА ДУБРАВКА УГРЕШИЌ И ГОРАН СТЕФАНОВСКИ“, ОД М-Р ГОЦЕ СМИЛЕВСКИ ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата триесет и четврта редовна седница одржана на 6.2.2013 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, избра рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд под наслов:

„Егзилот и уметноста на преместувањето во творечките опуси на Дубравка Угрешиќ и Горан Стефановски“, изработен од кандидатот м-р Гоце Смилевски, во состав:

1. проф. д-р Маја Бојаџиевска
2. проф. д-р Славица Србиновска
3. проф. д-р Елизабета Шелева
4. проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска
5. проф. д-р Анастасија Ѓурчинова

По разгледувањето на приложениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го поднесе следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Содржина на трудот

Докторската дисертација под наслов „Егзилот и уметноста на преместувањето во творечките опуси на Дубравка Угрешиќ и Горан Стефановски“ е напишана на 221 страница компјутерски отчукан текст во А4 - формат и содржи четири дела: 1. теориски вовед под наслов „Контрапунктната димензија на егзилот и преместувањето“ (1-76); 2. втор дел под наслов „Егзилот и преместувањето во опусот на Дубравка Угрешиќ (76-145); 3. третиот дел, насловен „Преместувањето во опусот на Горан Стефановски“ (145-203); 4. Заклучок (203-212) и список на користена кој ги опфаќа делата од корпусот за анализа, како и кирилична и латинична библиографија (212-221).

2. Опис и оценка на трудот

Докторската дисертација на м-р Гоце Смилевски претставува труд со повеќекратен интерес. Основната цел на овој труд е критичко преиспитување на еден од порелевантните современи концепти во проучувањата на литературата и културата - егзилот - како и разработувањето на неговата хеуристичка вредност преку анализа на репрезентативни дела од опусите на двајца писатели, Дубравка Угрешиќ и Горан Стефановски.

Во воведниот дел на својата дисертација, авторот на трудот се обидува да даде најекстензивна рамка за теориско дефинирање на концептот на егзилот, притоа подеднакво водејќи сметка и за рестриктивните дефиниции на поимот, но и за исклучително динамичниот процес на негово реконцептуализирање преку постојаното воведување нови термини во теориското поле. Во таа смисла, авторот на трудот ја потенцира комплексноста на феноменологијата на егзилот во последните неколку децении од една страна, а од друга, постојано ја има предвид и хипертрофијата на поими во ова подрачје која е поврзана со низата специфики на „бивањето надвор од својата земја“ и потребата да се најдат минуциозни терминолошки соодветности за овој феномен. Оттука, во воведниот дел на трудот, м-р Смилевски најпрвин ја анализира етимологијата на поимот егзил преку сознанијата на Пол Табори (*Анатомија на егзилот*) и Ричард Едвардс (*Егзилот, себството и општеството*); понатаму се осврнува на историјата на егзилот, ситуирајќи го терминот во неговата историска употреба во периодот на Стариот Рим но и трасирајќи ја неговата предисторија дури и до древните текстови на египетската и јудеохристијанската традиција. Смилевски укажува и на тоа дека феноменот на егзилот се протега низ целокупната човекова историја, станувајќи тема во литературата и термин чие значење се објаснува во низа филозофски расправи.

Во однос на современата употреба на овој термин, во напорот да се опфатат многуте лица на состојбата која се нарекува егзил, авторот на трудот во една центрипетална перспектива разгледува огромен корпус на искази, рефлексии, теориски промислувања, филозофски расправи кои опфаќаат различни аспекти на овој феномен. Во таквата перпектива влегуваат повеќе категории текстови од чии аналитички сублимати авторот на трудот создава композитен инструмент за

препрочитување на предложениот корпус дела. Тука се особено значајни рефлексиите на авторите од форматот на Јосиф Бродски, Милан Кундера, Чеслав Милош, исказите и творештвото на писателите-експатријати како Хемингвеј, Џојс, Бекет, Нина Берберова и низа други, кои осветлуваат низа диференцијални специфики на оваа комплексна состојба. Смилевски умешно ги групира овие, понекогаш, дивергентни авторски ставови, околу неколку значајни концептуални оски. За овој докторски труд се подеднакво важни и теориите кои при дефинирањето на егзилот се фокусираат на неговата општествена и политичка димензија, како и оние што се ориентираат кон анализа на емоционалните и интелектуалните доживувања на егзилантот. Во таа смисла, авторот на трудот донекаде се потпира на една можна дефиниција која ја дава Пол Табори: „Егзилант е личност која е принудена да ја напушти или да остане надвор од земјата на своето потекло, од причина на добро заснован страв од гонење од причини кои се однесуваат на расата, националноста, религиозното или политичкото мислење; личност која го смета својот егзил како привремен (иако истиот може да трае и цел животен век), надевајќи се дека ќе се врати во својата татковина кога околностите ќе го овозможат тоа - но не е во можност или не сака да го стори тоа сè додека опстојуваат факторите кои го направиле егзилант", но и таа, а и другите дефиниции кои се обидуваат да ја дофатат контроверзната семантика на егзилот ги поставува во вкрстена критичка перспектива. Сличната процедура на критичко преиспитување, авторот ја применува и при анализа, на пример, на теориските ставови на Рози Браидоти која во книгата *Номадски субјекти* прави дистинкција помеѓу егзилот, номадизмот и мигрантството. Смилевски забележува дека Браидоти во своите дистинкциии каде што со поапстрактни поими го дефинира номадизмот наспроти егзилантството како „теоретска фигуративна претстава", „мит", „политичка фикција", „ротирачка прогресија кон деконструирање на идентитетот", и сл., всушност, го глорифицира номадот наспроти мигрантот и егзилантот. На концептуализациите на Браидоти, Смилевски им ги спротивставува концептуализациите на Едвард Саид и Ји-Фу Туан. Во таа смисла, осветлувајќи ги повеќето релевантни теориски пристапи кон проблематиката на егзилот на овој начин, авторот на трудот постојано покажува свесност за рестриктивноста на теориските поаѓалишта кои, не успевајќи во своите

концептуализации да ги дефинираат острите граници, на пример, помеѓу категориите „егзиланти, експатријати, емигранти“, се соочуваат со ограничената моќ на своите аналитички инструменти особено кога се во прашање дела на автори од форматот на еден Јонеско или Милан Кундера.

Како своевидно надминување на нужната рестриктивност која ја носат обидите за строги терминолошки разграничувања во оваа проблематика, особено во случаите кога треба точно да се утврди употребата на терминте *егзилантска, етничка, мигрантска* или *дијаспоричка* литература, авторот на трудот се потпира на концептот за транснационалната литература на Азаде Сејхан (*Пишување надвор од нацијата*). Сејхан во спомнатата студија настојува на користење на терминот транснационална литература за делата на оние автори кои разработуваат мотиви што се однесуваат на детериторијализирани култури и кои говорат за „паранационални заедници и групи“. Под тој термин Азаде Сејхан подразбира, како што наведува Смилевски: „заедници кои постојат во рамките на националните граници или покрај граѓаните на земјата - домаќин, но кои остануваат културно и лингвистички дистанцирани од нив и, во некој степен, се отуѓени и од домашната и од културата на земјата-домаќин“. Понатаму, авторот на трудот ги споделува ставовите на Сејхан во однос на свесната наизменична употреба на терминте дијаспорична, егзилантска и транснационална литература, со тоа што при користењето на терминот егзил акцентот се става на доброволниот, а не на принудниот егзил. Со оглед на тоа што, кога се употребуваат во однос на литературата, описите како егзилански, етнички, мигрантски или дијаспорички не можат да ги доловат нијансите на пишувањето „помеѓу“, односно пишувањето помеѓу историите, географиите и културните практики, овие термини и во дисертацијата на Смилевски, следејќи ја Сејхан, се сфаќаат како „означувачи на текстови кои настанале и суштествуваат помеѓу два или повеќе јазици и културни наследства“.

Во ваквата широка и динамична концептуална рамка, Смилевски инкорпорира и теориски аспекти кои недвосмислено придонесуваат за богатството и квалитетот на неговата анализа. Имено, тој смета дека е нужно егзилот да се анализира преку аспектите на идентитетот, јазикот/јазиците и меморијата.

Во вториот дел од дисертацијата, авторот пристапува кон расчитување на дел од опусот на Дубравка Угрешиќ, првенствено нејзините есеи (во книгите *Американски фикционар, Култура на лагата, Забрането читање, Дома нема никој, Напад на минибарот*) каде што се тематизираат егзилот и неговата контрапунктна реалност, состојбите на преместеност, егзистенцијата на друго место. Угрешиќ во дел од своите брилјантни есеи ја истакнува и ја проблематизира плуралноста на перспективите на писателот во егзил, свеста за симултаните димензии на постоењето во културата/културите. Авторот на докторскиот труд е на мислење дека во есеистичкиот опус на Угрешиќ се оди чекор понатаму, особено во тематизирањето на контрапунктната свесност која ја овозможува егзилот. Тој во својата анализа забележува дека Угрешиќ кај писателот во егзил открива двојно *контрапунктирање* (терминот е позајмен од Едвард Саид, *Reflections on Exile*, 2001), „од кои едното се одвива на рамниште на сопоставување на егзилантската реалност и реалноста на домот, додека, пак, другото е контрапунктирање на самиот егзил (...)". Според Смилевски, „реалноста на егзилот добива своја симултана димензија преку обидот на писателот таа реалност да ја протолкува низ сопствениот текст, со што егзилот станува состојба на толкување, состојба на обид да се протолкува самиот егзил, но и сопствено постоење во егзил и негово искусување." Како особен квалитет на минуциозната анализа на Смилевски, вреди да се истакне неговото промислување на поширокиот контекст на феноменологијата на егзилот, особено аспектите на меморијата, јазикот, идентитетот и психологијата на загубата, онака како што ги концептуализира Азаде Сејхан во книгата *Writing outside the Nation*. Тоа се и клучните аспекти преку кои се толкуваат прозните дела на Угрешиќ, романите *Музеј на безусловното предавање* и *Министерство на болката*. Двете нараторки во романите се обидуваат преку нарацијата да ги состават своите животи во една целина од фрагменти што се посматра како стратегија за надминување на дисконтинуитетите што со себе ги носи преместувањето од една средина во друга. Тоа Смилевски го гледа низ оптиката на писателката која ја конструира својата претстава за себе како „комплетно и автономно суштество со кохерентен идентитет". Во таа смисла, авторот го потенцира и значењето на културната меморија која ја поттикнува токму загубата, и нејзината реставрирачка дејност

која ги поврзува значењето, целисходноста и интегритетот со минатото. Притоа, особено е значајно што Угрешиќ се покажува како една од најистакнатите европски авторки и според третманот на јазикот во нејзините романескни остварувања: „Самиот однос кон јазикот не е статичен, скаменет во времето и непроменлив, туку е во постојано менување, како што се менува и односот на ликовите кон сопственото минато и сегашноста, и кон татковината и земјата во која го основаат својот нов дом".

Третиот дел од дисертацијата е посветен на анализа на текстовите на македонскиот драмски писател Горан Стефановски. Контрапунктната димензија на преместувањето во драмските текстови *Казабалкан, Евроалиен* и *Хотел Европа* е претставена, според авторот на овој труд, низ интеракцијата помеѓу ликовите кои припаѓаат на различни културни контексти. За разлика од Угрешиќ, во чии романи ликовите веќе ја имаат преминато „границата" и нивниот живот е сместен „другаде", во драмите на Стефановски, дејствието најчесто ги портретира ликовите во текот на самото преместување, во процесот на преминување на границите, во транзитирање. Авторот на трудот констатира дека заедничко обележје на најголем дел од ликовите во посочените дела на Стефановски е тоа што тие се соочуваат со простор кој е ничија земја, со простор кој ги отфрла (но откако и нивната сопствена земја потполно ги изгубила карактеристиките кои влијаеле на создавањето на нивниот сопствен идентитет). Субјектите на преместувањето кај Стефановски ја доживуваат обединетата Европа како утопија, но кога стигнуваат до неа или до нејзините граници, како што вели Смилевски, „таа им се покажува како хетеротопија, изолирана и недостапна, опколена со пречки и системи на ограничувања" . Според Смилевски, во обидот да ја прикаже различноста на припадниците на различни култури, но и потребата од вистински дијалог при нивната интеракција, Стефановски во своите драми *Казабалкан, Евроалиен* и *Хотел Европа,* главно, ликовите ги гради преку матрицата на стереотипизирање. Оттука, според авторот на трудот, „ликовите функционираат како опозитни парови, при што на едниот крај на оската се ликовите кои ја отелотворуваат стереотипизираната другост а на другиот се оние што го создаваат стереотипот за другиот".

Во заклучокот на докторската дисертација, м-р Смилевски ги сумира резултатите од својата анализа и своите заклучни согледби. Начелно, и во двата анализирани опуса се констатира дека егзилот како избор за живеење ги детерминира не само темите на делата, туку и речиси сите аспекти на сфаќањето на самата уметност кај авторите. Во таа смисла, и за Дубравка Угрешиќ и за Горан Стефановски нивното сопствено книжевно творештво ја затвора идејата за нивен сопствен алтернативен простор, за „трета географија" или за симболички дом.

На крајот од дисертацијата, м-р Смилевски ја наведува користената литература во три сегменти: изданија на делата од анализираниот корпус, богата листа на консултирани книги и студии на кирилица и на латиница.

3. Заклучок

Врз основа на погоре изнесеното, на мислење сме дека докторската дисертација под наслов „Егзилот и уметноста на преместувањето во творечките опуси на Дубравка Угрешиќ и Горан Стефановски", изработена од кандидатот м-р Гоце Смилевски, според својата теориска и методолошка поставеност, според сувереното владеење на интердициплинарниот аналитички инструментариум, како и според прецизно дефинираниот но обемен корпус за анализа, спроведена во компаративистичка и културолошка перспектива, ја поседува сета стручна и научна оправданост што еден докторски труд треба да ја има и ја покажува не само целосната подготвеност на кандидатот за научна работа, туку и неговиот вонсериски потенцијал. На мислење сме дека докторскиот труд на м-р Смилевски претставува исклучителен придонес кон македонската компаратистика и културологија. Според тоа, му предлагаме на Наставно-научниот совет, рецензијата да ја усвои и да му предложи на кандидатот датум за усна одбрана.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Маја Бојациевска, с.р.
2. Проф. д-р Славица Србиновска, с.р.
3. Проф. д-р Елизабета Шелева, с.р.
4. Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска, с.р.
5. Проф. д-р Анастасија Ѓурчинова, с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА "ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО.И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р НИКОЛЧЕ РУНЧЕВ, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 45 од Правилникот за заедничките основи, општите услови и постапката за организирање постдипломски студии и стекнување докторат на науки, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатот м-р Николче Рунчев, под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 78 и 85 седница, одржани на 7.6.2012 година и 16.11.2012, со одлука бр. 02-1218/2 од 13.6.2012 и 02-1218/3 од 21.11.2012 година, ме именува за членови на Комисијата за оцена и одбрана на дисертацијата.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатот м-р Николче Рунчев, ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, обработува многу комплеска, современа и актуелна проблематика од областа на монетарните финансии.

Основна цел на дисертацијата е преку анализирање на современиот теоретски, но и практичен монетарен инструментариум, да се оцени влијанието на монетарната политика во Република Македонија во формирањето и одржувањето на стабилноста на девизниот курс на денарот, тема која предизвикува големо внимание од научните институции, креаторите на монетарната политика, стопанството и целокупната јавност. Имено, нема дилема дека во турбулентни валутни времиња, особено од поново време, стабилноста на девизниот курс на домашната валута мора да биде централна задача на монетарните власти, особено на земјите

што претендираат за членство во Европската унија и Европската монетарна унија. Притоа, во современи констелаций, тоа не е ни малку лесна и едноставна задача. Првенствено, водењето на монетарната политика во отворена економија е под силно влијание на надворешни околности од предвидлив, но и од непредвидлив карактер, постоење на разни парични канали над кои централната банка нема никакво или има слабо влијание, честите светски шокови имаат различно влијание врз цената на финансиските инструменти, па и на стоките на светските берзи, што, од своја страна, имаат силно влијание врз малите отворени економии. Во такви услови растат бројот и дискутабилноста на фундаменталните фактори што ја детерминираат стабилноста на реалниот девизен курс, како и неговото дефинирање и мерење, без оглед на изборот на режимот на девизниот курс.

Имајќи го предвид тоа, докторската дисертација ја разработува предметната проблематика на примерот на македонскиот денар, и тоа првенствено теоретски, а потоа, во одреден дел и емпириски, со примена на неколку типови на модели (моделите на Монтиел и Едвардс кои се применливи за млади пазарни економии и моделите на Халперн, Виплош, Локо и Тулдхар кои се применливи за земјите во транзиција), со цел да се индентификуваат и дијагностицираат конкретните состојби и да се изведат соодветни заклучоци. И во услови на висока валутна супституција и спроведување на бројни економски реформи, од монетарното осамостојување на РМ се спроведуваа соодветни стратегии за монетарно управување. Стратегијата за таргетирање на девизниот курс, која започна да се применува од крајот на 1995 година до денес, се базира на одржување на фиксен курс на денарот како номинално сидро во економијата. Врз основа на емпириските истражувања се нуди објаснување за реалноста на курсот на денарот во РМ, каде што реалната депрецијација се случува при истовремено опаѓање на релативната продуктивност на трудот во македонската економија.

Во текот на изработката на дисертацијата користена е современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување. При изработката на трудот, користена е соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, поднесена од кандидатот м-р Николче Рунчев, има 335 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, три дела и заклучни согледувања, а користената литература содржи 8 страници со 185 библиографски единици.

Во првиот дел под наслов „Монетарна политика-цели и инструменти“, кандидатот теоретски ги разработува поимот и суштината на монетарната политика, ги обработува краткорочните и долгорочните цели на монетарната политика, улогата на монетарната политика во услови на воспоставување економска стабилизација, монетарните правила во насока на јакнење на независноста на централната банка и одредени контроверзии-современи искуства или т.н. нов консензус за монетарна политика. Потоа, се разработени монетарните стратегии и инструментите на монетарната политика, при што е разработен трансмисиониот монетарен механизам.

Вториот дел од докторската дисертација под наслов „Стабилноста на реалниот девизен курс“ е посветен на теоретските пристапи и моделите на теоретска анализа, при што посебно се презентирани релевантни емпириски истражувања за рамнотежните реални девизни курсеви во економиите во транзиција.

Во третиот дел од докторската дисертација насловен како „Монетарната политика на Република Македонија во однос на девизниот курс на денарот и приспособувањето за влез во Европската унија”, е обработена условеноста на процесите на формирање и одржување на девизниот курс на денарот од временски актуелната монетарната политика. Потоа, авторот дава приказ на основањето, развојот и предизвиците на Европската монетарна унија и еврото како заедничка валута. Потоа, во продолжение накусо е презентирана динамиката на приспособување на монетарната политика на Република Македонија за влез во Европската унија, со посебен осврт на предизвиците за целосно исполнување на монетарните критериуми и воведувањето на еврото во Република Македонија.

Во заклучните согледувања се сумирани главните сознанија од истражувањето на докторската дисертација, со нагласка од страна на кандидатот дека, и покрај бројните научни дискусии за девизните курсеви, се' уште, постојат односни дилеми, кои сами по себе, упатуваат на сложеноста на предметната проблематиката, особено во современи услови, кога има потреба од поголема реанимација на економијата, наспроти нејзината стабилност. Притоа, централните банки користат различни монетарни стратегии. Стратегијата за таргетирање на девизниот курс во РМ, која се применува од 1995 година до денес, според кандидатот се покажа ефективна, но тој смета дека е време за нејзино напуштање и утврдување на ново номинално сидро.

На носителите на економските политики им сугерира две можности: приспособување на номиналниот девизен курс или приспособување на економијата. Затоа, кандидатот дава голем сет на препораки кои се однесуваат на идната стратегија за таргетирање на девизниот курс на денарот и за структурни промени во македонската економија, со цел нејзино реално позиционирање на европскиот пазар и конвергенција со него.

ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатот м-р Николче Рунчев со наслов ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа на монетарните финансии.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертацијата претставува концепциски заокружен и емпириски приказ на валидноста на политиките за девизниот курс на македонскиот денар. Во таа насока можат да се оценат како оправдани и корисни сугестиите на кандидатот за соодветни промени во сите процеси кои го детерминираат реалното ниво на девизниот курс на денарот.

Членовите на Комисијата оценуваат дека кандидатот м-р Николче Рунчев, во докторската дисертација ВЛИЈАНИЕТО НА МОНЕТАРНАТА ПОЛИТИКА ВО ФОРМИРАЊЕТО И ОДРЖУВАЊЕТО НА СТАБИЛНОСТА НА ДЕВИЗНИОТ КУРС НА ДЕНАРОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, успеа да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација;

2. и кандидатот м-р Николче Рунчев да му дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 11 март 2013 година

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА

1._____

/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/ с. р.

2._____

/ Д-р Биљана Ангелова/ с. р.

3._____

/ Д-р Климентина Попоска/ с. р.

4._____

/Д-р Томе Неновски / с. р.

5._____

/Д-р Наташа Данилоска / с. р.

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „**УЛОГАТА НА МАЈЧИНИОТ (АЛБАНСКИОТ) ЈАЗИК ВО НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ**" ,ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р **МИРВАН ЏЕМАИЛИ**, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ **"БЛАЖЕ КОНЕСКИ"** ВО СКОПЈЕ

Наставно – научниот совет на Филолшкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и петта редовна седница одржана на 20.3.2013 година, не избра за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ***УЛОГАТА НА МАЈЧИНИОТ (АЛБАНСКИОТ) ЈАЗИК, ВО НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК ЗА СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ,*** изработена од м-р Мирван Џемаили.

Изразувајќи ја својата благодарност кон Наставно-научниот совет за укажаната доверба, по разгледувањето на доставената докторска дисертација, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација „Улогата на мајчиниот (албанскиот) јазик во наставата и учењето на англискиот јазик за специфични потреби" е изработена од м-р Мирван Џемаили. Овој труд има 253 страници и содржи шест поглавја, вовед, преглед на литература, истражувачка методологија, анализа на податоци, истражувачки сознанија, анализа и дискусија и заклучок.

Во воведот (1-13 стр.), кандидатот м-р Џемаили ја образложува важноста на тезата и објаснува дека при ова истражување посебно внимание е посветено на низа прашања кои се тесно поврзани со наставата за усвојувањето на странскиот јазик од страна на албанските студенти. Истражувања во оваа област се правени и од други автори како Atkinson (1987), Krashen (1988), Prodromou (2002), Burden (2000), Philips (1993) и други. Овие автори оценуваат дека кога наставниците го употребуваат првиот јазик ги лишува учениците се лишени од дополнителните информации во вториот јазик, но тоа ја намалува анксиозноста на учениците и првиот јазик ја олеснува проверката на знаењето и дава упатства.

Предмет на интересирање на кандидатот е да го проучи и анализира јазичниот трансфер, т. е. улогата на мајчиниот (албанскиот) јазик во наставата и учењето на

англискиот јазик за специфични потреби. Усвојувањето на втор или трет јазик во голема мера е условено и од перцепцијата што индивидуата ја има за јазикот што треба да го усвои, како и од перцепцијата за сопствениот мајчин јазик.

Главна цел на студијата е препознавање, опишување и објаснување на трансферно предизвиканите лексички и синтаксички модели во кои студентите се соочуваат во пишувањето на нивните состави, написи или есеи на албански и англиски јазик. Кандидатот м-р Џемаили се обидува да ги тестира трите истражувачки прашања: 1. Кои се ученичките и наставничките ставови кон вмешаноста на стратегиите за пишување на првиот јазик во пишувањето на странски јазик?; 2. Колкаво влијание може да има мајчиниот јазик кај студентите во стекнувањето на новиот јазик за да го направи лесен или тежок?; 3. Кои се сличностите и разликите меѓу јазиците кои можат да влијаат на граматиката, вокабуларот и изразувањето (говорот)?

Во Глава два, Преглед на литература (13-30 стр.), м-р Џемаили посебно внимание посветува на дефиницијата и класификацијата на англискиот јазик за специфични потреби; улогата и влијанието на мајчиниот јазик (албанскиот) јазик во наставата за стратегијата на учењето на англискиот јазик за специфични потреби; позитивен и негативен трансфер; јазична интерференција на различни рамништа: (фонетско, морфолошко, синтаксичко, лексичко, семантичко и терминолошко). За анализа на овие проблеми користени се студиите и истражувањата направени од (Dulay et al (1982), Bhel (1999), Skoog (2006), Gilda Pawlova (2009), Palacios (2009)) и други.

Според кандидатот, „точната улога на првиот јазик (Ј1) во учењето и предавањето на вториот јазик (Ј2), не е јасно дефинирано во литературата. Растечко тело на истражување постои истовремено критикувајќи и застапувајќи ја употребата на мајчиниот јазик, но спогодба сè уште не е постигната“ (17 стр). Според литературата од областа на усвојување на другиот јазик се покажува дека трансферот може да биде позитивен и негативен. Кога јазичните пречки резултираат во точно јазично производство, тоа се вика позитивен пренос. Сепак, кога вториот јазик на ученикот поттикнува грешки, се смета за негативен пренос. Повеќето студенти го применуваат знаењето од нивниот мајчин јазик во вториот јазик, и овој пренос може да резултира истовремено позитивно и негативно (Filipovic 1986: 5). Позитивниот трансфер или проактивен трансфер се случува кога значењето на предметите што се префрлени е во согласност со идејата на прифатливост на оние што изучуваат мајчин јазик. До негативен трансфер (ретроактивен трансфер) или интерференција доаѓа кога се случува спротивното и резултира со грешки. Негативниот трансфер ескалира кога разликата меѓу два јазика е голема (Мустафа, А, 1996: 17).

Научното истражување за трансферот на јазикот започна во Соединетите Американски Држави во педесеттите години на минатиот век, додека, пак, десет години и подоцна во Европа, вклучувајќи го и нашиот регион.

Во третот дел е разработена методологијата на истражувањето (30-42 стр.) . Во овој дел, кандидатот м-р Џемаили ги претставува истражувачките модели и прашања. Главна цел на студијата е да го истражи, да го разбере, да го открие, да го потврди и да го разјасни процесот на учење и предавање на англиски за посебни потреби. Дополнително, аспектот на преносот на јазикот беше истражен во смисла на тоа дали е позитивен или негативен. Хипотезите на докторската теза се: Х1: Албанскиот јазик има негативно влијание во учењето на англискиот јазик, Х2: Многу термини од англискиот на албанскиот јазик не се соодветно преведени и Х3: Анализирање на економско-правните термини и нивна споредба на албански и на англиски јазик. Инструменти на истражувањето се листи за проверка, интервјуа, набљудување на училниците, прашалници и пишувањето на студентите.

Вклучени се 100 студенти и 25 професори. Студенти се од ESP LAW (правен англиски за посебни потреби) во склоп на Југоисточниот европски универзитет. Додека, пак, студентите од ESP Business English (англиски за бизнис за посебни потреби) се од Југоисточниот европски Универзитет и Државниот универзитет во Тетово и сите професори кои предаваат англиски и англиски за посебни потреби во ЈИУ и ДУТ.

Оваа студија беше извршена во период од 4 семестри (две академски години 2011-2012 и 2012-2013), во склоп на кампусот на ЈИЕУ и ДУТ. Учесниците беа набљудувани повеќе од 36 недели.

Сите есеи се анализирани на морфолошко, синтактичко, семантичко и на лексичко рамниште. Како рамка за категоризирања на грешките на студентите е применета дизајнирана шема од Dulay et al во 2007. Табелите содржат 18 граматички категории, и тоа: глаголи, именки, герунд, заменки, именки, лексички категории итн. Потоа грешките се претставуваат во табели и се анализирани во детали.

Во четвртиот дел, анализа на податоци (42-62), кандидатот м-р Џемаили ги анализира сите податоците собрани со користење на четири инструменти: прашалници, интервјуа, листи за проверка, набљудувања на училниците на професорите и пишувањата на студентите. Јазичната и граматичка анализа на есеите на студентите Албанци на тема: *Долгорочни ефекти на невработеност на младите луде во Република Македонија* го опфаќа главниот дел и 300 есеи беа анализирани.

Во овој дел, кандидатот м-р Џемаили дава и краток опис на пилот - студија која беше спроведена да се види дали наменетите инструменти ќе работат според

планираното. Алатките биле употребени на дваесет студенти со пред-средно ниво на основни англиски вештини при Факултетот за бизнис - администрација на ДУТ, каде што истражувачот работи со половина работно време. Проверката на лекциите со аудиоснимка исто така му дадоа на истражувачот добра шанса да открие подобар начин и позиција за снимката на рекордерот да биде снимена во училницата. Всушност, нормалните класови во кои се зборува на англиски се бучни и енергични, што некако влијае на квалитетот на снимката.

Во петтиот дел, што се однесува на истражувачките сознанија (63-187 стр.), се претставени сите резултати од собраните податоци кои придонесуваат за трите истражувачки прашања на оваа студија.

Сознанијата за првото истражувачко прашање: „Кои се ставовите на студентите за вмешаноста на стратегиите на пишување на првиот јазик (Ј1) во пишувањето на англиски за посебни потреби?“, ги земаат предвид одговорите од прелиминарниот прашалник и листите за проверка на пишувањето спроведени пред и по експериментите.

Сознанијата од прелиминарниот прашалник откриј дека студентите мислат на пишување истовремено и на албански и на англиски јазик. Немало точни или погрешни одговори на кој било од предметите во прашалникот и сите одговори се претставени во табела 4. Што се однесува до учењето на граматика и вокабулар, како најефективен начин за подобрување на пишувањето (предмет 16) оценките биле следниве: дваесет и три од 100 студенти целосно се согласија, триесет и еден не се согласија и дваесет студенти ниту се согласија ниту не се согласија. Исто така, петнаесет студенти не се согласија со оваа изјава и единаесет студенти целосно не се согласија.

Сознанијата од стратегиите за пишување на листи за проверка: директно пишување на англиски, кадешто студентите покажале до кој степен ги користеле наброените стратегии. Како што е илустрирано во табела 6, од 100 студенти, 80 ја планирале организацијата на есејот однапред, а дваесет студенти често ја применувале оваа стратегија додека пишувале директно на англиски.

Сознанијата за второто истражувачко прашање: „Дали студентите ги префрлаат стратегиите од пишувањето на првиот јазик во пишувањето на англиски позитивно или негативно? Зошто?“, ја земаат предвид методологијата спроведена за првото истражувачко прашање. Композициите на есеите од страна на студентите на нивниот прв јазик, директно пишување на англиски и преведување на нивното пишување од нивниот прв јазик (Ј1) на нивниот странски јазик (Ј2), овозможија детекција на

преносот на стратегиите на првиот јазик на пишувањето на англиски и причината за ова случување исто така.

Сознанија од **наративните есеи**, компонирани од страна на 100 студенти (експеримент два, види (прилог X) на нивниот прв јазик и преведените есеи на англиски, покажале голем дел на јазичен пренос. Анализите спроведени додека се прегледувале наративните есеи на студентите на првиот јазик и есеите на англиски, имало детекција на преносот од стратегиите на првиот јазик во пишувањето на англиски на позитивен и негативен начин. Позитивниот трансфер беше детектиран во есеите со 27 (27%) од 100 (100%). Негативниот трансфер (интерференција) беше детектиран во есеите на 43 студенти (43%), додека двата трансфера беа детектирани во есеите на 30 студенти (30%).

Сознанијата од **интервјуата сугерираат** дека студентите одговориле позитивно кон употребата на првиот јазик (албанскиот јазик). Помали разлики постојат во однос на приликите кога првиот јазик треба да биде употребен. Некои од овие отстапки може да се сретнат во различни нивоа на стручноста на вториот јазик. Студентите нагласија дека преводот на некои зборови, комплексни идеи или цели пасуси е добар начин да се научи странски јазик

Собраните податоци од **набљудување на училниците** покажуваат дека три професори на англиски јазик за посебни цели се прикажале пософистицирани со вклучен педагошки пристап кој јасно ги инволвирал студентите, судејќи според јазикот на нивните тела и општото ниво на внимание. Тие покажале принцип кој покажал дека учењето на странски јазик доаѓа од обидот да се користи и да се мисли на него и дека за повеќето студенти училницата е сигурно место за да постапуваат така. Сите од нив после часот тврделе дека сакале да ги истренираат студентите да слушаат и да користат само англиски. Набљудуваните податоци покажуваат дека првиот јазик беше користен од страна на три професори, но во различни околности, како што е забележано погоре, одредено во класовите на правен англиски за специфични цели и/или бизнис англиски: да се даваат инструкции, да се објасни значењето на зборовите, комплексните идеи, да се провери како оди сфаќањето, да се користи претходното знаење на студентите и да се објаснат комплексните граматички точки. Најголема употреба на првиот јазик дури 15 пати беше за да се објаснат значењата на зборовите.

Интервјуто со професорите покажа дека употребата на првиот јазик има важна улога во учењето и предавањето на вториот јазик, во овој случај англискиот како втор јазик, на класови на англиски како странски јазик. Употребата на првиот јазик беше воведена како техника за предавање во класови на англиски како странски јазик. Професорите

кои учествуваа во сегашната истражувачка студија покажаа дека преводот на апстрактни зборови, комплексни идеи и фрази на првиот јазик е објект за да се научи странски јазик.

На крајот, во шестиот дел, кандидатот м-р Џемаили дава заклучоци и импликации за понатамошни истражувања. Според него мајчиниот јазик се развива во животната средина на студентите и е природна основа на која вербалните способности можат да бидат изградени. Студентите учат јазик преку комуникација на еден јазик, па затоа препораките од оваа докторска теза имаат за цел да решат некои предизвици со кои студентите се соочуваат при изучувањето на англискиот јазик. Многу е важно наставниците, лекторите и предавачите да бидат информирани за потребите на студентите и кои стратегии се најважни и најповолни за нив. Улогата на мајчиниот јазик треба секогаш да се зема предвид кога се предава странски јазик и треба студентите повеќе да се поттикнуваат да го користат јазикот како медиум за комуникација и надвор од училниците.

ЗАКЛУЧОК

Од приложениот извештај може да се заклучи дека докторската дисертација „Улогата на мајчиниот (албанскиот) јазик во наставата и учењето на англискиот јазик за специфични потреби“, изработена од м-р Мирван Џемаили, претставува оригинален труд од областа на усвојување на англискиот како странски јазик, со доста богата литература, опишување на многу студии, интересни методолошки алатки, со чисти цели и објективи и, на крајот, со конкретни резултати и заклучоци и импликации за понатамошни истражувања, кои се најдобар аргумент за да се прифати нашиот извештај за докторската дисертација, м-р Мирван Џемаили да биде повика на одбрана на својата докторска дисертација.

Скопје,
26.3.2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Брикена Џафери, доцент, с.р.
2. Д-р Агим Полоска, редовен професор, с.р.
3. Д-р Валбона Тоска, доцент , с.р.
4. Д-р Дервиш Алими, доцент , с.р.
5. Д-р Исмет Османи, доцент , с.р.

ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ДИСЕРТАЦИИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

на XXXVI СЕДНИЦА одржанана 27.03.2013 година

ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

Ред. бр.	ИМЕ И ПРЕЗИМЕ	ТЕМА	МЕНТОР
1.	м-р Марјан Ѓуровски	Анализа на современите теориско-концепциски пристапи во креирањето на безбедносната политика на Република Македонија	проф. д-р Оливе Бакрески

Р Е Ц Е Н З И Ј А
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКАТА ПОЛОЖБА НА СТАРИТЕ ЛИЦА ВО АЛБАНСКОТО СЕМЕЈСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ШКЕНДИЈЕ ЈЕТИШИ, ПРИЈАВЕНА НА ИСППИ ВО СКОПЈЕ

Со решение на Институтот за социолошки и политичко – правни истражувања во Скопје бр.02-146/16 од 1.2.2013 година, формирана е Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација изготвена од м-р Шкендије Јетиши со наслов „Социјално-економската положба на старите лица во албанското семејство во Република Македонија“, во состав: проф. д-р Љубица Чонева-ментор, проф. д-р Јорде Јакимовски, проф. д-р Ружица Цацаноска,проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева и проф. д-р Виолета Чачева. По разгледувањето на приложениот текст на дисертацијата и усогласувањето на мислењата, Комисијата го поднесе следниов

И З В Е Ш Т А Ј
Приказ на содржината на трудот

Прегледаната докторска дисертација од кандидатката се состои од вкупно 230 страници во 11 глави пишуван текст на персонален сметач, 51 табела и графички прикази, заклучоци, библиографија и прилози, кои заедно сочинуваат една целина.

Во воведот кандидатката ги изнесува основните прашања од темата која се обработува во дисертацијата, а тоа се категоријата стари лица од албанското население во Република Македонија во рамките на албанското семејство.Таквите назнаки се во функција на теоретската и искуствената актуелност на темата.

Во првиот теоретски дел од дисертацијата „Пристап кон староста и стареењето“, кандидатката м-р Шкендије Јетиши доволно опфатно ги изложува теориските гледишта за животниот период на човекот наречен старост и процесот

на стареењето. Тука се наведуваат одредени теориски сфаќања за причините на стареењето на човековиот организам, со елаборација на главниот проблем најавен и со насловот на тезата. Таа анализа е изведена врз презентација на гледиштата на бројни автори, почнувајќи од Аристотел, потоа Спенсер, Воронов и други до современите филозофски, социолошки, биолошки и други позиции на проблемот старост и стареење. При тоа, авторката го наведува мислењето на познатиот американски теоретичар Мак-Артур, кој напишал: „Не се станува стар затоа што сме живееле одреден број години, стар се станува кога се напуштаат своите животни идеали".

Во понатамошниот теоретски дел од дисертацијата кој се однесува на старост како возрасна категорија и стареењето како биолошки процес во рамките на природната средина, се разработуваат следниве подрачја: старите лица во рамките на семејството, старите лица од аспект на албанското семејство, општествената положба на старите лица, промени во личноста на стара возраст, односот према старите лица, состојбата на старите лица во Република Македонија и земјите од ЕУ.

На аргументиран начин и со доволен коментар во овој дел од трудот се разработува социјалниот показател за процесот на стареењето во контекст на семејството и неговото значење, како присуство и поддршка на старото лице од другите членови, што за основна цел има заемна помош и почит од своите и блиските при функционална изнемоштеност и неспособност. Значајно е притоа дека состојбата на заемна зависност се менува со текот на годините, па така старите кои биле потпора и грижа за децата, на оваа возраст стануваат субјект на кој треба да се пренесе грижа и внимание.

Во позначајните специфичности на релацијата стари лица и семејство, исламската религија значајно место отстапува на почитувањето на старите членови во семејството. Според принципите на заедничкиот повеќегенерациски живот во семејството од аспект на муслиманската вера, сигурноста и среќата на старите лица ќе се базира на меѓусебна милост или простување, кога на некои

членови треба да им се попушти и да се биде толерантен спрема нив. Истото тоа би се однесувало и на прифатеноста, односно љубовта кон старите, бидејќи заедничкиот живот без овие принципи е незамислив. Според оваа религија, заемното разбирање значи движечка сила во односите на повеќегенерациското семејство, кога треба да се признаат годините, слабоста и неспособноста за работа на стариот човек и родител, поголемата чувствителност за некои однесувања и сл.

Авторката забележува дека треба да се подвлече дека концептот на семејствата во однос на старите генерации во денешно време е многу поразличен од порано, во однос на принципите како од муслиманската, така и од другите религии. Покрај тоа, таа подвлекува дека во оваа смисла социолошките истражувања покажуваат дека етничката припадност на семејната група во Република Македонија, како етнички хетерогено подрачје, најчесто има пресудно влијание врз степенот на трансформираноста на семејството како основна заедница на секој поединец, па и на старите лица. Овие развојни промени во македонското општество имаат силен одраз и во албанското семејство, кое постепено се менува и се приспособува кон новите барања и потреби.

Актуелноста и значењето на ова истражување од научен и практичен аспект добива значајна димензија, особено кога станува збор за општествената положба на старите лица, бидејќи статусната положба претставува составен дел на животот на секоја индивидуа и националност. Во врска со ова, во трудот се подвлекува дека старите лица се често ограничени во своето учество во општествениот, економскиот и политичкиот живот, што оневозможува нивно доволно влијание во различните сфери, иако според застапеноста тие не се малцинска група од населението. Поголемиот број улоги во социјалната структура на современите општества, не припаѓаат на старите лица и за нив има само неколку одредени можности за учество во општествениот живот.

Со нужен и доволен коментар кандидатката м-р Шкендије Јетиши во овој дел од дисертацијата исто така ги претставува промените во личноста на човекот во третото доба, наведувајќи дека стареењето е природен процес, а староста е здрава, а не болна состојба на организмот. Притоа, кандидатката дава

објаснување на одделните промени кои се случуваат во сетилата, емотивните процеси, социјалната средина и сл. Во врска со ова прашање аргументирано се елаборира и ставот дека сепак многу аспекти на личноста остануваат стабилни во текот на целиот живот, како задоволството од животот, моралните норми и сликата за себе која останува непроменета.

Во завршетокот на теоретскиот дел од дисертацијата, кандидатката м-р Јетиши доволно опфатно ги има изложено гледиштата за состојбата на старите лица во Република Македонија и земјите од Европската унија. Таа подвлекува дека голем број истражувања покажуваат дека стареењето на популацијата денес претставува еден од позначајните интереси за положбата и состојбите во политиката за нејзина заштита, со кои се соочува светот и често е предмет на интерес како на политички, така и на научни и стручни кругови на најголем број развиени земји. Податоците за старосната структура на населението се доста значајни и влијаат врз согледување на работоспособното население, односите меѓу младите и старите генерации и планирање на заштитата на старото население како градба на домови, здравствени установи, одредување на пензискиот фонд и слично.

Република Македонија, според сите индикатори, веќе во 1994 година навлезе во процесот на стареење на популацијата, што ќе има повеќе последици во иднина, а пред сè на планот на природната репродукција на населението.

Во продолжение на овој дел од дисертацијата, низ една динамична корелација се претставени и искуствата за успешно постигнување на овие цели кај земјите од Европската унија. Анализирањата на овие состојби на старите лица во земјите на Европската унија укажуваат на промовирање на здраво и активно стареење, на кое се гледа како на клуч за рамноправни улоги на лицата од третото доба. Кандидатката м-р Јетиши подвлекува дека заедничката стратегија на политиките на европските земји подразбира развивање на вонинституционални облици со давање можност на старите да живеат во својата куќа и средина каде што припаѓаат, неизолирани во домови и други форми на колективно живеење

Во истражувачкиот дел е претставена проектната рамка на докторската дисертација. Тука, како што е вообичаено, авторката го дефинира предметот на

научното истражување, ги разработува целите и хипотезите и ја определува методолошката постапка. Врз основа на јасно определениот предмет и целите на дисертацијата, кандидатката ја формулира главната хипотеза наведувајќи дека сегашниот степен на трансформираност на семејниот начин на живот во албанското семејство претставува пат кон промена и на севкупните семејни односи и нивно заменување со новиот концепт на културно-историскиот развиток, што може да услови и недоволна сигурност и грижа за старите лица во семејната заедница и во општеството.

Поради сложеноста на предметот на истражувањето, кандидатката м-р Шкендије Јетиши наведува дека на оваа појава треба да ѝ се даде повеќедимензионалност во однос на научните дисциплини и субјектите кои учествуваат во проучувањето на факторите за унапредување на положбата на старите лица воопшто, вклучувајќи ги и старите лица од албанска националност во Република Македонија. Во вака определените теоретски рамки на докторскиот труд, конкретно се формулирани и целите од научен и апликативен карактер, како и применетите методи, техники, инструменти и примерок за реализација на истражувањето.

Во последниот дел од докторската дисертација, која е централен интерес на трудот, се претставени резултатите од анкетното испитување за димензиите на старите лица кај албанското население, влијанијата и условите на некои социјално-општествени фактори врз денешното семејство и неговата заштитна функција во Република Македонија.

Во заклучниот дел, авторот на сублимиран начин во 28 точки ги презентира постигнатите резултати од истражувањето, и тоа: согледувањата за демографските движења во Република Македонија и константниот пораст на стапката на старите лица, разлики во потребите за услуги и помош кај старите од албанска националност, постоењето на висока солидарност кај ова население во однос на старата популација, предлози за организирање на центри за дневен престој на старите лица за занимање со различни хоби, водење разговори и дискусии, добивање на информативни услуги, организирање на прослави и слично, што треба да биде приоритет на локалната заедница.

Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација под наслов „Социјално-економската положба на старите лица во албанското семејство во Република Македонија", од м-р Шкендије Јетиши, претставува систематична студија за едно актуелно прашање од сферата на вредносниот систем на современото семејство, што поконкретно се однесува на старите лица од албанска националност во Република Македонија.

Во теориската и методолошката обработка, дисертацијата е во согласност со научните стандарди и ги следи критериумите определени за докторска теза. И теориските сознанија, како и општествените импликации, содржани во овој труд со значајна практична вредност.

Заклучок

Со оглед на важноста на испитуваната тема, неговата актуелност, општествените импликации, како и начинот на обработка и применетите методолошки стандарди, Комисијата му предлага на Советот на ИСППИ во Скопје, да ја прифати оваа позитивна оценка и да ја закаже јавната одбрана на докторската дисертација.

Комисија

1.Проф. д-р Љубица Чонева с.р.

2. Проф. д-р Јорде Јаќимовски с.р.

3. Проф. д-р Ружица Цацаноска с.р.

4. Проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева с. р.

5.Проф. д-р Виолета Чачева с.р.

Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „УЛОГАТА НА ПОЛИТИКАТА ВО ПРЕСТРУКТУРИРАЊЕТО НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СУДСКАТА ПРАКТИКА, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВИКТОРИЈА ГИЕРЕР, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ„ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 29.3.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Европскиот суд за човекови права предизвици за судската практика„ од кандидатката м-р Викторија ЧАВКОВСКА, во состав:
Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето

Докторската дисертација под наслов Европскиот суд за човекови права предизвици за судската практика прави анализа на состојбата со реформата на Европската конвенција за човекови права, особено на Протоколот 14 и неговата примена во внатрешните правни системи од страна на државите-членки на Советот на Европа, и дава одговори на прашањето што и кои процедури треба државите да ги воведат во практика, со цел да се зголеми авторитетот и капацитетот на Европскиот суд за човекови права и да се намали загрижувачката состојба со растечкиот број на поединечни жалби, како кај останатите високи договорни страни на Европската конвенција за човекови права, така и во Република Македонија.
Трудот е концепиран согласно со проблемите и предизвиците за поефикасно реализирање на Европската конвенција за човекови права и извршување на пресудите, што е од посебен интерес за истражување со оглед на фактот што се повеќе граѓани ефикасното остварувањето на правата не го гледаат низ домашното законодавство, туку низ системот на заштита што го нудат организации каде што клучна задача е промовирање на правата и фундаменталните слободи на човекот и нивното почитување.
Дисертацијата станува актуелна и поради самиот факт дека во практиката и до денес се уште постои големо разнобразие за односот на статутарниот закон и меѓународното право, како и за односот на државите спрема одлуките на Европскиот суд за човекови права. Поради сите овие причини кои произлегуваат од различната интерпретација на домашната судска практика, Европскиот суд за човекови права се судрува со системски проблеми. Притоа се запоставува улогата

на Европскиот суд за човекови права, која не подразбира само да ја искаже и испише обврската на високата договорна страна на Конвенцијата инволвирана во случајот, туку претставува и толкување на Конвенцијата за сите четириесет и седум земји членки страни на Конвенцијата.
Главниот предизвик на трудот претставува државите да ја увидат потребата од навремено и ефикасно интегрирање на одредбите на Конвенцијата и воедно да утврдат дека пресудите во кои Судот констатира повреда на правата на поединците од страна на високите договорни страни претставува обврска: да ги исплатат износите доделени од Судот преку правично намирување; да усвојат, каде што е соодветно, поединечни мерки за да се стави крај на повредата констатирана од Судот и да ги исправат, колку што е тоа можно, ефектите од повредата; да се усвојат, општи мерки што се потребни за да се стави крај на слични повреди или и тие да се спречат.
Предмет на истражување е и состојбата во Република Македонија и положбата на владиниот агент и Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, каде што понатаму се доаѓа до одговорот дека е неопходно да се воспостават домашни механизми и процедури – и на ниво на влади и на ниво на парламенти – за да се осигура навременото и ефективно имплементирање на пресудите на Судот, преку координирано дејствие на сите засегнати национални чинители и со неопходна поддршка на највисоко политичко ниво; и дека одредбите од Протоколот 14 важат, *mutatis mutandis*, за извршувањето на секоја одлука или пресуда на Судот.

Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на проучување на докторскиот труд претставуваат законските реформи кои државите треба да ги донесат во домашните законодавства со цел Европскиот суд за човекови права да може да ги претрпи неопходните структурни и системски измени кои ќе доведат до поефикасно носење на судските пресуди, со цел системот на Европската конвенција за човекови права целосно да се заштити.
Со оглед на тоа дека брзото и успешно извршување на пресудите на Судот придонесува за зголемување на заштитата на човековите права во државите-членки и за долгорочната ефективност на европскиот систем за заштита на човековите права, а од друга страна дека извршувањето на одлуките на Судот опфаќа мерки и дејствија кои треба да бидат прифатени и одобрени од меѓународната заедница, сето тоа во услови кога осудената држава е слободна сама да ги избере начините на кои таа ќе ја изврши својата обврска да ги испочитува конечните пресуди на Судот, извршувањето претставува сериозен проблем како за државите-членки на Советот на Европа, така и за Комитетот на министри при Советот на Европа.
Предмет на истражување е и определувањето на координаторот во Република Македонија на целокупниот процес на извршување на пресудите, и воспоставување на соодветни механизми за ефективен дијалог и пренос на релевантни информации помеѓу институциите во државата како чинители во процесот на извршување. Трудот особено ја следи ситуацијата кога треба да се дефинира телото кое ќе ги идентификува мерките потребни за да се осигура брзото извршување на поединечните и општите мерки, но и на следење на моментите кога ќе се развива и ефективна синергија помеѓу релевантните чинители во процесот на извршување на национално ниво, генерално или како одговор на конкретна пресуда, со можност да се идентификуваат поединечни

обврски и надлежности. Тука, пред се, се мисли и на Собранието на Република Македонија во случај кога е потребно да се преземе дејствие и на највисоко политичко ниво.

Во делот на поставувањето на ***тезите***, кандидатката поаѓа од следнава општа хипотетска рамка: со оглед на фактот дека е се поголем бројот на македонски граѓани кои ефективноста на правичното носење на пресудите го гледаат преку Европскиот суд за човекови права, неопходно е подигнување на свеста кај граѓаните дека измените предвидени со реформите на Европскиот суд за човекови права означуваат и промени во домашното законодавство и тоа претставува реална придобивка за секој граѓанин во Република Македонија, правдата да ја бара пред се пред домашните судови.

Дисертацијата го анализира, го проучува и го презентира пристапот на реформа на Европскиот суд на човекови права, преку создавање на посебен систем на контрола кој понатаму ќе обезбеди комплетна имплементација на одредбите на Европската конвенција за човекови права. Тоа подразбира лоцирање на проблематичните точки и давање предлози за идни можни законодавни реформи кон подобрување на домашното законодавство. Прашањата обработени во трудот претставуваат основа за разбирање на терминологијата, како и за подобрување на законската регулатива со која се регулира целокупната примена на вредностите на Европската конвенција за човекови права, кои за Република Македонија се обврзувачки.

Методолошката рамка

Во истражувањето и изготвувањето на трудот се применети повеќе научни методи, и тоа: во воведниот дел, кој се однесува на анализата на развојот на системот на Европската конвенција за човекови права и реформите на Европскиот суд за човекови права во рамките на Советот на Европа користени се историскиот и дескриптивниот метод, во делот кој ја обработува споредбената правна рамка на досегашните протоколи за измена и дополнување на Европската конвенција користен е компаративниот метод; додека систематскиот, аналитичкиот и нормативниот метод се користени во делот кој се однесува на предизвиците и проблемите во натамошното реформирање на досегашната легислатива; и на крај, можеби најзначајниот за овој докторски труд case – методот, кој кандидатката го користи за анализа на случаи од судската практика.

Структура на дисертацијата

Докторскиот труд „Европскиот суд за човекови права предизвици за судската практика„ е составен од вовед, три дела и заклучок.

Со воведниот дел се отвора концептот на истражувањето, неговиот историски развој и се укажува на некои основни постулати кои се важни за правилен пристап за истражувањето. Се разработува актуелноста на проблематиката на истражувањето и доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес, а посебно се образложени основната и другите цели на истражувањето, како и основната хипотеза на истражувањето.

Првиот дел, насловен како „Осигурување на ефективност на имплементација на Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи“, е изработен во четири глави со кои е направена

сеопфатна анализа на корпусот на човекови права низ системот на Европската конвенција за човекови права. Кандидатката се обидела да го дефинира и реализирањето на човековите права во нивниот историски контекст, а тоа истовремено значи дека тие не се статични и имаат важна историска димензија. Оттаму, кандидатката акцентира дека додека внатрешното законодавство се развива низ процесот на државната практика, меѓународните конвенции се извор на меѓународното право и се обврзувачки за високите страни - потписнички. Следствено, одлуките на Судот подразбираат прифаќање на таа одлука која е обврзувачка и нивно спроведување во домашното право. Всушност, кандидатката истакнува дека при пишувањето на текстот на Конвенцијата се размислувало за унапредување на владеење на правото, со што не би можело да се замисли остварувањето на таа цел без постоење можност за изнесување на правните спорови пред суд. Со цел да ја прикаже поставеноста на Конвенцијата и нејзината ефикасна примена во домашното право, кандидатката детално ги опишала нејзините одредби во кои се содржани правата и слободите што се опфатени и се гарантираат. Особен акцент е даден на суштинските гаранции на Конвенцијата, кои се протегаат врз дополнителните протоколи, со што се осовременува концептот и заштитата на човековите права. Оттука, јасна е идејата да се разработат Протоколот 11 и Протоколот 14 и да се проследи целиот процес на поднесување на индивидуалните жалби и што тој подразбира под испитување на допуштеноста на жалбите и искористување на сите внатрешни правни лекови што им се на располагање на поединците пред поднесување на жалбите пред Европскиот суд за човекови права. Кандидатката го воочува проблемот на преоптовареност со предмети пред Судот, што укажува на системски недостатоци на законодавствата на државите-членки и на улогата на влегувањето во сила на Протоколот 14. Понатаму го обработува носењето на пилот-пресудите, кои беа установени со цел да ги поттикнат државите да почнат да ги спроведуваат судските одлуки, со тоа што ќе донесат општи мерки, особено во предметите кои имаат повторување на повреда на исто право од Конвенцијата.

Вториот дел од докторскиот труд е насловен „Извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права“, со вкупно три глави. Најпрво, кандидатката дава осврт на историскиот развој на Европскиот суд за човекови права, со особен акцент на сегашната положба на Судот и на загрижувачката состојба со извршувањето на пресудите. Во овој дел, во посебна глава се анализира значењето од влегувањето во сила на Протоколот 14, кој треба да претставува контролен механизам над извршувањето на пресудите на Судот, со особен акцент на улогата на Комитетот на министри при нивното надгледување на спроведувањето на овие пресуди. Притоа, кандидатката воочува дека Комитетот на министри претставува задолжително тело во рамките на Советот на Европа, каде што преку посебни состаноци посветени за човекови права се дискутираат начините и моделите или мерките кои треба да се преземат со цел засегнатата висока договорничка страна полесно да ги воочи слабостите во својот внатрешен систем кои настанале при повредата на правата и дека ваквиот надзор над извршување на пресудите претставува политичко преговарање. Во овој дел, направен е осврт на работата на Управниот комитет за човекови права на Комитетот на министри, како и на улогата на резолуциите за соработката на државите со Судот на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Кандидатката заклучува, на крајот на овој дел, дека оваа состојба особено ја доведува во прашање фунционалноста на работата на Судот и неговиот авторитет и од таа причина детално ги разработува мерките кои на државите им стојат на располагање и колку може да се изнајде дополнителен начин државите да го

забрзаат процесот на измена или дополнување на сопственото законодавство, што често од политички мотивирани причини не се менува. Од таа причина, предлага воспоставување на посебен правен комитет и можност за државите да бараат правно мислење од Судот при определено толкување на одредби од Конвенцијата.

Во **третиот дел,** насловен „Односот на Европскиот суд за човекови права врз реформите на домашното законодавство", се анализираат предизвиците со кои се соочува Република Македонија при констатираните системски проблеми кои доведуваа до повреда на правото од член 6, став 1 од Конвенцијата, со посебен акцент на правото на судење во разумен рок. Кандидатката елаборира дека во Република Македонија долги години не постоеше дефиниран процес на кој начин би требало да се постапува за да се постигне поефикасно спроведување на пресудите на Судот, со кои било утврдено повреда на правата опфатени со одредбите на Конвенцијата. Кандидатката потенцира дека темата на дисертацијата е од особен интерес за Република Македонија, бидејќи реформите предвидени со влегувањето во сила на Протоколот 14, подразбираат неопходни реформи на законодавството на национално ниво. Со тоа на Република Македонија и беа наметнати се поголем број на домашни мерки за справување со зголемениот број на предмети. На ваквиот наплив на нови предмети, соодвествуваше и напливот на одлуки на Европскиот суд, и тоа како на пресуди, така и на одлуки за недопуштеност, за постигнување на пријателски спогодби со жалителите и за прифаќање на едностранн декларации. Затоа, заклучува кандидатката дека процесот на res interpretata е од особено значење за Република Македонија, што сам по себе подразбира дека анализата на настанатите повреди на правата во други земји треба да претставува еден водич како да се следи ефектот од пресудите во другите држави-членки и при подготовката на домашните прописи да се имаат предвид востановените принципи. Кандидатката, истовремено, ја истакнува потребата од зголемената улога и положбата на Бирото и владиниот агент за застапување на Република Македонија, пред Судот кои се од суштествено значење за ефикасно надгледување, кооридинирање и спроведување на пресудите на Судот од страна на Република Македонија.

Во **последниот дел**, односно заклучокот на докторската дисертација, синтетизирани се сите сознанија со цел да се утврди степенот на влијанието на носење на пресудите на Судот и прогресивните чекори што ги презема Република Македонија за усогласување на националното законодавство во однос на преземените обврски на меѓународно ниво. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на препораки за Република Македонија во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Европскиот суд за човекови права предизвици за судската практика„ од кандидатката м-р Викторија Гиерер, обработува мошне интересна тема, при што, корисноста од направеното истражување и направените анализи се зајакнати со актуелноста на темата не само во европскиот, туку и во глобалниот светски контекст, факт што влијае и врз подигнување на свесноста за нејзината не помала релевантност и во западнобалканскиот контекст.

Структурата на трудот е избалансирана. Материјата во сите главни аспекти е исцрпна, детално и мошне темелно презентирана според логичен редослед. Содржината на трудот е презентирана на едноставен и јасен начин.

Во рамките на утврдениот предмет, реализираното истражување и направените анализи, кандидатката ја обработува широката проблематика не само прегледно, туку многу продлабочено, отворајќи бројни дилеми и прашања, притоа давајќи сопствени одговори и констатации, т.е сугерирајќи сопствени ставови и видувања.

Темата на докторскиот труд е обработена со употреба и комбинирање на неколку научни методи, во функција на успешно анализирање, докажување и презентирање на поставените тези. Трудот претставува самостоен стручно-научен труд во кој кандидатката, преку примена на соодветна научна методологија, изразува завидна способност за научна разработка на поставените тези, поставувајќи солидно изведени и издржани заклучоци, притоа покажувајќи завидна способност за користење на стручна и научна литература. Научно издржаниот третман на суштинскиот дел од материјата и отворените дилеми, прашања и сугестии поместени во трудот даваат солидна основа за понатамошно комплексно истражување на прашањата поврзани со оваа тема, во што се состои и основниот научен придонес на овој докторски труд.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први" и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и причинува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да и овозможи на кандидатката м-р Викторија Чавковска да пристапи кон јавна одбрана на својот докторски труд.

КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Татјана Петрушевска, с.р.**
2. **Проф. д-р Марика Ристовска, с.р.**
3. **Доц. д-р Каролина Ристова-Астеруд, с.р.**
4. **Доц. д-р Зоран Илиевски, с.р.**
5. **Доц. д-р Васко Наумовски, с.р.**

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - ПОМЛАД АСИСТЕНТ, НА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА НАРОДНИТЕ ОРА ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс објавен во весникот „Нова Македонија“ на 9.1.2013 год. за избор во соработничкото звање помлад асистент - истражувач на народните ора, Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, на седницата одржана на 20.2.2013 година, со Одлука бр. 02-83 определи членови на Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Родна Величковска, проф. д-р Зоранчо Малинов и доц. м-р Владимир Јаневски. Рецензентската комисија го разгледа конкурсниот материјал и го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот распишан од Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје за избор на помлад асистент - истражувач на народните ора во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, објавен во весникот „Нова Македонија“ од 9.1.2013 година се пријави само еден кандидат – Стојанче Костов, дипломиран етнокореолог, вработен во Националниот ансамбл за народни игри и песни “Танец”, на работното место: играч и пејач. Конкурсната комисија ја разгледа пријавата и целосната документација и констатира дека кандидатот ги исполнува условите на конкурсот.

Биографски податоци

Стојанче Костов е роден на 3.5.1988 година во Скопје. Средно образование завршил во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ – насока за традиционална музика и игра. Дипломирал на Отсекот за етнокореологија, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просек 9,35. Од приложената документација дознаваме дека кандидатот Стојанче Костов го познава англискиот јазик. Во дипломскиот труд со наслов „**Методски приказ на ората од етничкиот предел Овче Поле**“ се фокусира на обработката на народните ора од етничкиот предел Овче Поле. Преку визуелен и дескриптивен

метод се забележани и обработени најзастапените играорни обрасци во овчеполското играорно подрачје. Освен деталниот методски приказ на секое од презентираните ора во овој ареал, кандидатот Стојанче Костов во својата дипломска работа ги истакнува и ги објаснува стилските карактеристики и приликите во кои се играат посочените ора. Освен тоа, во својата дипломска работа Стојанче Костов истакнува дека ората застапени во овој предел имаат и по неколку варијанти на играорниот образец, истакнувајќи дека тие имаат сложена форма, што е карактеристично и типично за повеќето машки ора во Македонија. Во дипломскиот труд на Стојанче Костов, покрај границите и поставеноста на пределот Овче Поле (истакнати во првото поглавје), се задржува и на историските аспекти на орската традиција во посочениот предел (опфатени во второто поглавје), и ги истакнува и етнокореолошките карактеристики на источното играорно подрачје на Македонија. Посебност на овој труд претставува приказот на методските аспекти на најзначајните и најавтентичните ора во Овче Поле.

Своето професионално искуство Стојанче Костов го пренесува на членовите на ЖКУД „Владо Тасевски", Скопје, како хонорарен соработник – корепетитор.

- Како хонорарен наставник на насоката за традиционална музика и игра, својата оспособеност им ја пренесува на учениците во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј" во Скопје, во учебната 2009/2010 година.

Особено се истакнува по бројните настапи на концертите и гостувањата во професионалниот ансамбл за народни игри и песни на Македонија, „Танец", вработен како играч и пејач, во периодот од 2005 година до денес.

Неговите активности од областа на етнокореологијата се врзани за теренските истражувања и истражувачки проекти уште како ученик во ДМБУЦ „Илија Николовски –Луј" и како студент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип на Отсекот за етнокореологија.

Заклучок и предлог

Оценувајќи ги активностите, професионалната и стручно-научна работа на кандидатот Стојанче Костов, во периодот од 2003 година до денес, можеме да заклучиме дека тој се истакнува како млад истражувач од областа на

етнокореологијата, област која во моментот е дефицитарна во Република Македонија. Ова особено се однесува на неговото учество во теренските истражувања и истражувачките проекти како ученик во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“ и како студент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на Отсекот за етнокореологија. Изработката на неговата дипломска работа укажува на фактот дека тој се занимава со теренски истражувања од областа на етнологијата и етнокореологијата, проблеми кои се својствени за истражувачките концепции на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје. Според тоа, сметаме дека неговите залагања во областа на етнокореолошката проблематика, како и неговиот интерес за научноистражувачка работа се од големо значење за унапредување на истражувањето на орската традиција во Македонија.

Досегашните интереси на кандидатот Стојанче Костов се навистина значајни за истражувањата на полето на етнокореологијата и претставуваат несомнена индиција дека му претстојат постигања на нови научноистражувачки резултати. Врз основа на изнесеното, Комисијата, согласно со Законот за научноистражувачка дејност, има чест и задоволство да му предложи на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, Стојанче Костов да биде избран во соработничкото звање помлад асистент на работното место истражувач на народните ора при ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје.

Рецензентска комисија

Проф. д-р Родна Величковска с.р.

_____

Проф. д-р Зоранчо Малинов с.р.

_____

Доц. м-р Владимир Јаневски с.р.

_____

Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ-ИСТРАЖУВАЧ НА РАБОТНОТО МЕСТО ИСТРАЖУВАЧ НА ИНСТУМЕНТАЛНАТА МУЗИКА И НАРОДНИТЕ ИНСТРУМЕНТИ ВО ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

Почестени од Одлуката на Советот на ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје, донесена на седницата одржана на 20.2.2013 година (бр. 02-82), да бидеме членови на Рецензентската комисија за избор во соработничко звање асистент-истражувач на работното место: истражувач на инструменталната музика и народните инструменти во ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје, го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во весникот "Нова Македонија" на 9.1.2013 година за избор во соработничко звање на еден асистент-истражувач за работното место: истражувач на инструменталната музика и народните инструменти во соработничко звање се пријави единствено кандидатот: м-р Александра Кузман.

Кандидатката м-р Александра Кузман ги има доставено следниве потребни документи: кратка биографија, уверение за завршен прв циклус студии, уверение за завршен втор циклус студии, примерок од магистерскиот труд, уверение за активно познавање на англиски јазик, извод од матичната книга на родените и уверение за државјанство.

Во кратката биографија, кандидатката м-р Кузман наведува дека е родена на 26.6.1986 година во Охрид, Република Македонија. Дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје во 2009 година, на Одделот за музичка теорија и педагогија, а магистрирала во 2011 година на студиската програма за музички науки, насока: етномузикологија, со магистерскиот труд: "Охридската градска вокална традиција низ репертоарот на Владимир Тунтев и Александар Патчев", под

менторство на доц. д-р Александар Димитријевски, со што се стекнала со научната титула: магистер на музички науки.

Магистерската теза *Охридската градска вокална традиција низ репертоарот на Владимир Тунтев и Александар Патчев* од м-р Александра Кузман содржи вкупно 153 страници во кои се вклучени библиографијата, прилозите и регистрите со нотни примери и табели. Трудот е поделен во три поглавја пред кои се наоѓа вовед и по коишто следува заклучок со вкупно 67 страници. Во првото поглавје е претставена базата на податоци за песните од вокалната традиција на градот Охрид, низ репертоарот на Александар Патчев и Владимир Тунтев. Второто поглавје има за цел да се осврне на музичката култура од градот Охрид преку историските податоци за културниот живот, но и преку описот на податоците за снимениот музички материјал. Третото поглавје ја дава анализата на музичкиот репертоар од вокалната традиција во градот Охрид - основната тема на магистерскиот труд. Поглавјето е организирано во три целини посветени на приказот и коментарите на резултатите од извршеното истражување. По заклучокот следат: библиографијата, прилозите и регистрите.

Во магистерската теза кандидатката м-р Александра Кузман ја истакнува актуелноста на истражуваниот проблем не само заради потребата од истражувања кои ќе се однесуваат на состојбата на локалните форми на музичкиот фолклор, туку и заради отсуството на етномузиколошки трудови кои во целина ја обработуваат градската музичка традиција од Охрид како сегмент од културните разновидности од Македонија. Иако трудот нема претензии да ја обработува македонската градска музичка традиција во целост, кандидатката го димензионира трудот во функција на идејата, односно потребата за извлекување на паралели за сличностите и разликите со други региони. Во тој контекст се вклучени и повеќе мелограми од теренските истражувања на кандидатката во овој регион. Сумарното претставување на заклучоците на оваа магистерска теза уште еднаш ќе ја потврди констатацијата дека во традиционалната вокална музика од градот Охрид е евидентно присуството на големиот број уникатни музички елементи, но и присуството на елементи карактеристични за македонската градска музичка традиција во целост.

Со задоволство можеме да констатираме дека кандидатката м-р Александра Кузман приложила магистерски труд кој пополнува една значајна празнина во истражувањата на традиционалните форми на македонскиот музички фолклор. Исто така, Рецензентската комисија без дилеми утврди дека трудот на кандидатката Кузман во целост ги задоволува и содржинските и формалните стандарди и критериуми за изработка на магистерска теза. Нема дилеми и дека собраните дигитализирани артефакти и тоа во аудио и видео формат, дигиталниот каталог, мелограмите, како и сознанијата и заклучоците од овој труд ќе бидат појдовна основа за други слични истражувања од самата кандидатка и идните етномузиколози, со што ќе се продлабочат сознанијата за суштината на еден од најхуманите феномени - музиката и музичката култура.

Посебно компатибилна со етномузиколошката дејност на кандидатката е и нејзината уметничка дејност како инструменталист-виолинист во повеќе музички состави коишти ја третираат македонската етномузика, како што се: "Калдрма", "Стринг форсес" и "Чалгија саунд систем", преку голем број остварени концерти, настапи и аудио и видеоснимања во повеќе телевизиски куќи. Така, во својата биографија кандидатката м-р Кузман ги навела следните поважни концерти и настапи: завршен концерт на учесниците на семинарот за чалгија во Скопје, 2006 година, Етнофестивал во Загреб, 2006 година, манифестација "Кокино", 2006 година, фестивал "Егзит" во Нови Сад, 2006 година, манифестација "Топол културен бран" во повеќе градови низ Македонија, 2008 година, Локум-фест во Битола, 2008 година, Мариовско-мегленски средби во Витолиште, 2009 година, "Манаки"- Битола, 2009 година, "Акто"- Битола, 2010 година, фестивал "Таксират" во Скопје 2010 година, хуманитарен концерт "Срце за Јапонија" во Скопје, 2011 година, Етнофестивал во Берово, 2012 година и др.

Изведувањето на еден обемен репертоар со фолклорна провениенција директно влијае и врз продлабоченото познавање на музичката традиција, не само од Македонија, туку и пошироко.

Особено важно за современа истражувачка дејност и меѓународна соработка е доброто познавање на англискиот јазик на кандидатката м-р Кузман која го потврдува со приложеното уверение за активно користење на англиски јазик.

Заклучок и предлог: Резимирајќи ги погоре споменатите аргументи за научноистражувачките афинитети и докажаните уметничко-изведувачки компетенции на кандидатката м-р Александра Кузман, со задоволство би сакале да истакнеме дека на овој конкурс се јавува кандидатка која во целост одговара на пропишаните услови за избор во соработничко звање - асистент-истражувач за работното место: истражувач на инструменталната музика и народните инструменти во ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје.

Токму затоа, имајќи го предвид сето наведено, Рецензентската комисија одлучи да му предложи на Советот на ЈНУ Институт за фолклор "Марко Цепенков во Скопје да ја избере м-р Александра Кузман во соработничкото звање асистент-истражувач на работното место: истражувач на инструменталната музика и народните инструменти, со што би засновала работен однос на споменатото работно место.

Рецензентска комисија

Доц. д-р Александар Димитријевски с.р.
Факултет за музичка уметност - Скопје

Проф. д-р Родна Величковска с.р.
Институт за фолклор "М. Цепенков" - Скопје

Проф. д-р Весна Петреска с.р.
Институт за фолклор "М. Цепенков" - Скопје

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „БИОМЕХАНИЧКИ СТАТУС И НИВО НА РАЗВОЈ НА ОСНОВНИТЕ МОТОРНИ ВЕШТИНИ КАЈ ДЕЦА ОД 7 ДО 10 ГОДИНИ", ОД КАНДИДАТОТ М-Р АЛЕКСАНДАР АЦЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје број 0201/345/10 од 21.3.2013 година, Комисијата за одбрана на докторската во состав: проф. д-р Роберт Христовски - претседател, проф. д-р Александар Туфекчиевски – ментор, проф. д-р Илија Клинчаров – член, проф. д-р Јован Јовановски – член, и проф. д-р Вујица Живковиќ – член, сите од Факултетот за физичка култура во Скопје, го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација е презентирана на 208 страници, во десет глави и еден прилог. Дадени се податоци на 121 табела, 26 графикони и 41 слика.

Во првата глава "Вовед", авторот ја истакнува важноста од научниот пристап во поставеноста и реализацијата на наставата по физичко и здравствено образование, преку имплементирање на адекватни содржини во ова предметно подрачје за деца од предучилишната и одделенската настава. Исто така е истакната и застапеноста на основните моторни вештини во курикулумите како градивни блокови и предуслов за учење на

други посложени движења кои се присутни во спортот, рекреацијата и другите форми на физички активности.

Понатаму е истакнато значењето на биомеханиката како наука која во рамките на методот на квалитативна биомеханичка анализа овозможува да се утврди биомеханичкиот статус на моторните вештини. Во завршниот дел од оваа глава, авторот ја потенцира важноста од реализирањето на истражувањето, имајќи предвид дека во нашите простори се присутни мал број на истражувања од ваков карактер.

Првата глава содржи две подглави. Во првата подглава, "Согледувања по однос на биомеханичкиот статус на основните моторни вештини", се наведени досегашните и актуелните сознанија од истражувањата за биомеханичкиот статус на моторните манифестации, како и истражувањата за биомеханичкиот статус на основните моторни вештини. Во втората подглава, "Согледувања по однос на развојот на основните моторни вештини", авторот ги истакнува теоретските приоди во истражувањата на моторниот развој, со посебен акцент на еколошкиот приод и неговите концепти кој е инкорпориран во овој труд, сметајќи дека тој најдобро го опишува и го објаснува нивото на развој (владеење) на основните моторни вештини. Исто така, во оваа подглава се наведени и различните методолошки приоди преку кои може да се утврди нивото на развој (владеење) на основните моторни вештини.

Во втората глава, "Дефинирање на термини и поими", се презентирани основните термини и поими за приодот користен при проценката на нивото на развој на основните моторни вештини, како и соодветните математичко-статистички постапки и алгоритми за добивање на резултати преку кои се утврдува нивото на развој, со што се овозможува нивно јасно поимно разграничување.

Третата глава, "Досегашни истражувања", е поделена на две подглави. Во првата подглава, "Истражувања кои се однесуваат на биомеханичкиот статус на основните моторни вештини и истражувања кои имаат сличен методолошки приод", направен е кус осврт на 41 истражување, кои имаат посредна или непосредна поврзаност со истражувањето, односно со биомеханичкиот статус на основните моторни вештини. Во втората подглава, "Истражувања кои се однесуваат на нивото на нивото на развој на основните моторни вештини и истражувања кои имаат сличен методолошки приод", авторот направил осврт на 13 актуелни истражувања кои се однесуваат на проценката на нивото на развој кај оваа група на вештини, како и нивната релација со другите сегменти од антрополошкиот статус на човекот.

Четвртата глава е со наслов "Предмет, цел и задачи на истражувањето". Предметот на истражувањето ги опфаќа основните моторни вештини застапени во курикулумите по физичко и здравствено образование во предучилишната и одделенската настава од прво до четврто оддление. Основната цел на истражувањето авторот ја дефинирал со утврдувањето на биомеханичкиот статус и нивото на развој (владеење) на основните моторни вештини кај деца на возраст од 7 до 10 години. Исто така, наведени се и задачите што се однесуваат на утврдувањето на биомеханичките карактеристики, биомеханичката сличност, оптималните патишта на обука, силата на биомеханичка поврзаност, биомеханичката хомогеност на двете групи на вештини поединечно, но и земени во целина, како и утврдување на нивната биомеханичка структура. Задачите кои го опфаќаат нивото на развој на основните моторни вештини се однесуваат на утврдување на застапеноста, односно тежината на критериуми на изведба, утврдување на разликите во нивото на развој (владеење) кај моторните вештини и факторската структура на моторните вештини третирани како целина.

Во петтата глава, "Хипотези на истражувањето", авторот поставил две групи на хипотези. Првата група содржи две хипотези кои се однесуваат на биомеханичката структура на вештините анализирани со ординални варијабли и факторската структура на основните моторни вештини анализирани со дискретни-рацио варијабли. Втората група вклучува три хипотези кои се однесуваат на развојот на овие вештини преку утврдување на разлики кај испитуваните групи испитаници.

Шестата глава, "Метод на истражувањето", ја сочинуваат шест подглави и шест потподглави. Во подглавата 6.1., авторот преку слики го прикажал примерокот на основните моторни вештини од локомоторен вид и манипулативен вид. Во локомоторните вештини влегуваат: трчање, галопирање, галопирање во страна, потскокнување со една нога, прескокнување и хоризонтален скок, а во групата од манипулативни вештини: фаќање на топка, фрлање на топче над рамо, тркалање на топче, водење на топка со рака во место, фохенд удар, шут на топка од под. Во подглавата 6.2. ,наведен е примерокот на испитаници кој вклучува 137 деца на возраст од 7 до 10 години, чии изведби биле снимени за време на часовите по физичко и здравствено образование.

Примерокот на тестови (обрасци) за сите 12 основни моторни вештини кои ги вклучуваат и критериумите на изведба е даден во подглавата 6.3.

Во подглавата 6.4. ,авторот дава опис на техниката и условите за снимање на вештините. Притоа, тој го наведува протоколот за снимање, односно важноста од ортогоналната поставеност на двете камери, нивната синхронизација, како и неопходните технички и материјални средства.

Примерокот на биомеханички варијабли кај сите вештини се дефинирани со ординални варијабли кои се добиени според

биомеханичките карактеристики на движењата со примена на методот на квалитативна биомеханичка анализа и се опишани во подглавата 6.5.

Биомеханичките методи и обработката на податоците се наведени во подглава 6.6. Авторот истакнува дека за утврдување на биомеханичкиот статус, применети се математичкостатистички постапки опишани во алгоритмите: Алпроби, Алпробила и Алпробигруп. За утврдување на разликите во нивото на развој (владеење) на вештините помеѓу групите на испитаници применети се параметриска универијантна анализа на варијансата (АНОВА) и непараметриска универијантна анализа на варијансата, односно Kruskall-Wallis тестот. Утврдувањето на факторската структура на основните моторвни вештини дефинирани со ординални варијабли, како и со дискретни рациоварijабли е извршена со примена на методата на главни компоненти.

Во седмата глава, "Резултати и дискусија", тие се прикажани во две подглави и десет потподглави. Во првата подглава 7.1. ,авторот ги претставува добиените резултати од извршените анализи и обработката на податоците преку кои се утврдува биомеханичиот статус на локомоторните и манипулативните вештини одделно, но и двете групи третирани како една целина. Исто така, авторот дава јасна и прецизна дискусија на добиените резултати прикажани во табели каде што се наоѓаат информациите за биомеханичките аспекти на основните моторни вештини, преку кои се извлекуваат насоки за прифаќање или одбивање на поставените хипотези.

Втората подглава 7.2. ги инкорпорира резултатите и соодветната дискусија по однос на нивото на развој (владеење) на основните моторни вештини. Најпрво се прикажани основните дескриптивни параметри, а потоа и резултатите од утврдувањето на разлики помеѓу испитуваните групи на испитаници. За поголема прегледност прикажани се и графикони, вклучувајќи полигон на фреквенции преку кои се воочува растечкиот или опаѓачкиот тренд на анализираните показатели. Дискусијата е прецизна и

конкретно базирана во однос на добиените резултати за сите 12 основни моторни вештини одделно.

Во осмата глава, "Теоретско и практично значење на истражувањето", наведена е можноста од соодветна примена на добиените резултати во повеќе насоки, и тоа: адекватно планирање и програмирање и рационализација на програмските содржини по физичко и здравствено образование во чии рамки се застапени основните моторни вештини, увид во квалитетот на реализацијата на наставата, како и проценка на адекватноста на програмските содржини кои се реализираат, детектирање на оние моторни вештини, односно критериуми кои се потешки за изведба, а врз основа на тоа формирање на соодветен програмски и методски пристап во реализирањето на наставата и споредба на добиените резултати од нивото на развој со испитаници од различни средини од иста возраст.

Авторот во деветтата глава, "Заклучок", на девет страници ги наведува 56те заклучоци кои се однесуваат на претходно добиените резултати и нивната дискусија, во однос на биомеханичкиот статус на локомоторните, манипулативните вештини одделно, но и третирани како една целина. Сублимирано се прикажани добиените резултати за најголемата и најмалата биомеханичка сличност помеѓу анализираните вештини, нормираните мерки на биомеханичка сличност, силата на биомеханичка поврзаност, најоптималните патишта за усовршување на вештините и факторите преку кои е прикажана факторската структура на вештините дефинирани со ординални варијабли. Заклучоците во однос на нивото на развој (владеење) на основните моторни вештини ги вклучуваат информациите за разликите по однос на добините резултати од просечниот скор кај секоја од вештините одделно, како и разликите од резултати на просечниот вкупен скор кај секоја од двете групи на вештини одделно, растечкиот или опаѓачкиот тренд на показателите и факторите кои ја

претставуваат факторската структура на вештините дефинирани со дискретни рациоваријабли.

Како краен заклучок, авторот наведува дека можните причини за ниското ниво на развој (владеење) на основните моторни вештини би можеле да се бараат во доминантното влијание на ограничувањата кои доаѓаат од околината, поставувајќи две прашања кои се однесуваат на адекватноста на наставниот план и програма за децата на оваа возраст, соодветниот број на часови, условите и квалитетот на реализацијата на наставата по физичко и здравствено образование.

На крај, авторот дава 86 библиографски единици кои се непосредно поврзани со предметот и целта на истражувањето и кои даваат правилна ориентација и квалитетна реализација на истражувањето.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација „Биомеханички статус и нивото на развој на основните моторни вештини кај деца од 7 до 10 години", од кандидатот м-р Александар Ацески, е самостоен научен труд, во кој преку добиените резултати на адекватен начин е одговорено на поставените цели и хипотези и кој според применетата методологија дава значаен придонес во кинезиологијата, со што авторот ја потврдил својата способност за научна работа.

Комисијата, ценејќи ги наодите во докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Ацески, му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на кандидатот и да му овозможи нејзина јавна одбрана.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Роберт Христовски, редовен професор, претседател, с.р.

Проф. д-р Александар Туфекчиевски, редовен професор, ментор, с.р.

Проф. д-р Илија Клинчаров, редовен професор член, с.р.

Проф. д-р Јован Јовановски, редовен професор член, с.р.

Проф. д-р Вујица Живковиќ, редовен професор член, с.р.

Март, 2013 година

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ ЗВАЊА НА КАТЕДРАТА ЗА ПСИХИЈАТРИЈА И МЕДИЦИНСКА ПСИХОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), а во врска со членовите 42, 46 и 48 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 173/2011), Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата XV редовна седница одржана на 20.12.2012 година, и со решение од Деканатот на Медицинскиот факултет на 24.12.2012, за избор на два наставника во сите звања по предметите психијатрија и медицинска психологија, ја формираше Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Весна Пејоска Геразова, проф. д-р Антони Новотни, проф. д-р Марија Ралева, проф. д-р Викторија Вујовиќ и доц. д-р Бранислав Стефановски.

На конкурсот објавен во весникот, „Утрински" од 24.11.2012 година, се пријавија кандидатите ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска, ас. д-р Лилјана Игњатова, ас. д-р Виктор Исјановски, ас. д-р Розе Крстевска, д-р Ненси Манушева, д-р Мира Полазаревска и ас. д-р Кадри Хацихамза. По разгледувањето на доставените документи и врз основа на познавањето на кандидатите, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Ас. д-р Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска

Биографски податоци

Д-р Славица Арсова е родена на 20.11.1967 година во Скопје, каде што ги завршила основното и средното образование со одличен успех. На Медицинскиот факултет во Скопје се запишала во 1985 година и го завршила во февруари 1991 година со среден успех 9,1. Во 1994 година ја започнала специјализацијата по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје. Специјалистичкиот испит го положила во декември 1998 година. Во периодот од 1995 до 2002 година била вработена во АД за осигурување „Вардар Скопје", а од 2002 година е вработена на Клиниката за психијатрија - ЈЗО Клинички центар - Скопје.

Стручна активност

Активно учествува во секојдневната стручна работа во дневната болница на Клиниката, на работното место раководител на отсекот за невротски растројства, во дијагностицирањето и лекувањето на пациентите.

Нејзината стручна активност опфаќа едукативни семинари од областа на психодрамата. Вклучена е во терапевтските работилници за третман на психотични растројства. Учествувала во проектот за психосоцијална поддршка на раселените лица во текот на воената криза во РМ во 2001 година и третман

на посттрауматски стрес-синдром кај учесниците во воените дејствија во 2002 година. Учествувала во семинари од програмата за здравство во Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ (ЕСЕ). Во 2008 година се стекнала со диплома за менаџмент во здравството.
Од 2002 година член е во Комисијата за оцена на инвалидитет во АД „Триглав" Скопје.
Од 2008 година, член е на Издавачкиот совет во списанието „Македонски медицински преглед".
Во текот на 2008 година учествувала како предавач во проектот „Трансформација на Специјалниот завод Демир Капија", во фондацијата Институт отворено општетство-Македонија.
Во текот на 2010 година активно учествувала во проектот „Ла страда програма" во склоп на здружението „Женско лоби и акција против насилство и трговија со жени" - Отворена порта при Министерството за правда на РМ.
Во текот на 2012 година, член е на Комисијата за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност при Министерството за труд и социјална политика на РМ.
Во 2011 година се стекнала со лиценца за вештачење од областа на психијатријата.
Член е во повеќе комисии во склоп на Клиниката за психијатрија.
Активно учествувала како во повеќе психијатриски секции и средби.
Учествувала во стручната редакција на Учебници по психијатрија Каплан&Схадок XVII.

Научна активност
Со научноистражувачка дејност се занимава од студентските денови. Како автор и коавтор учествувала на повеќе конгреси и симпозиуми во земјата и во странство. На постдипломски студии по психијатрија се запишала во 1995 година и ги положила сите испити со просечна оценка 10, 00.
Автор и коавтор е на повеќе трудови објавени во зборници и списанија.
На 3.3.2008 година го одбранила својот магистерски труд со наслов „Сексуални дисфункции кај некои психијатриски растројства".
На ден 20.1.2012 година ја одбранила својата докторска дисертација „Квалитет на живот кај пациенти со Шизофренија".

Наставна дејност
На 30 март 2005 била избрана за помлад асистент по предметот психијатрија на Медицинскиот факултет и активно е вклучена во едукативната работа со студенти и специјализанти, а во април 2008 избрана била за редовен асистент по предметот психијатрија и медицинска психологија. Во текот на 2011 година реизбрана е за асистент по предметот психијатрија и медицинска психологија.
Во текот на овој период, активно е вклучена во едукацијата на студентите по медицина, но и на студентите од високите школи за медицински сестри, физиотерапевти, логопеди и ренген-технолози.

Рецензирани трудови: трудовите се рецензирани во билтените на УКИМ, и тоа: Билтен бр.867/2005 (рецензирани се 15 труда), Билтен бр. 941/2008, (рецензирани се 10 труда), за избор за асистент и Билтен бр.1003/2011 (рецензирани се 19 труда), за реизбор во звањето асистент.

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Славица Арсова Хаџи-Анѓелковска

Институција: Медицински факултет, Скопје, ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
2.	**Учество во активности на Катедрата за психијатрија со медицинска психологија во период од 8 години (2005-2012)**	56
	Настава во стручни работилници (водител) **Работилници со специјализанти на Клиниката за психијатрија 1x10** 1. Психијатриско интервју, психијатриска анамнеза и психички статус, 2002 h 2 2. Сексуални дисфункции кај пациенти со шизофрени растројства, март 2008 3. Сексуални дисфункции кај пациенти со афективни растројства, април 2008 4. Сексуални дисфункции кај пациенти со невротски растројства, април 2008 5. Психосоциотераписки интервенции кај пациенти со шизофрени растројства, март 2012 6. Психосоциотераписки интервенции кај пациенти со афективни растројства, мај 2012 7. Психосоциотераписки интервенции кај пациенти со невротски растројства, мај 2012 8. Едукативни ндивидуланите и групни активности со специјализанти во дневна болница 2005 x 2	10
	Вкупно	66

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Учесник во национален научен проект** Учесник во проектот „Трансформација на Специјален завод Демир Капија“ при Фондацијата Институт отворено општество - Македонија при Министерството за труд и социјална политика на РМ Учесник во проектот „Ла Страда програма“, во рамките на Министерството за правда на РМ како давател на психијатриска помош на жртви од трговија со луѓе во просториите на Здружението	6

	„Отворена порта“ во тек на 2010 година.	
2.	**Учесник во меѓународен научен проект** Учесник во проектот на 7. Рамковна програма на Европската комисија (FP7 European commission project – FP7-HEALTH-2007-B-Project number 223423).	5
3.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание:**	**37, 2**
	1. Сида -ничија вина, сечија грижа Вујовиќ В..Геразова В., **Арсова С.** II конгрес на инфектолозите на Македонија, Охрид, 2003, Македонски медицински преглед.53, стр.193, Скопје, 2003	3, 2
	2. Психосоцијално функционирање на пациентите со шизофренија третирани со рисперидон **С. Арсова Хаџи-Анѓелковска**, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, К.Хаџи-Хамза, В.Пејоска-Геразова	2, 4
	3. Сексуално функционирање во склоп на квалитетот на живот кај мажи со шизофрени растројства **С. Арсова Хаџи-Анѓелковска**, В. Геразова, А. Новотни, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, В.Вујовиќ, Е.Цветковска,	2, 4
	4. Сексуални дисфункции кај депресивните растројства **С.Арсова**, А.Новотни, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, З.Бабинкостова, Љ.Алексовска, А.Филипче Acta Morphologica 5(1)2008	2, 4
	5. Квалитет на живот кај пациенти третирани со рисперидон со продолжено дејство **С. Арсова Хаџи-Анѓелковска**, В. Геразова, А. Новотни, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, , Б.Гагачовска	2, 4
	6. Psychosocial functioning as quality of life in patients with schizophrenia on day hospital treatment **С.Хаџи-Анѓелковска** PhysioactaVol.4-Но1, 2010	4
	7. Личното и социјално функционирање кај пациентите со шизофренија во однос на изразеноста на депресивната и негативната шизофрена симптоматологија **С.Арсова**, В.Геразова, Б.Стефановски, В.Исијановски	2, 4
	8. Миграцијата и местото на живеење можни ризик фактори за суицид кај заболените од шизофренија В.Исијановски, **С.Арсова Хаџи-Анѓелковска** PhysioactaVol.4-Но2, 2010	3, 6
	9. Алтернативи на валпроичната киселина кај јувенилната миоклонусна епилепсија Цветковска Е., Кузмановски И., Чепреганова-Чанговска Т., Арсова **Хахи-Анѓелковска С.**	2, 4
	10. Грижата за себе кај пациентите со шизофренија како еден елемент од квалитетот на нивниот живот **С.Арсова Хаџи-Анѓелковска** „ЕПИЛЕПСИЈА“ декември 2010, 38-46	

	10. Грижата за себе кај пациентите со шизофренија како еден елемент од квалитетот на нивниот живот **С.Арсова Хаџи-Анѓелковска** „ЕПИЛЕПСИЈА“ декември 2010, 38-46	4
	Докторска дисертација со наслов „Квалитет на живот кај пациенти со шизофренија“	4
	Магистерски труд со наслов „Сексуални дисфункции кај некои психијатриски растројства“	4
4.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** 1. Personal and social functioning in patients with schizophrenia **С.Арсова**, В.Пејоска, А.Новотни, В.Исијановски Прилози XXXI (2), 2010 2. Депресивни симптоми кај пациенти со шизофренија Зоја Бабинкостова, Бранислав Стефановски, **Славица Арсова** MEDICUS vol. XIII(1) 2010, 126-131 3. Сексуални дисфункции кај мажите со невротски растројства **С.Арсова**, В.Геразова, В.Вујовиќ, Ѓ.Хаџи-Анѓелковски, К.Хацихамза MEDICUS vol. IX nr.1 2008 4. Влијание на дисфункционален семеен систем врз суицидалното однесување на младите В.Геразова, В.Вујовиќ, **С.Арсова**, К.Хацихамза MEDICUS vol. IX nr.1 2008 5. Analysis of presence of professional stress at health workers K.Haxhihamza, A.Naumovska, **S.Arsova**, V.Gerazova, L.Shehu, N.Durmishi, M.Iseini MEDICUS vol.IX nr.1 2008	19, 2 3, 6 4, 8 3, 6 3, 6 3, 6
5.	**Пленарно предавање на научен/стручен собир:** пленарно предавање на тема „Ерекција и еректилна дисфункција“, во рамките на Психијатриската средба Скопје-Ниш-Софија, 18.6.2010 година.	2
6.	**Секциско предавање на научно/стручен собир:** предавање на тема „Колазпин кај хронични психотични растројства“, во рамките на стручниот состанок на Психијатриската секција, 23.12.2011 година.	1
7.	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
